ИЗДАНИЈА НА АРХЕОЛОШКИОТ МУЗЕЈ — СКОПЈЕ
PUBLICATIONS DU MUSEE ARCHEOLOGIQUE — SKOPJE
КНИГА III TOME

# ЗБОРНИК

(1959 — 1960)

## RECUEIL DES TRAVAUX

СКОПЈЕ — 1961 — SKOPJE

РЕДАКЦИОНЕН ОДБОР
Д-р БЛАГА АЛЕКСОВА
ВИКТОРИЈА СОКОЛОВСКА
ПЕТАР МИЉКОВИЌ
АПОСТОЛ КЕРАМИТЧИЕВ
САРЖО САРЖОСКИ
Јазичен редактор ЕФТИМ МАНЕВ

## СОДРЖИНА — TABLES DES MATIÈRES


| | | Страна-Page |
|---|---|---|
| Д-р Х. Андоновски-Пољански | Прилози за Археолошките знаменитости во Македонија. | |
| D-r. H. Andonovski — Poljanski | Contributions to the archeological Treasures in Macedonia . . . . . . . | 1 |
| В. Соколовска и Н. Шуковиќ | Најнови наоди од Скупи. | |
| V. Sokolovska and N. Šuković | The most neufindes in Scupi . . . . | 27 |
| А. Керамитчиев | Новооткриени споменици од село Браилово — Прилепско. | |
| A. Keramitčiev | Les nouvelles monuments funeraires du village Brailovo pres de Prilep . . | 45 |
| А. Керамитчиев | Едно депо на рановизантиски монети од село Селце — Прилепско. | |
| A. Keramitčiev | Un grand depos des monnaies du commencement de L'epoque Byzantine trouve a Seltzear, de Prilep . . . | 53 |
| Д. Коцо, Б. Д-р. Алексова, Д-р. К. Петров П. Миљковиќ, И. Јанковиќ. | Извештај за ископувањата во Стоби во текот на 1955 година. | |
| D. Koco, D-r. B. Aleksova. D-r. K. Petrov, P. Miljković, I. Janković | Rapport sur les fouilles faites à Stobi en 1955 . . . . . . . . . . . | 69 |
| Д-р. Мирјана Чоровиќ-Љубиновиќ: | Средновековен накит од Прилеп и Маркова варош во Народниот музеј во Белград. | |
| D-r. Mirjana Čorović — Ljubinković | Quelques exemples de Paruremedievale de Prilep et Markova Varoš . . . | 77 |
| Д-р Блага Алексова | Еден нов тип на обетки во археолошките народи во Македонија. . . . | 91 |
| П. Миљковиќ-Пепек | Материјали за историјата на средновековното сликарство во Македонија. II. | |
| P. Miljković - Pepek | II. Materiaux sur L'art Macedonien du moyen'age . . . . . . . . . . . | 99 |
| А. Керамитчиев: | Белешки од рекогносцирањето во Струмичкиот базен и по долината на Вардар. . . . . . . . . . . . | 111 |
| А. Керамитчиев | Поединечни и колективни наоди на монети во 1957 год. . . . . . . . | 119 |

# ПРИЛОЗИ ЗА АРХЕОЛОШКИТЕ ЗНАМЕНИТОСТИ ВО МАКЕДОНИЈА

## (Неколку извештаи на британските дипломатски претставници од XIX век)

**Х. Андоновски — Пољански — Филозовски факултет — Скопје**

За време на мојата иследувачка работа во лондонските архиви и библиотеки, поспецијално во: „Public Record Office" и „British Museum", во текот на 1958/59 година, наидов и на архивски материјал што се однесува до археолошките знаменитости на Македонија. Појдувајќи од важноста на овој материјал, сметам за своја должност нив да ги објавам во ова дело како еден мал прилог кон историјата на археологијата на Македонија. Приложениот архивски материјал предимно содржи извештаи на британските дипломатски претставници во Македонија од 1842, 1868 и 1878/79 година. Во нив се изложуваат интересни детали за пронајдените археолошки знаменитости. Во уводот на делото овие извештаи ги анализираме во општи црти, со акцентирање на досегашната критичка обработка на пронајдоците. Во прилозите ги објавуваме архивските извештаи во оригинал, а во табелите и факсимилите е приложен фотографиран материјалот кој се наоѓаше во споменатите извештаи. Како додаток, во прилог објавуваме неколку исписи од една оксфордска колекција (1874) за археолошките знаменитости на Македонија.

Слободен сум и на ова место да им се заблагодарам на управите на Public Record Office и Britich Museum, кои ми овозможија да се доберам до документацијата што ме интересираше.

## 1.

Првите два извештаи од приложениот материјал (види: прилог Ia, Iб) се однесуваат до саркофагот на Poppius Cimbrus, откриен во 1837 година во Солун. Постоењето на овој саркофаг првин го одбележал C. Zachariae (Reise in dem Orient. Heidelberg 1840).[1]) Пронајдувањето на саркофагот предизвикало интересирање и кај другите испитувачи, било тоа да биле археолози или патеписци. Археолошките пронајдувања во Македонија живо ги следеле и дипломатските претставници на западно-евроските држави.

Тоа било резултат на влијанијата што западноевропските држави ги имале во Отоманската Империја, создадени уште од времето на капитулациите. На странските иследувачи со специјални фермани издавани од султаните, им било овозможено слободно да вршат ископувања и ископаниот материјал или да го откупуваат или напросто да го пренесуваат во својата земја. Оваа привилегија ја уживале и дипломатските претставници, особено конзулите, кои и ја имале оваа задача во својата секојдневна активност. Оттука и резултира нивното интересирање за археолошките знаменитости во Македонија, во кое особено предначеле и биле особено агилни британските дипломатски претставници.

Интересирањето на британските претставници, особено на конзулот во

---

1) Μ. Γ. ΔΗΜΙΤΣΑ, Η ΜΑΚΕΔΟΝΙΑ. ΑΘΗΝΗΣΙΝ 1896, I, 416, 479

Солун Ch. Blunt, најпрвин го забележуваме за споменатиот пронајдок на саркофагот на Poppius Cimbrus. За ова тој го известил британскиот амбасадор во Цариград Sir Stratford Canning со писмо бр. 10 од 13 јули 1842 година. Во него Blunt му изложил во општи црти податоци за пронајдокот, соопштувајќи дека тој бил откупен од францускиот конзул во градот и дека чекал на експедирање 2. За истово, но со повеќе детали, Blunt го известил и секретарот за надворешни работи The Earl of Averdeen со писмо бр. 13 од 4 август 1842 година. Во ова писмо Blunt соопштува и за различните мислења што постоеле во однос на вредноста и потеклото на саркофагот.[3])

По пренесувањето на саркофагот во Париз, му било одново обрнато внимание. Така, Frohner W, го објавил неговиот натпис (Les Inscriptions Grecques du Louvre, Paris 1880, No 243),[4]) а на неговиот опис се задржал и C. Clarac (Musee de Sculpture, 1891).[5]) Во 1896 година подробности за саркофагот со потенцирање на неговиот натпис објавил М. Г. ΔΗΜΙΤΣΑ[6])

Во приложениве извештаи на Blunt (види прилози Iа, Iб) се изнесуваат некои автетични податоци, токму во врска со пронајдувањето на саркофагот, неговиот опис и детали околу обидите за пренесување во Франција.[6a]) Во извештаите натписот на саркофагот не е споменат. Освен тоа кратко се говори и за два помали саркофази што влегувале во склопот на пронајдокот. Подробностите што се изложуваат придонесуваат за извесно расветлување на податоците околу овој пронајдок. Освен тоа тие сведочат за интересирањето што го предизвикало пронајдувањето на овој споменик.

2.

Меѓу археолошките знаменитости пронајдени во Македонија во текот на втората половина на XIX век, секако најголемо внимание привлекува пронајдувањето на скапоцената бронзена статуетка на Херкулес. Таа била пронајдена од еден селанец при крајот на ноември 1862 година во Leknat, во околијата на Nasselitza, која спаѓала во санџакот на Костур. За овој пронајдок се заинтересирале и турските официјални власти. Првин за тоа пројавил интересирање кај макаминот на Костур, кој го зел пронајдокот од селанецот и му го испратил на мутесарифот во Битола Шефик-беј. Последниов ја испратил статуетката на Царскиот музеј за старини во Цариград.[7])

Пронајдувањето на статуетката на Херкулеса ги заинтересирало и конзулите во Битола. Особено за тоа пројавил интересирање британскиот конзул во овој град (Sh. Clvert). Овој конзул на служба во Битола се наоѓал од 25 февруари 1860 година.[8]) Покрај задачата што ја имал, да ја следи политичката ситуација во градот и во околијата, тој се интересирал и за археолошките знаменитости на градот и околијата. Колку е ова точно, сведочи и искажувањето на L. Heuzey и на H. Daumet, кои при посетата на Битола во 1861 година биле изненадени од таа негова пасија и од наодите што ги чувал во својата резиденција,[9]) Статуетката на Херкулес го заинтересирала Калверта уште повеќе. За да се запознае со неа подетално тој се обрнал до споменатиот битолски музесариф и му побарал да добие снимки од наодот. Мутесарифот позитивно се одзвал на неговата молба и Калверт направил 4 различни снимки

---

2) Public Record Office-Foreign, Office 78/490. Turkey. Consuls at-Salonica, Blunt. January to December 1842.

3) Ibidem.

4) М. Г. ΔΗΜΙΤΣΑ. Op. cit. I, 479.

5) Ibidem.

6) Ibidem.

6а) М. Г. ΔΗΜΙΤΣΑ Op. cit. I 420 — 421 соопштува дека Texier го пренел саркофагот во Париз 1844 година, а не 1842 година, како за тоа алудира Блунт. (Спореди — Прилози I б.).

7) British Museum. Original Letters and Papers. Vol. XCIII. Jan. March 1868 (I 3582).

8) The Foreign Office List, London, March 1868, p. 68.

9) L. Heyzey — H. Daumet, Mission Archéologique de Macédoine. Paris 1876, p. 305.

на Херкулеса во разни пози и две снимки на неговата биста, фронтално и во профил. Покрај ова, Калверт направил снимки и на два натписа на кои извршил и транскрибирање. Сиот овој материјал, со придружно писмо во кое го опишал приложеното тој ги испратил до своите претпоставени во Лондон за да му бидат предадени на Британскиот музеј. Со писмо од 8 јануари 1868 година Калверт за тоа го известил E. Hammond, потсекретар за надворешни работи.[10]) Од своја страна, претставникот на Форењ Офис за културни прашања J. Murray, со писмо од 5 февруари 1868 година, го упатил сиот материјал добиен од Калверта до Британскиот музеј.[11])

Сиот горе споменат материјал во прилична мера го документира прашањето за пронајдувањето статуетката на Херкулес. Во него Калверт предимно соопштувал низа подробности околу состојбата на Херкулес непосредно по самото пронајдување. Особено тој подвлекува дека Херкулес не држел боздоган (или тојага), како што тоа било вообичаено. Калверт сметал дека тоа било изгубено. Тој изнел и други поситни детали, кои секако се од важност, бидејќи содржат доста илустративни податоци за Херкулеса, пред да биде пренесен во Цариград.[12])

Во цариградскиот музеј статуетката на Херкулес била препарирана. Наместо „изгубениот" боздоган (или тојага), бил поставен нов. Опис на овој раставриран Херкулес првин објавил во 1877 година Klugmann[13]), а неговата фотографија била објавена во Moiumenti[14]). Некои податоци за овој Херкулес објавил и S. Reinach во својот „Каталог" (No 596) од 1882 година. Тој сметал дека авторот на ваквиот тип Херкулес бил Lizip и дека наодот бил пронајден во местото Gueuridjeh, во Епир.[15]) Поопстојно ова прашање го разработил L. Heuzey, кој ги проучил претпоставките за местото на наоѓалиштето на Херкулес. Тој сметал дека местото на наодот мора да е некаде во Македонија, базирајќи се врз разговорот што го имал со Калверт при својата неколку кратна посета на Македонија. Тој, при ова, го споменува мислењето на Калверт дека наодот бил најден во Лекнат (кај Heuzey-Leknout) во Македонија, а не во Епир, како што мислеле некои.[16]) Некои други детали повеќе за статуетката на Херкулес Heuzey не изнесува, кое наведува на мислење дека тој фактички од Калверта не добил опстојни податоци. Кон своите објаснувања тој објавил и фотографија на реставрираниот Херкулес.[17]) За овој пронајдок пишувал во 1899 година и F. Durrbach, кој сметал дека овој Херкулес бил пронајден во Македонија.[18])

Сето погоре изнесено јасно сведочи за нејасностите што постоеле околу скапоцената фигура на Херкулса. Меѓутоа, со приложениот материјал на Калверта (види Прилози IIa, IIб, IIц) нејасноста до извесна мера се отстранува, се дава ново расветлување на ова прашање. Пред сé, дефинитивно се определува локацијата на пронајдувањето и се изложува опис на првобитниот изглед на Херкулеса. Освен тоа, и со приложените снимки на Калверта од 1867 година види табели 2, 3, 5) јасно се добива увид во првобитниот изглед на Херкулеса. Со паралелата на овие снимки со оние по реставрацијата, во случајов слободни сме да ја приложиме снимката објавена кај Heuzey од 1884 година (види табела 4), јасно се гледаат разликите помеѓу првобитниот и реставрираниот Херкулес.

Покрај споменатиот материјал за Херкулеса, Калверт испратил до Британскиот музеј и копии на два натписа

---

10) P.R.O. — F.O. 78/2047. Turkey. Consuls at-Monastir. January to December 1868.

11) B. M. — Original Letters and Papers. Vol. XCIII. Ja. March 1868 (I 3582).

12) Ibidem.

13) Annalli, vol. XLIX (1877), p. 290.

14) Monumenti, vol. X, pl. 38.

15) S. Reinach, Catalogue du Musée Imperial d'Antiquités. Constantinople 1882, p. 63—64

16) L. Heuzey, Trois Monuments attribués a la Grèce du Nord. Bulletin Correspondence Hellenique VIII (1884), pp. 342—343.

17) L. Heuzey, Op. Cit. Pl. XII.

18) F. Dürrbach, Hercules. — Daremberg Ch., — Edm. Saglio, Dictionnaire des Antiquitès. Grecques et Romaines, Paris 1899, vol. III/I, pp. 121—122.

со објаснување изнесени во извештајот. Овие натписи се од значење бидејќи во нив се содржи зборот „Politarh". Натписот во кој „Politarh" се среќава во супстантивна форма бил пронајден во Чепигово, пренесен во Битола во 1862 година, како сопственост на тамошниот митрополит. Калверт и за ова пријавил интересирање, соработувајќи за тоа со англискиот мисионер C. G. Curtis, кјо направил копие за натписот и го испратил до Британскиот музеј.[19]) Покрај нив, за овој пронајдок биле заинтересирани и други археолози и патеписци M. Г. ΔΗΜΙΤΣΑ дава осврт на испитувачите на овој споменик, во кој, меѓутоа не ги опфатил англиските.[20]) Натписот што го испратил Curtis до Британскиот музеј го обработил и публикувал W.S.W. Vauh во 1866 година.[21]) За овој пронајдок била заинтересирана и англиската јавност, со една статија што била објавена во 1866 година во еден секидневник.[22]) Транскрипција на натписот Калверт повторно приложил направена во август 1867 година и тоа во споменатиот материјал (види Табели 6 и 7). Ако се спореди оваа транскрипција со онаа направена од M. Г. ΔΗΜΙΤΣΑ (No 258)[23]) се забележуваат извесни нееднаквости и разлики во транскрибирањето.

Освен за споменатиот натпис, Калверт известува и за втор краток натпис, каде „Poltarh" се среќава во вербална форма. И овој натпис бил пронајден во Чепигово. Кон овој натпис Калверт приложил и своја транскрипција направена во октомври 1867 година која ја приложуваме онака како е најдена во неговите материјали,[24]) види табела 8). Ако транскрипцијата на Калверта се спореди со транскрипцијата на истиот натпис кај M. Г. ΔΗΜΙΤΣΑ (No 260)[25]) се забележуваат осетни разлики.

3.

При крајот на 1878 година меѓу археолозите и јавноста предизвикало интересирање пронајдувањето во Солун на еден римски саркофаг. За ова се заинтересирал и тогашниот британски конзул во Солун Edward B. Barker. Со писмо No. 106 од 21 декември 1878 година, тој го известил за тоа британскиот амбасадор во Цариград sir Henry Layard. На последниов, Баркер му испратил уште еден извештај за истово прашање, и тоа со повеќе подробности. Од своја страна, за овој пронајдок амбосадорот го известил секретарот за надворешни работи Marquise Sollisbury, со писмо №. 49 од 13 јануари 1879 година, молејќи за тој пронајдок да биде известен Британскиот музеј.[26]) Во својот извештај (види прилози III a, III б) Баркер дал еден приличен опис на саркофагот, а на крајот приложил и транскрипција на натписот, кој се наоѓал под фигурите на саркофагот. Споредувајќи ја оваа транскрипција, со истата што ја направил на овој натпис M. Г. ΔΑΜΙΤΣΑ (No. 427)[27]), забележуваме низа разлики. Од тие причини транскрипцијата на Баркер со факсимил на извештајот ја приложуваме (види факсимали 9, 10), со цел да се добие поправилен увид во оточнувањето на разликите.

4

За да добие една целосна опфатност прашањето за интересирањето во Велика Британија во XIX век за археолошките знаменитости во Македонија

---

19) B. M. — Original Letters and Papers. Vol. XCIII. Jan. March 1868 (I. 3582).

20) M .Г. ΔΗΜΙΤΣΑ Op. cit I, 294 — 295

21) Vaux W. S., On a Greek Inscription from Saloniki (Thessalonika). — Transactions of the Royal Society of Literature of the United Kingdom. London. Second Series vol. VIII (1866), pp. 529—532.

22) Newton C. T., Hicks E. L. (Ed.), The Collection of Ancient Greek Inscription in the British Museum. Part I. Attika. Oxford 1874, pp. 32—33 Прилог кон CLXXI).

23) M. Г. ΔΗΜΙΤΣΑ Op. cit. I 293 — 294

24) B. M. — Original Letters and Papers. Vol. XCIII. Jan. March 1868 (I 3582).

25) M. Г. ΔΗΜΙΤΕΑ, Op. cit. I 304.

26) P. R. O. — F. O. 78/2942. Turkey. From H. Layard, 1 to 13 January 1879.

27) M. Г. ΔΗΜΙΤΕΑ, Op. cit. I. 471.

и да се утврди што е пренесено од Македонија во оваа земја до 1874 година, во додаток објавуваме исписи на не толку познатата кај нас колекција на иследувачите C. T. Newton и E. L. Hicks. Во оваа колекција се регистрирани некои податоци од разни археолошки пронајдоци со критичен осврт на нивните иследувачи. Некои од овие податоци дополнуваат низа археолошки наоди, за кои и станувашe понапред збор. При ова земавме слобода при изложувањето што се однесува до бистата на Eshin (Додаток CL XXIII) да го дадеме и натписот на изложениот експонат во Британскиот музеј, а исто така и за уште една биста пронајдена во Битола.

Прилозите што ги изнесуваме придонесуваат, со новите податоци што ги содржат, за извесно доизјаснување на прашањето за археолошките пронајдоци во Македонија во извесни години од XIX век. Пред сé, се придонесува за регистрирање на археолошкиот материјал пренесен од Македонија. Потоа, се добива и впечаток за интересирањето што го имале западноевропските дипломатски претставници и нивните влади, поспецијално Велика Британија, за овие богатства на македонската земја. Со други зборови, приложениов материјал е само еден мал прилог кон историјата на археологијата на Македонија.

# ПРИЛОЗИ

Ia.

No 10

Salonica, July 13th 1842.

To
His Excellency
The Right Honourable
Sir Stratford Canning. G. C. B.
Her Majesty's Ambassador
Extraordinary
etc. etc. etc.

Sir,

I have the honour to report to your Excellency that the French Sloop l'Expeditive arrived here on the 8th Ins.t with instructions to remain in the Port for the French Admiral till the 25th Ins.t L'Expeditive has been sent to take the Tomb of Poppius Cimbrus which was discovered in 1837 and purchased by the French Consul a short time since. This sarcophagus is a most splendid piece of sculpture representing in alto relief a battle of the Amazons, and as the lid of the Tomb representing Poppius Cimbrus and his wife Callitiki in a recumbent pesture, is a piece of sculpture far interior to the Sarcophagus, it is supposed that the bodies of this Magistrate (Poppius Cimbrus is represented as holding a papyrus) his wife and son were, as a mark of distinction, buried in this sarcophagus, which must have been the work of some very eminent artist. A small tablet was found near the Tomb giving the names of the parties. Also two small sarcophagi containing the bones of children supposed to have belonged to the same family. This Sarcophagus is from his dimentions 13 feet by 4 feet about five Tons weight...**

I have the honour to be,

Sir

Your Excellency's

Most obedient

Humble Servant

(signed) Cha. Blunt.

** Понатаму краток политички извештај.

Ib.

No 13

Salonica, August 4th 1842

To
The Right Honourable
The Earl of Aberdeen, K. G.
Her Majesty's Principal Secretary of State
etc. etc. etc.

My Lord,

On the 11th of July last I had the Honour to transmit to Your Lordship the Copy of a Dispatch which I had that day written to His Excellency Sir Stratford Canning in which I gave some details respecting the sarcophagus which had been purchased here by the French Consul and for which the French Government has send a vessel of war to trasport it to France. What supported in that Dispatch as to the Value of the Tomb, was founded upon the last information I could obtain and upon the opinions My Lord, of Baron Behr, the Belgian Minister at Constantinople and the Bavarian Savant, Mr Falmerayer, supposed to be judges; but it would now appear, that Mr Texier, who has been purposely sent by the French Government to report upon it has given his decided opinion, that it is not Grecias, but an unfinished piece of Roman sculpture, and that it as hardly work the expressend of transporting to France.

I shall now take the liberty of giving Your Lordship the extrait of a private letter from Mr Borrell of Smyrna who I believe, I may say is a good authority as an antiquary.

»Baron Behr, although he still says that he would willingly give C. 2.000 for this Sarcophagus knows nothing of Antiquitus, and the opinion of Mr Falmerayer who is more of a Phylologist than an Antiquary is of a little value; I am therefore inclined to give preference to the opinion of Mr Texier, who ought to be an authority. Altho' I know many **who doubt if he is**«.

I have taken the liberty of transmitting these further details concerning this Sarcophagus under the impression that they would be interesting to Your Lordship.

The Expeditive will sail in a few days with the Sarcophagus, but I am informed that she will go to Scala Nuova to take some other antiquities, before she returns to France.

I have the Honour to be
My Lord, Your Lordships
Most Obedient
Humble Servant

Cha. Blunt.

(P. R. O. — F. O. 78/490. Turkey. Consuls-at Salonica. Blunt. January to December 1842)

IIa.

Monastir, January 8.1868
The Right Honourable
Edmund Hammond
etc. etc. etc.

Sir,

I beg leave to forward herewith a parcel addressed by me to the Secretary to the British Museum and containing a letter, photographs, and transcripts relating to some recent archaeological discoveries in this part of Macedonia.

I have left the parcel open for inspection by the Foreign Department previous to its transmission to the British Museum.

I have the honour to be,
Sir,
Your most obedient humble servant

Çharles J. Calvert

(P. R. O. — F. O. 78/2047. Turkey. Consuls-at Monastir. Calvert. January to December 1868)

IIb.

C. 22. Feb. 1868
British Museum
P. No 1
1467
6 Feb. 1868

Foreign Office, February 5 1868
The Librarian
British Museum

Sir,

I am directed by Lord Stanley to transmit to you to be laid before the Trustes of the British Museum a packet which has been received under Flying Seal from Her Majesty's Consul at Monastir containing a letter, photographs and transcripts of some recent Archeological discoveries in that Neigbourhood.

I am

Sir

in Your most obedient

Humble servant

James Murray

IIc.

C 22. Feb. 1868
British Museum
P. No. 1467.
6. Feb. 1868

Monastir, January 8 1868

The Secretary of the British Museum

etc. etc. etc.

Sir,

I have the pleasure of announcing the discovery within my Consular District of a beautiful work of ancient art.

It is a bronze statuette, 31 inches in height, representing Hercules in the act of stepping forward, with the skin of the Nemean Lion rolled around the left arm, whils the position of the fingers of the right arm, which is partly extended in advance of the body, shows that they must have originally clapsed the club. The club is missing; and I am sorry to say that the figure arrears to have recently sustained some damage. The right arm has been broken near the shoulder, and the edges of the fragment torm off in such a way as to have left a rugged vacant space between the two parts. On the right side there is a considerable

perforation, partly accounted for by the statement that it was caused by a blow from a ploughshare striking the figure whilst yet concealed under ground. But this accidental injury has been made worse by some rude cutting instrument or other used for the evident purpose of detaching portions of the metal which the ignorant people into whose hands the figure first fell had probably imagined to be gold, or an amalgam containing gold. Two of the paros of the lions' skin and another pendant part of it bear marks of having been broken off at a more remote period. The left arm is also fractured near the shoulder and the parts are apparently held together only by the inner hard mould. In numerous places all over the figure the patina has been cut and scratched.

This statuette was discovered towards the end of November last by a Christian peasant whilst ploughing up a recently abandoned roadway near his field near the village Leknât, in the district of Nasselitsa which forms part of the Sandjak of Kastoria. The position of the town of Nasselitsa is about 40 geographical miles South of, and in the same longitude as Monastir. The finger had already sold his proze to another man for about Two pounds when the Kaimakan of Kastoria on hearing of the discovery put in force the regulations relating to treasure-finding, and took possession of the Hercules, reimbussing the owner for his outlay. It was subsequently sent on by the Kaimakam to his superior the Mutesarrif of Monastir (Shefik Bey), to whose courtesy I am indebted for the favour of allowing me to have it in my house for a few day. I turned the occasion to account by taking the photographic pictures of it, from four different points of view, as well as two of the bust (front and profile) which I beg to inclose herewith.

It will be perceived from the photographs that the right arm is attached to the shoulder. I contrived to replace the fragment in its proper position by means of a tight wooden plug, the empty space between the edges having been roughly filled in with gutta percha.

I should also observe that the eye-balls (in the centre of which cavities have been drilled corresponding in size to the pupils) are not of the same material as the rest of the figure. So far as I could as certain they seem to be composed of some hard white substance like enamel, which may have been inserted in the sockets often the casting of the metal.

This statuette has been sent on to Constantinople to be placed in the Museum in course of formation in that city under the direction of Abdullah Bey (Carl Hammerschmidt)

I venture to believe that there can be no doubt either as to the antiquity of the Hercules I have described, or to the classic beauty of its workmanship.

I likewise beg to send you copies of two Inscriptions, the chief initerest of which consists in the occurrence of the word »Politarch«.

The longer one, in which »Politarch« occurs in the substantive form is in the possession of the present Metropolitan of Pelagonia whose see is in this town. My attention was first called to it, in August last, by the Revd C. G. Curtis, S. P. G. Missionary at Constantinople who was at the time on a visit here. On inquiry we elicited the information that the slab had been discovered at the village of Tchipigovo, 14 or 15 miles north of this town, on the banks of the river »Kintchuk-Kara-Jon«, which after flowing in a Southerly direction through the plain of Monastir turns eastwards and fall into the River Vardar (Axius); and that it had been brought by the peasants of Vassaréitsa (another neighbouring village) to a Church erected in 1862 in the outskirts of this town. The Metropolitan afterwards took possession of it and had it placed in his garden adjoining the Diocesan Church, where Mr Curtis accidentally discovered it.

The slab measures 3 feet 5 inches by 2 feet 7 inches. It has a foot-stalk which probably served to support it in an upright position on a pedestal.

With the exception of two names in the second, one in the fifth, and of a world in the ninth, like (ΤΡΩΝ) the inscription is sufficiently intelligible. As I have reason to believe that Mr Curtis intends to publish own version of this inscription. I feel unwilling to forestall him by her

transcribing the paper he has kindly left with me on the subject.

My several attempt to photograph this incription were all more or less unsuccessful. It was the hope of eventually obtaining a satisfactory one which induced me to postpone writing to you about it; but circumatances have occurred to prevent my renewing the attempt. With this explanation I venture to send you inclosed (imperfect and small as it is) the best one I have. The larger sized M. S. copy will serve to assist in the decyphering of the small photographic copy. It has been carefully collated with the original or the stone, and may therefore be relied upon for correctness.

With respect to the shorter inscription where »Politarh« occurs in the verbal form, I have only to observe that I have not seen the original slab; but that my copy has been transcribed from one made by an amateur native whom I sent to Tchipigovo to collect whatever inscriptions he came across, and who being perfectly ignorant of the interest attached to the word »Politarch« is not likely to have invented it.

There is a gentleman in the Inscription Department of the British Museum (whose name has escaped my memory) who, I hear, published during last year a paper upon the Inscription in the Vardar Gate at Salonica. I believe that gentleman showed that the word »Politarch« (in the verbal form) occuring in that inscription was not known to exist elsewhere. It will without doubt interest him to see Copies of two other inscriptions discovered in the region of Macedonia.

I have lately heard of a second inscription containing the word »Politarch« having come to light at Salonica in September last; but that the Russian Consul in that town got possession of it before it could be copied, and that he has since made a great mystery about it.

I am, Sir,
Your obedient servant
Charles J. Calvert
H. M. Consul

(B. M. — Original Letters and Papers. Vol. XCIII. Jan. — March 1868. (I.3582))

IIIa.

№ 49

Constantinople, 13 January 1879

The Marquise of Salisbury, K, G.
etc. etc. etc.

My Lord,

I have the honour to inclose a copy of a dispatch from acting Consul Barker giving an account of a Roman Sarcophagus recently discovered at Salonica, which to My representations to the Minister of public instruction, was in covered and remount from the place in which it was found. I would venture to request Your Lordship to send a Copy of Mr Barker's dispatch to the Trustus of the British Museum, who might wish to have a further and fuller description of this interesting object.

I have the honour to be
with the highest respect
My Lord
Your Lordships
Most obedient
Humble Servant

A. H. Layard.

IIIb.

№ 109

Salonica, 26th December 1878

His Excellency
The Right Honourable
Sir Henry Layard, G. C. B., D. C. L.
etc. etc. etc.

Sir,

Referring Your Excellency to my despatch № 106 of 21st Instant**), wherein I reported matters relative to the sarcophagus found here, I have now the honour to give Your Excellency more details respecting it.

**) Кратко известување за пронајдокот.

It has been taken out of the jut, and placed in the adjacent Fort, or Barracks.

It is eight feet long, and three feet deep.

One side has alto-rilievo figures about a foot and a half high representing a female draped figure in the middle, and on each side of her, two men holding each a horse. There are two small altars on each side of the female figure.

At the corner of the sarcophagus to the right of the female figure, is a female veiled head nearly al large as life, and on the other corner a man's head of the same size, the features and hair, being evidently Roman, Well executed and no doubt a partrait. But the draped figure is Greek, while the men hold the horses appear to be of another race.

On the two other corners of the sarcophagues; on one a sheeps head. and on the other a goats head, but they do not go beyond the edge.

The two ends of the sarcophagus have garlands of flowers and a star or flower in the middle above them.

The side of the sarcophagus opposite to the sculptured one, is quite smooth evidently intended to be placed touching a wall. There is masonry below where the sarcophagus lay, but no attempt has been made to see what it may be.

The sarcophagus has a plain cover, like all such, raised at the corners, which on being removed a pair of earrings, and a ceinture were found.

Below the sculptured figures is the following inscription:

ΑΝΝΙΑ ΤΡΥΦΑΙΝΑ ˜ ΑΝΝΙΟΥ ΒΑΣΙΟΥ ΘΥΓΑΤΗΡ ΤΗΝ ΔΗΝΟΝ ΚΑΙ ΤΟΥ ΕΥ-ΠΟΙΚΙΜΕΝΟΥ ΕΓΔΟΥΣ ΕΑΥΤΗ ΚΑΙ ΤΟΙΣ ΙΔΙΟΙΣ ΖΩΣΑΕΤΟΥΣ ς. ΖΡ.

(ΣΕΓΑΠΠΙΟΥ ΤΟΥ ΚΑΙ. ΒΠΙ).

I have the honour to be with great respect,

Your Excellency's
Most obedient
Humble servant

Edward B. Barker.
Her Majesty's Consul in charge

(P. R. O. — F. O. 78) 2942.
Turkey. From H. Layrad 1 to 13 January 1879)

## ДОДАТОК

### Исписи за некои археолошки наоди во Македонија од колекцијата

— »Newton C. T., Hicks E. L. (Ed.), The Collection of Ancient Greek Inscriptions in the British Museum. Part I. Attika. Oxford 1874.«

Ch. II. Inscriptions from Boetia, Thessaly, Corcyra, Macedonia
CLXXI.

On a block of white marble. Length, 6 ft; 9½ in; breadth, 2 ft; 8½ in; thickness 1 ft; 1 in. — C. I. 1967, Addenda ibid II, p. 990; Leake, Travels in Northern Greece III, p. 236; Vaux, in Transact. Roy. Soc. Lit. VIII, p. 528-548. — Presented by J. E. Blunt, Esq. H. M. Consul — General. Salonica, 1877.

The block on which this inscription is engraved was formerly to be seen on the inner face of one of the piers of the Roman arch at Salonica, known in modern times as the gate of Vardar, and formed part of the original structure of this arch. In 1876 shortly after this gate had been taken down, the inscription was rescued from destruction by being transported to the British Consulate. The ends of lines 3,4 were completed on the next stone in the arch, which was not saved at the time of taking down the arch, but

which is drawn in the fascimile of the inscription given in The Transactions of the Royal Soc. Lit. VIII, plate p. 528. It appears from a letter of the Rev. David Morton (Northampton Herald, April 24.1878) that this second slab was probably used for building a new quay... In our inscription the name of the mother in two cases follows where we should expect the father's. Sosipatros is styled son of Kleopatra and Lucius Pontius Secundus; in line 6 we have Ταύρου τοῦ 'Αμίας τοῦ καὶ 'Ρήγλου, Ταυρος *) sunamed Reglos, son of Ammia. This is very unusual; Leake thought that the precedence given to the name of the mother in these two cases indicates that descent was claimed from the royal family od Macedonia, but this is hardly likely. At the beginning of line 8 the letters ΡΗΓΛΩ are rudely scratched; these are no part of the original inscription, but seem to be an ancient graffito. (p. 32).

**(Прилог кон CLXXI), додадено како посебен исечок)**

The Politarch Inscription, Lately at Salonica, but now in the British Museum

To the Editor of The Northamton Herald.

Harleston Rectory, April 24th 1878.

Sir,

Will you help me, by means of your columns to perpetuate the late history of the above interesting and very valuable inscription? Some years ago you did me the favour to publish a letter on the subject. That letter is dated July 24.1866. I had then obtained a photograph of the inscription, which showed how erroneous most of the copies were that had been made by travellers in the East. The slabs on which the inscription appeared were at Salonica (the ancient Thessalonica), and had rested quitly there on the inside of an arch for nearly 2.000 years. I placed the photograph in hands of Mr Vaux, of the British Museum. He wrote a learned paper upon it, which was read on the 4 th of July 1866, before the member of the Royal Society of Literature, and published in Vol VIII, second series, of their Transactions. Last year, that is, in 1877, I was startled when I read in a small volume with the title of »St. Paul in Greece«, written by the Rev. G. S. Davies, of the Charter House, and published by the Society for Promoting Christian Knowledge, the words »Under the name of civic improvement the arch was, a short time back, destroyed, and one of the last memorials of ancient Thessalonica perished at the hands of the modern representatives of the Politarch. »I felt more comfortable, however, when I saw a note at the foot of the page, which stated.« This stone, with the inscription, was, by the care of the English Consul. Mr Blunt secured, and when I was at Salonica had been placed on board H. M. S. Monarch, for transmission to England«. I afterwards made enquiries, but I could not obtain all the particulars which I wanted. I therefore wrote to Salonica at the close of 1877, and I received from Mr Barker, who is now in charge of the British Consulate there, a letter, dated Salonica, 26 th December 1877, in which the following details are given. They are exceedingly interesting, and antiquarians will be glad to see them in print. »The marble slab, of which you enclosed a photograph was saved from destruction by the Rev. Peter Grosbie, Missionary to the Jews in this city; the adjoining slab you mention with the five letters on it was also rescued, and placed behind the other slab at a distance from the arch, which was being demolished. It happened very unfortunately that the late Consul here, Mr Blunt, sent men to bring the slab to his house, not knowing the existence of the long piece behind it. Mr Grosbie was absent, and the piese was lost, carried away with the other materials to build a quay. As soon as the loss was discovered much reach was then made to no purpose, and there is now not the least chance of its being recovered, because it was a long but narrow piece, and must have been used in making the quay and is under water. »Mr Barker suggests: »since the photograph, exists, it will be easy to render the inscription

*) Споредн со М. Г. ΔΗΜΙΤΣΑ Op. cit. I 422 - 423,

now in the British Museum complete by cutting five letters on a slab and annexing it, so as to render the sence clear, and at the same time a notice may be placed un der it to the effect that these five letters were modern, placed there because the original annexing slab formed part of the moulding frame of the inscriptions, and could not be carried away, for, in reality, the length of the piece would have been an obstacle, as well as its immense thickness«.

Very truly
Yours
David Morton (p. 32-33)

CLXXII

On a sepul-chral stelé of white marble, the face of which is sculptured in the form of a small temple in antis, to represent an herböon. Within the antae is a group in relief consisting of a veiled female figure seated, looking to the right. Facing her stands a youth whose right hand graspshers. Behind him stands a draped female figure whose left arm rests on the youth's left arm; her left hand rests on his left hand. Behind the seated figure is a veiled female figure standing, and in the back-ground in lower relief are two male figures confronted, one of whom is bearded. At the foot of the seat are a standing female figure and a seated female figure, whose smaller stature indicates, their inferior rank. All eight figures are draped. On the top of the monument tiles are sculptured in relief to represent the roof. The inscription is above the figures. Height 3 ft. 8¹/4 in; breadth 2 ft. 5³/4 in. Purchased by me at Salonica in 1854, from a dealer, who stated that he had obtained this stelé from Pella. (p. 33)

CLXXIII

Engraved on a terminal bust of Aeschines in white marble. Height 2 ft. 2¹/2 in. Obtained by Colonel Leake at Pelagonia in Macedonia, and presented by him in 1839. C. I. 2000; Milligen, Ancient Uned. Monum. II, pl. 9,10 (p. 33). Бистата е изложена како експонат во Британскиот Музеј. На неа стои натпис:

1839. Aeschines. Athenian orator and politician, 389-314 B. C. Roman copy of a contemporary portrait. From Bitolia in Macedonia. Given by Col. W. M. Leake, 1839.

(До оваа биста во Музејот како експонат е изложена уште една, исто од Македонија. На неа стои натпис:

1851. Greek Poet. Roman Copy of a Third Century original. From Bitolia in Macedonia. Given by Col. W. M. Leake, Restoration: nose, bust)

## SUMMARY

H. ANDONOVSKI — POLIANSKY:

## CONTRIBUTIONS TO THE ARCHAEOLOGICAL TREASURES IN MACEDONIA

**(Some Unedited Despatches from the British Diplomatic Representatives in the XIXth century)**

In this article the author published some unedited despatches from the British Diplomatic Representatives in Macedonie in the XIXth century, which he has found in the Public Record Office and in the Britich Museum. The despatches contend the description of the several archaeological discoveries in Macedonia.

In the Preface of the article the author draws attention to the discoveries mentioned, indicating the characteristics

of each example and the importance of its place in the archaeology of Macedonia.

The first group of despatches from 1842 (Note-Contributions Ia, Ib) contains the description of the sarcoplagus of Poppius Cimbrus, discoverd in Salonica in 1837.

The second group of despatches from 1868 (Note-Contributions IIa, IIb, IIc,) contains the description of the Bronze statuette representing Hercules, which was discovered in the neighbourhood of Monastir (today Bitola) in Macedonia, in 1867. The stauette has been sent on to Constantinople to be placed in the Museum. The British consul in Manastir Ch. J. Calvert had taken the photographic pictures of it and these materials (Note Plates 2, 3, 5), also with the copies of the inscriptions (Note Plates 6, 7, 8), he has sent to the British Museum, through the Foreign Office in 1868. Some explanations of Calvert's despatch are very important especialy for the origin of the mentioned statuette, and also for its primeval appearance. For these particulars the archaeological literature consistas contentious factes. (BCH VIII (1884), pp 342—343). Wishing to explain a differences between the primeval appearance of Hercules (1867), and the Hercules when he was restored (after 1867), we take the liberty of inclosing the photographic picture of it from 1884 (Note Plate 4).

The third group of the despatches from 1878/79 (Note Contributions IIIa, IIIb) contains the description of a Roman sarcophagus, which was discovered in Salonica in 1878. The British Consul in that town Ed. Barker reported that matter, with details concerning the mentioned sarcophagus, and included transcriptions of the inscriptions. (Note Plates 9, 10).

In Addenda the author inclosed some abstracts from the collection-Newton C. T., Hicks F. L. (Ed.), The Collection of Ancient Greek Inscription in the British Museum. Part I. Attika (Oxford 1874)-, in which there were published some details and also some examples from the archaeological discoveries in Macedonia during the XIX$^{th}$ century.

The Author thought that the mentioned unedited despatches contributed to further explanations in greater details of the history of the archaeology in Macedonia.



10

C 22 Feb 1868

BRIT. MUSEUM 1467 FEB 1868

Monastir,
January 8. 1868.

Sir,

I have the pleasure of announcing the discovery within my Consular District of a beautiful work of ancient art.

It is a bronze statuette, 31 inches in height, representing Hercules in the act of stepping forward, with the skin of the Nemean lion rolled around the left arm, whilst the position of the fingers of the right arm, which is partly extended in advance of the body, shows that they must have originally clasped the club. The club is missing; and I am sorry to say that the figure appears to have recently sustained some damage. The right arm has been broken near the shoulder, and the edges of the fragment torn off in such a way

The Secretary of the British Museum

Сл. 1. Факсимил на писмото на Калверт од 8.I.1868
(B. M. Original Letters, vol. XCIII (Jan. March 1868) — I. 3582.
British Museum. Photographic Service. London)



2. Предната страна на Херкулес. 1867
(B. M. Original Letters, ibidem)



3. Задната страна на Херкулес. 1867

(B. M. Original Letters, ibidem)



4. Снимка на реставриран Херкулес. 1884
(L. Heuzey — BCH vol. VIII (1884), Pl. XII)
(British Museum, Photographic Service. London)



5. Бистата на Херкулес. 1867
(B. M. Original Letters, ibidem)



6. Снимка на оригиналната плоча со натпис

(B. M. Original Letters, ibidem)



ΠΑΡΑΦΙΛΙΠΠΟΥ ΤΟΥ ΠΟΣΙΔΙΠΠΟΥ ΟΡΕΣΤΟΥ
ΤΟΥ ΟΡΕΣΤΟΥ ΤΡΑΜΘΥ ΤΟΥ ΜΚ ΝΟΥ ΤΩΝ ΑΠΟΚΛΗ
ΡΩΘΕΝΤΩΝ ΠΡΟΕΔΡΩΝ ΔΟΓΜΑΤΟΣ ΑΝΓΑΦΗ ΤΗ ΤΑ
ΤΟΥ ΔΑΙΣΙΟΥ ΜΗΝΟΣ ΤΟΥ Ϝ ΜΣΕ ΤΟΥΣ ΤΩΝ
ΠΕΡΙ Β[illegible]ΔΡΟΝ ΦΙΛΙΠΠΟΥ ΕΝ ΔΕΡΡΙΟΠΩ ΠΟΛΙ
ΤΑΡΧΩΝ ΣΥΝΑΓΑΓΟΝΤΩΝ ΤΟ ΒΟΥΛΕΥΤΗΡΙΟΝ
ΚΦΙΛΩΝΟΣ ΤΟΥ ΚΟΝΩΝΟΣ ΠΟΗΣΑΜΕΝΟΥ ΛΟ
ΓΟΥΣ ΠΕΡΗ ΟΥΕΤΤΙΟΥ ΦΙΛΩΝΟΣ ΤΟΥ ΘΕΙΟΥ
ΚΠΡΟΣΑΝΓΕΙΛΑΝΟΣ ΟΤΙ ΚΤΡΩ ΤΗ ΛΕ ΑΥΤΟΥ ΠΑ
ΤΡΔΑΕ ΤΕΙΜΗΣΕ ΜΕΓΑΛΩΣ ΚΤΕΛΕΥΤΩΝ ΟΥΔΕ ΤΗΣ
ΚΑΤΑ ΤΗΝ ΒΟΥΛΗΝ Ε ΜΙΣ ΗΜΕΛΗΣ ΕΝ ΑΛΔΑΦΙΚΕΝ
ΑΥ ΤΗ ΚΑΤΑ ΔΙΑΘΗΚΗΝ [illegible] Ε ΦΩ ΕΚ ΤΩΝ ΚΑΤΕ
ΝΙΑΥΤΟΝ ΕΞ ΑΥΤΩΝ ΓΕΙΝΟΜΕΝΩΝ ΤΟΚΩΝ
ΗΜΕΡΑΝ ΑΓΟΥΣΑ ΟΥΕΤΤΙΟΥ ΒΩΛΑΝΟΥ ΕΟΡΤΑ
ΣΙΜΟΝ ΕΥΩΧΗ ΤΑΙ ΤΗ ΠΡΟ ΔΕΚΑΤΕΣΣΑΡΩΝ
ΚΑΛΑΝΔΩΝ ΝΟΕΜΒΡΙΩΝ ΕΔΟΞΕΝ ΤΗ ΒΟΥΛΗ
ΤΗΝ ΤΟΥ ΑΝΔΡΟΣ ΣΕΜΝΟΤΗΤΑ Κ ΒΟΥΛΗΣΙΝ
ΑΠΟΔΕΞΑΣ ΟΛΙ ΕΠΙΤΕΤΑΙΣ ΥΠ ΑΥΤΟΥ ΚΑΤΑ
ΤΗΝ ΔΙΑΘΗΚΗΝ ΓΕΓΡΑΜΜΕΝΑΙΣ ΑΙΡΕΣΕΣΙΝ
ΤΟ ΤΑΡΓΥΡΙΟΝ ΛΑΒΕΙΝ ΚΑΙ ΚΑΤΕΝΙΑΥΤΟΝ ΑΓΕΙΝ
ΤΗΝ ΤΟΥ ΟΥΕΤΤΙΟΥ ΒΩΛΑΝΟΥ ΕΟΡΤΑΣΙΜΟΝ ΕΚ
ΤΩΝ ΤΟΚΩΝ ΗΜΕΡΑΝ ΚΑΙ ΜΗΤΕ ΤΟΥ ΠΡΟΓΕΓΡΑΜΜΕ
ΝΟΥ ΚΕΦΑΛΑΙΟΥ ΑΠΑΝΑΛΙΣΚΕΙΝ ΤΙ ΕΙΣ ΕΤΕΡΑΝ
ΧΡΕΙΑΝ ΜΗΤΕ ΤΟΥ ΚΑΤΕΝΙΑΥΤΟΝ ΓΙΝΟΜΕΝΟΥ ΤΟ
ΚΟΥ ΑΛΛΩΣ Ο ΔΟΥΣ ΦΙΛΩΝ ΗΘΕΛΗΣΕΝ ΤΟ ΤΑΡ
ΓΥΡΙΟΝ ΗΡΙΘΜΗΣΑΤΟ ΚΑΙ ΠΑΡΕΛΑΒΕΝ Ο ΕΠΙΜΕΛΗ
ΤΗΣ ΤΩΝ ΤΗΣ ΒΟΥΛΗΣ ΔΗΝΑΡΙΩΝ ΛΟΥΚΙΟΣ
ΛΟΥΚΡΗΤΙΟΣ ΠΟΥΔΗΣ

*Inscription on a slab discovered at Tchipigovo, a village of Monastir. (Macedonia). Brought to Monastir in 1862.*

*Copied at Monastir. August. 1867.*

7. Транскрипција на натписот No. 6

(B. M. Original Letters, ibidem)




8. Транскрипција на краткиот натпис

(B. M. Original Letteres, ibidem)



head, but they do not go beyond the edge. —

The two ends of the sarcophagus have garlands of flowers and a star or flower in the middle above them. —

The side of the sarcophagus opposite to the sculptured one, is quite smooth evidently intended to be placed touching a wall. There is masonry below where the sarcophagus lay, but no attempt has been made to see what it may be. —

The sarcophagus has a plain cover, like all such, raised at the corners, which on being removed a pair of earrings, and a ceinture were found.

Below the sculptured figures is the following inscription,

ΑΝΝΙΑ ΤΡΥΦΑΙΝΑ ΑΝΝΙΟΥ ΒΑΣΙΟΥ ΘΥΓΑΤΗΡ

ΤΗΝΔΗΝ ΟΝΚΑΙ ΤΟΥ ΕΥΠΟΙΚΙΜΕΝΟΥ ΕΡΔΟΥΣ

9. Факсимил на извештајот на Баркер, 26.XII. 1878
(P. R. O. — F. O. 78/2942. Turkey. 1—13 Jan. 1879)
(P. R. O. — Photographic Service, London)



ΕΑΥΤΗ ΚΑΙ ΤΟΙΣ ΙΔΙΟΙΣ ΖΩΣΑ ΕΤΟΥΣ ϞΖΡ.

ΣΕΡΑΠΠΙΟΥ ΤΟΥ ΚΑΙ.ΒΠΙ.

I have the honor to be
with great respect
Your Excellency's
Most obedient
humble Servant
Edward B B B Barker
Her Majesty's Consul in charge

Salonica 26th December
Acting Consul Barker
to
The Right Honorable
Sir Henry Layard.
No. 109.
Recd
Description of the
sarcophagus found
at Salonica.
Sir A. Layard's
No. 49.
Jan 13. 1879.
2432

10. Продолжување на факсимилето од No. 9

# НАЈНОВИ НАОДИ ОД СКУПИ

## Историски осврт

*В. Соколовска и Н. Шуковиќ — Археолошки музеј — Скопје*

На 5 км северозападно, од Скопје помеѓу селата Злокуќани и Бардовци, се простира голем антички локалитет, добро познатиот град во историјата — Скупи. Наоѓајќи се на главниот крстопат на Балканскиот п-ов, каде минувале патиштата што го сврзувале север и југ, овој град играл важна ролја во минатите векови.

Првобитните жители на Скупи, како и на областа која приближно ја зафаќа територијата помеѓу Ниш и Велес, биле Дарданците. Птоломеј во оваа област споменува четири града: Naissus, Aribantium, Ulpianum и Scupi.[1]) Овој последниот заземал највидно место во јужниот дел на Дарданија, како нејзин главен центар.

Во историјата Дарданците се споменуваат уште во третиот век пред нашата ера како ратоборен народ, кој често војувал и им задавал доста маки на соседните Пеонци и Македонци. Откако ја освоиле Македонија (168), Римјаните настојувале да ја покорат и Дарданија, што конечно го сториле во I век од н.е. Покорувајќи ја Дарданија, Римјаните постепено успеале да го романизираат и нејзиното население. Оттогаш Скупи почнува да се развива во еден напреден град и набргу добива муниципално право.

Со колонизирањето на ветераните од VII легија, Скупи станува колонија под име Флавија, а со повторната дедукција на ветерани од времето на Хадријан или Антонин Пиј, станува Colonia Flavia Aelia Scupi.[2])

За време на својот релативно краток живот, Скупи одиграл знатна ролја во тогашните историски настани. Во него престојувал цар Теодосиј, откаде



Сл. 1

---

[1]) Птол. III, 9.

[2]) Ќ. Трухелка. Археолошке белешке из Јужне Србије, ГСНД. к. V., 1929 г. стр. 69.

раководел со борбите против Готите. Во Скупи е издаден и законот за цар Грацијан и Валентинијан, а по издавањето на Милансикот едикт, во 313 година му станува седиште на дарданскиот епископ.

Таква положба го затекнува во 518 година, кога станал големиот земјотрес од кој настрадале многу антички градови во оваа област, па и Скупи.

Името на Скупи и неговото постоење како град на ова подрачје е забележано кај античките писатели, хроничари и патеписци.[3])

Кон крајот на минатиот и почетокот на овој век со Скупи се занимавале: Evans, Han и други.[4]) Со подетални теренски проучувања се занимавале во првите децении на XX век југословенски археолози. Вулиќ вршел ископувања на римскиот театар и дошол до извесни резултати; Р. Груиќ работел на ранохристијанската базилка недалеку од театарот и Ќ. Трухелка, кој ги открил римските терми кај Бардовци.[5])

За самиот град Скупи и неговата улога во тоа време најмногу дознавме од латинските натписи на камените споменици, наоѓани на ова подрачје. Во некои од овие натписи се споменува името на градот, како во надгробните споменици на Sextus Caelidius и Titus Julius.[6]) Освен ова, во многубројните надгробни стели на римските ветерени дознавме дека уште во II век од н.е. Скупи го населувале ветерани од VII легија. Податоците што ги наоѓаме на овие натписи ни потврдуваат дека Скупи уште во тоа време бил голем и напреден провинциски град.

---

[3]) Птол. III, 9, 4, VIII, 11, 5.
Tribelius Pollio, Triginta Tyranni, IX.
Hierocl, 655, 8.
Marcellinus com. a 518.
Geograf. Rav. IV, 15.

[4]) A. J. Evans. Antiquarian Researches in Illyricum, IV, стр. 72 и натаму, Лондон. 1895.

[5]) Н. Вулиќ. Римско позориште код Скопља. Југ. ист. часопис, год. I, стр. 749, Р. Грујиќ, Римско Скупи. Споменица српско-православног храма свете Богородице у Скопљу, Скопље 1933, стр. 5-18. Ќ. Трухелка, н. д. стр. 78—80.

[6]) Ќ. Трухелка, н. д. стр. 69.

## УВОД (околности)

Во месец февруари 1957 година, доцна известени од Градската водна заедница, кустоси од Народниот и Археолошкиот музеј појдоа на локалитетот Скупи на веќе откопан терен. Имено, беше прокопан ров од сса 500 м, почнувајќи од Тетовскиот и пресекувајќи го Бардовечкиот пат кон денешната опсерваторија, која се наоѓа на највисоката кота на Зајчев Рид. За жалење речиси целиот ров беше прокопан пред да бидат известени споменатите музеи и Заводот за заштита на културно-историските споменици на Македонија, така што неможеше навреме да се укаже потребната интервенција. Всушност, работата на екипата се состоеше во собирање на археолошкиот материјал исфрлен со земјата, во скицирање на ровот со шематска локација на појавените објекти и наоди, и во фотографирање. Важно е да се напомене дека во рамницата ровот обилуваше со наоди, додека, качувајќи се нагоре кон опсерваторијата, стануваше се постерилен.

## ОПШТ ПРЕГЛЕД НА НАЈДЕНИОТ МАТЕРИЈАЛ

На местото каде ровот го сече Бардовечкиот пат, а на длабочина од 1.70 м се откопани ѕидови од зграда, еден агол од просторија и дел од друга чиј ѕид продолжува надвор од сондата во североисточен правец (сл. 2). Ширината на ровот од 1 м, не дозволуваше да се следат појавените ѕидови и блокови, со кое би се добила релативно појасна слика за односната зграда. (Ширината на ѕидовите изнесуваше 90 см, а ѕидањето смесено, од тула-камен.) Наодите пронајдени во исфрлената земја на ова место го потврдуваат постоењето на споменатата зграда и ќе ни ја дополнат претставата за неа.[7])

Во непосредна близина на споменатиот агол од градбата се откриени три

---

[7]) Дел од материјалот се наоѓа во Археолошки музеј, а дел во Народниот музеј на град Скопје.

фрагменти од бел мермер со дебелина од 1 см, димензии: 9,5×5, вториот 7,2×5 см и третиот 5,3×4 см. Покрај овие три, најден е уште еден сив мермерен фрагмент, нешто подебел. Веројатно овие фрагменти и припаѓале на оплатата од некои делови на зградата. За постоењето на споменатава зграда ни сведочат, покрај приведеното, и повеќе фрагменти од тегули и имбрицес.

Во аголот на едната просторија се откриени in situ — остатоци од мозаичен под, црно-бел и само бел (со димензии што варираат од 1 — 2 см²), кој



Сл. 2

беше речиси разрушен, а долж ровот, на ѕидот и во исфрлената земја, најдени се повеќе фреско-фрагменти од ѕидните површини на внатрешните простории. На откриените фреско-фрагменти, чија боја варира од изразито помпејски колорит до бледо-црвен, поретко бел, зелен и окер, зачувани се линеарни орнаменти, додека траги од фигуративна и флорална декорација не се забележани.

Во непосредна близина, надвор од ровот, најден е дел од мермерна транзена украсена со жлебови, база и дел од колона (сл. 3). На поголемо растојание, одејќи спрема опсерваторијата, најден е профилиран мермерен бел фрагмент од внатрешен декоративен фриз. (Т. IX сл. 1), едно мено и мермерна плоча со латински натпис.[8])

Споменатите наоди, како и многубројните фрагменти од профилирана штукатура, ни даваат можност со право да заклучиме дека тука се работи за една богато украсена зграда.

## КЕРАМИЧКИ НАОДИ

Во исфрлената земја и на разни длабочини во сондата-ровот е откриен голем број керамички фрагменти, кои по својата фактура одат од најгруба керамика, до најубава релјефно укра-



Сл. 3

---

[8]) Мермерната плоча со латински натпис ќе ја објави Б. Јосифовски, лектор на Фил. фак. во Скопје.

сена провинциска terra sigillata. Во врска со ова, нужно е да се одбележи дека во повеќето керамички фрагменти се открија садови со различна големина, облик и профилација.

**Огнишна керамика.** — Во средината на ровот, на длабочина од 0,80 см е откриено едно големо огниште, кај кое се пронајдени голем број керамички фрагменти од црна, доста груба керамика, која по самото место-наоѓање зборува за својата огнишна намена. Тоа се главно широки мешести садови чии ободи се свиткуваат кон надворешноста со благи или остри преоди. Под ободот се наоѓаат врезани паралелни или брановидни линии во повеќе редови, кои го обиколуваат целиот сад. Други пак фрагменти воопшто не се орнаментирани. На споменатите фрагменти се забележуваат два вида рачки: едните се обични-ушести, вертикално поставени, кои одат од мевот до ободот од садот, допирајќи го притоа ободот (Т. I и II).

Недалеку од огништето е најден вршник од добро печена црвена земја, со округла форма и накрсно втиснати двојни жлебови, а во просторствата меѓу жлебовите е втиснат орнамент во вид на арапскиот број девет.[9])

**Друга груба керамика.** — Неколку фрагменти од доста груба земја припаѓаат на садови со големи димензии. од нив еден обод од питос премачкан од надворешната страна со светло-кафеава глазура, а друг сосем груб фрагмент од мев на голем сад, кој има остаток од пластична лента со коси зарези.

Покрај овие, се издвојуваат поголем број фрагменти изработени од пречистена и добро печена, црвена или сива земја. Меѓу нив се неколку фрагменти од плитки чинии, од кои некои се со сосем рамен обод, додека кај другите ободот е помалку или повеќе нагласен. Овие чинии се разликуваат по својата фактура и премаз, кој варира од бледо до светло-црвен, а извесни фрагменти се без никаков премаз (Т. III).

**Помали садови.** — Во оваа група фрагменти припаѓаат главно делови од обод и мев што ни даваат можност барем донекаде да ја здогледаме формата на садовите. За одбележување се неколку сада со тенки ѕидови (од 0,02 — 0,04 мм) кои индицираат филџани, неколку паници со биконична форма и еден фрагмент со рамен обод, на чија надворешна страна е врезана канелура, а е изработен од сива земја и премачкан со црн, сјаен премаз. Неколку грла со разни форми ја дополнуваат оваа група фрагменти (Т. IV и V).

Во зачуваните фрагменти од дна се забележуваат два вида: рамно дно со врезани концентрични кругови или без нив, и дно со прстенеста нога, која понекогаш има испапчување во средината. (Т. VI).

Во однос на другите фрагменти, најдени се мал број рачки канелирани по својата должина (Т. VI сл. 1).

**Поголеми садови.** — На различни места по должината на ровот се откриени фрагменти од поголеми садови. Тоа се, како гореспоменатите, во главно ободи со делови од мев, кај кои се издвојуваат три вида: обични, заоблени ободи, благо свиткани кон надворешноста, со по една или две канелури и пластична лента на мевот; и рамни ободи кои се со или без жлебови на горната површина (Т. III сл. 6 и 7 и Т. IV сл. 5 и 7).

**Фрагменти со пластична декорација.** — Најзабележливи меѓу овие наоди се неколку фрагменти од провинциска terra sigillata, релјефно украсени. Ќе споменеме неколку најинтересни примери, кои по своите мотиви заслужуваат да бидат посебно одбележани.

а) Фрагмент од плитка чинија со благо заоблен широк обод, на чија површина се пластично претставени стилизирани класја со гранули меѓу нив, што заедно сочинува рамковен фриз на чинијата (Т. VII).

---

[9]) За време на копањето тој е искршен, но деловите му се сочувани. Димензии: пречник 65 см., дебелина на ѕидовите 4 см.

б) Фрагмент од мев на помал сад со зачуван дел од пластичен фриз на кој е сликовито прикажан житен клас. Над овој фриз се зачувани пластично претставени две цветчиња (Т. VIII црт. 5).

ц) Фрагмент од паница со зачуван обод и дел од мев на кој е претставен растителен орнамент (Т. VIII црт. 4).

д) Мал фрагмент со остаток од јонеха кима под која се наоѓаат неколку концентрични кругови. (Т. VIII црт. 3).

**Други наоди.** — Покрај керамичките наоди, најдени се повеќе фрагменти од стаклени садови и фрагменти од прозорско стакло, еден керамички пршлен со биконична форма и неколку парчиња згура. Фрагментите од стакло по својата атипичност не дозволуваат да се создаде претстава за формата на садовите.

Условите под кои е најден овој материјал, односно во исфрлената земја на спомнатиот ров оневозможуваат да се установи неговото датирање, кое бара стратиграфски податоци на наодите, како и покомплексно откривање на спомената зграда. Но, и покрај тоа, материјалот, во прв ред фреско-фрагментите и мозаикот, упатуваат на II и III век од н. е.

Веруваме дека идните систематски ископувања на овој објект ќе дадат посигурни докази за неговото датирање.

## КАТАЛОШКИ ОПИС НА НАОДИТЕ

1. Фрагмент од хоризонтален обод со две плитки канелури. На надворешната страна на мевот две паралелно врезани канелури. Земја црна и груба.
   Дим.: 12,1 X 6 см., ширина на ободот 1,9 см. (Т. I сл. 1)
2. Фрагмент со развратен обод. На мевот брановидна линија, под неа неколку плитки канелури. Земја црна и груба.
   Дим.: 7,6 X 9 см. (Т. II сл. 2)
3. Фрагмент од обод на сад со ушеста вертикална рачка, без украс. Земја црна и груба, недоволно печена.
   Дим.: 6,8 X 7,9 см. (Т. I сл. 5)
4. Фрагмент од сад со развратен обод, брановидна линија на мевот и плитки канелури под неа. Земја црна и груба, недоволно печена.
   Дим.: 4,3 X 4,6 см. (Т. II сл. 3)
5. Фрагмент од обод и мев од биконичен сад со една плитка канелура на мевот. Земја црно-сива и груба.
   Дим.: 6,4 X 9,1 см. (Т. II сл. 4)
6. Фрагмент од сад со развратен обод на чиј мев е претставена двојна брановидна линија и плитки канелури. Земја црна и груба, недоволно печена.
   Дим.: 5,4 X 6,3 см. (Т. II сл. 5)
7. Фрагмент од рамен обод со остаток од вертикална рачка. Земја темно-сива и пречистена.
   Дим.: 7,8 X 6,8 см. (Т. I сл. 2)
8. Фрагмент од сад со заоблен обод, без орнаменти. Земја сиво-црна и груба, ѕидовите тенки.
   Дим.: 9,9 X 7,4 см. (Т. I сл. 4)
9. Фрагмент од рамен обод со четири ситни брановидни линии. Земја црна и груба, недоволно печена.
   Дим.: 3,9 X 6 см. (Т. II сл. 1)
10. Фрагмент од сад со профилиран обод, лунообразна аплицирана рачка и една плитка канелура. Земја црна.
    Дим.: 9,9 X 3,9 см. (Т. I сл. 3)
11. Фрагмент од мев на кој е зачувана пластична лента со коси

урези. Земја сиво-кафеава и груба.
Дим.: 9,3 X 9,9 см. (Т. III сл. 7)

12. Фрагмент од питос со рамен хоризонтален обод. Земја светло-кафеава и груба. На надворешната страна сјаен премаз. Ѕидови дебели.
Дим.: 10,5 X 7,1 см. (Т. III сл. 9)

13. Фрагмент од плитка чинија со рамен обод. Од двете страна светло-црвен премаз. Земја добро пречистена.
Дим.: 8,7 X 6,5 см. (Т. IV сл. 4)

14. Фрагмент од плитка чинија со вертикален вжлебен обод. Земја темно-црвена, добро пречистена.
Дим.: 9,5 X 4,3 см. (Т. IV сл. 2; Т. V сл. 6)

15. Фрагмент од плитка чинија со вертикален и вжлебен обод. Земја црвена и пречистена.
Дим.: 6,7 X 3,6 см. (Т. V сл. 4)

16. Фрагмент од плитка чинија со вертикален навнатре заоблен обод. Земја темна и недоволно печена. Ѕидови тенки.
Дим.: 6,9 X 2,3 см. (Т. V сл. 7)

17. Фрагмент од плитка чинија со хоризонтален обод. На работ од ободот плитка канелура. Од двете страни премачкан со црвен премаз. Ѕидови тенки, земја пречистена.
Дим.: 5,1 X 3,1 см. (Т. V сл. 3)

18. Фрагмент од паница со навнатре профилиран обод. Од двете страни црвен премаз. Ѕидови тенки, земја пречистена.
Дим.: 6,6 X 4,2 см. (Т. IV сл. 6)

19. Фрагмент од паница со зачуван дел од обод, мев и дно. Земја жолтеникава и пречистена.
Дим.: 8,1 X 5,4 см. (Т. IV сл. 3)

20. Фрагмент од паница со навнатре профилиран обод. Од двете страни премачкан со светло-црвен премаз. Земја добро пречистена.
Дим.: 6 X 4,5 см. (Т. III сл. 5)

21. Фрагмент од паница со рамен обод и дел од мев. Земја црвена и добро пречистена. Ѕидови тенки.
Дим.: 4,3 X 4,9 см. (Т. V сл. 5)

22. Фрагмент од паница со хоризонтален обод. Од надворешната страна плитка канелура и две вертикални втиснати полиња. Земја црвена и пречистена, со остатоци од премаз.
Дим.: 6,2 X 4,3 см. (Т. IV сл. 8)

23. Фрагмент од паница со благо развратен обод. Од внатрешната страна врезана канелура. Земја црвена и пречистена со остатоци од премаз. Ѕидови тенки.
Дим.: 5,6 X 3,5 см. (Т. V сл. 2)

24. Фрагмент од паница со вертикален вжлебен обод. Земја сива и пречистена.
Дим.: 5,8 X 3,1 см. (Т. V сл. 1)

25. Фрагмент од рамен обод. На надворешната страна плитка канелура. Од двете страни премачкан со црн премаз. Земја црна и добро пречистена.
Дим.: 5,2 X 3,6 см. (Т. III сл. 3)

26. Фрагмент од поголема плитка чинија со широк и прав обод. Од внатрешната страна премачкан со црвен премаз со метален сјај. Земја црвена и добро пречистена.
Дим.: 8 X 6,3 см. (Т. IV сл. 1)

27. Фрагмент од биконичен сад со прав обод свиткан навнатре. Од двете страни црвена глазура. Земја светло-црвена и добро пречистена.
Дим.: 7 X 4,2 см. (Т. V сл. 8)

28. Фрагмент од обод кој одвнатре е заоблен, а однадвор испакнат. На горната површина врезана канелура. Земја темно-црвена и добро пречистена.
Дим.: 6,3 X 2,9 см. (Т. III сл. 2)

29. Дел од мев и врат на мешест висок сад. Од надворешната страна полиран. Земја црна и добра.

30. Фрагмент од широк сад со зачуван дел од обод и мев. Под ободот две канелури, а на мевот изразито пластично ребро, под кое има уште две плитки канелури. Земја црвена и добро пречистена. Озгора слаб црвен премаз. Ѕидови дебели.
Дим.: 8,2 X 9,2 см. (Т. IV сл. 5)

31. Фрагмент од поголем сад со широк хоризонтален обод, кој на горната површина има една канелура. Ѕидови дебели, со слаб црвен премаз. Земја црвена и добро пречистена.
Дим.: 10,9 X 6,3 см. (Т. III. сл. 6)

32. Фрагмент од поголем сад со зачуван дел од рамен обод и мев. Под ободот една канелура, а на мевот пластично ребро. Земјата црвена и недоволно печена.
Дим.: 9,6 X 6,4 см. (Т. IV сл. 7)

33. Фрагмент од мешест сад со хоризонтален обод. Земја црвена и добро пречистена.
Дим.: 11,8 X 5,2 см. (Т. III сл. 8)

34. Фрагмент од широк сад со хоризонтален обод, кој има на горната површина две врезани канелури. Земјата темно-црвена и песочлива.
Дим.: 10,9 X 4 см. (Т. III сл. 1)

35. Фрагмент од хоризонтален обод од поголем сад. Земја црвена и пречистена.
Дим.: 10,2 X 4,9 см. (Т. III сл. 4)

36. Фрагмент од голема паница со зачуван дел од рамен обичен обод и дно. Земја црвеникава.
Дим. 12,2×6,3 см. (Т. IV сл. 8)

37. Прстенесто дно со зачуван дел од мевот на сад кој од надворешната страна е премачкан со сив сјаен премаз. Ѕидови тенки.
Дим.: вис. 5 см., преч. 3,6 см. (Т. VI сл. 10)

38. Прстенесто дно со зачуван мал дел од мевот. Земја темно-црвена.
Дим.: вис. 2,5 см., преч. 4,4 см. (Т. VI сл. 11)

39. Прстенесто дно. Земја црвеникава.
Дим.: вис. 2,5 см., преч. 4,1 см. (Т. VI сл. 9)

40. Рамно дно со слабо врезани концентрични кругови. Земја сива.
Дим.: преч. 4 см. (Т VI сл. 7)

41. Фрагмент од прстенесто дно од поголем сад. Земја црвеникава.
Дим.: преч. 7,2 см. (Т. VI сл. 5)

42. Рамно дно со врезани концентрични кругови кои не се правилно изведени и добро центрирани. Земја црвеникава.
Дим.: преч. 2,9 см. (Т VI сл. 6)

43. Фрагмент од повисоко грло со дел од обод. На надворешната страна остро пластично ребро, под него вжлебен дел од вратот.
Дим.: вис. 5,4 см. (Т VI сл. 4)

44. Фрагмент од врат со рамен обод кој е од надворешната страна хоризонтално канелиран. Од внатршната страна е премачкан со црн премаз. Земја црвена и пречистена, ѕидови тенки.
Дим.: 4,2 X 4,7 см. (Т. V сл. 9)

45. канелиран фрагмент од рачка од поголем сад. Земја жолтеникава.
Дим: долж. 10,6 см. дебел. 1,6 см. (Т. VI сл. 1)

46. Фрагмент од мал сад со вертикална рачка и тенки ѕидови. Земја црвена и пречистена.
(Т. VI сл. 3)

47. Биконичен прешлен од сиво-црна земја.
Дим.: вис. 2,4 см. (Т. VI сл. 2)

48. Фрагмент од плитка чинија со релјефно украсен обод. Terra sigillata.
Дим.: 10,6 X 5,9 см. (Т. VII)

49. Фрагмент од мев на кој е зачуван дел од релјефен фриз. Terra sigillata.
Дим.: 4,3 X 5,3 см. (Т. VIII сл. 5)

50. Фрагмент од релјефно украсена паница со заоблен обод. Terra sigillata.
Дим.: 5,4 X 4,3 см. (Т. VIII сл. 4)

51. Мал фрагмент од сад со релјефно претсавена кима. Terra sigillata.
Дим.: 2,2 X 1,7 см. (Т. VIII сл. 3)

52. Фрагмент од дно од плитка чинија, на кое од двете страни се зачувани врезани концентрични кругови. Terra sigillata.
Дим.: 5,8 X 2,6 см. (Т. VIII сл. 1)

53. Фрагмент од плитка чинија со врезани концентрични кругови. (Т. VIII сл. 2)

54. Профилиран мермерен фрагмент од украсен фриз.
Дим.: 9,4 X 5,2 см. (Т. IX сл. 1)

55. Фрагмент од мермерна транзена.
Дим.: 19 X 11 см. (Т. IX сл. 3)

56. Профилиран фрагмент од штукатура.
Дим.: 6,2 X 4,4 см. (Т. IX сл. 2)

## SUMMARY

*V. Sokolovska and N. Šuković*

North-West of Skopje, at the well known ancient locality Scupi, during the digging up a trap for installing runing water pipes-werw discoverd the following archaeological remains i. e. a corner of building (structure) with the remains of a mozaic floor and fragments of frescos. Besides these files of roof structure werw discoverd, a part of column, the bases and some more fragments of plastic decoration, as well as a latin inscription.

Among these verdicts the ceramic fragments take a distinctive place, which vary from the roughest ceramics to the most beautiful relief-ornamented provincial terra sigillata, among which many forms of vessels can be distinguished.

The discoverd material leads to the II^nd and III^rd century.

T. 1



T. II



T. III



T. IV



T. V



T. VI



T. VII



T. VIII



T. IX



1



2



3

# НОВООТКРИЕНИ СПОМЕНИЦИ ОД СЕЛО БРАИЛОВО — ПРИЛЕПСКО

*Апостол Керамитчиев — Археолошки музеј — Скопје*

Во месец октомври 1957 година селанецот Богдан Велевски орал на својата нива, што се наоѓа до село Браилово, на 15 км северно од Прилеп, кај месноста „Тумба"[1]). Точно во средината на нивата, каде што е и највисоката точка, тој открил на 0,30 м длабочина неколку мермерни плочи. Заинтересиран од тоа, тој почнал да копа околу нив и со помошта на неколку селани ги извадил. Се покажала длабока дупка и човечки коски, па станало јасно дека се работи за остатоци од еден гроб.

Прилепскиот музеј бил известен за откопаниот гроб по два дена. При обиколувањето на теренот директорот на музејот Б. Бабиќ констатирал дека гробот бил растурен и коските расфрлени од децата. Поважните предмети, како плочите, со кои бил ограден гробот, биле веднаш пренесени во Прилепскиот музеј.

Гробот се наоѓа меѓу селото и железничката линија Прилеп — Богомила, на самиот крај од прилепската рамница. Од тоа место на север и исток рамницата преминува во ниски возвишенија. Во непосредна близина, од север, тече мала река, која извира од врвот Клетовник. Гробот е долг 1,72, широк 0,70 а длабок 0,64 м. Петте надгробни стели, кои служеле за градежен материјал, биле земени од постари гробови и секундарно употребени, како што се гледа од нивните натписи. Тие биле поставени на следниот начин: Двете поголеми (сл. 2 и 3) стоеле вертикално од обете страни, со натписите кон внатрешноста на гробот. Третата (сл. 6) стоела до главата на умрениот, вертикално, додека другите две (сл. 4 и 5) стоеле озгора хоризонтално, како покривач на гробот. Нивната предна страна била нагоре, така што од влага се уништени нивните натписи.

Подот на гробот бил послан со печени тули, со димензии 40 X 50 см, кои од влагата биле распаднати и при вадењето се искршиле. За спојување на тулите и плочите бил употребен малтер.

Гробот има ориентација кон исток (запад — исток). Според зборовите на Петре Ристовски, падар на селото, и на Александар Јовановски, кои присуствувале при откопувањето, коските биле изгниени и само оние на нозете, рацете и на черепот биле зачувани подобро. Черепот се наоѓал на западната страна на гробот и на него биле зачувани сите заби. Коските на рацете биле испружени надолу. Меѓу коските на градите биле најдени и следните предмети: а) мала алка од сребро со дијаметар 0,03 м. која е гравирана на три места, и б)

---

[1]) Месноста „Тумба" се наоѓа околу 2 км јужно од селото и близу до железничката линија Прилеп — Богомила. Како што може да се подразбере и од самото име, таа претставува могила ((tumulus). Височина на могилата достигнува околу 7 м. Пречникот на основата е околу 60 м. Според зборовите на Петре Ристевски, во близината на гробот, кај месноста „Мрамор", од придојдените води на малата река бил изваден од коритото и голем питос. На високиот рид, што се издига источно од селото, познат под името „Кале", се зачувани ѕидови од тврдина и темели од антички згради. По сè изгледа дека таа тврдина била изградена за да го чува важниот планински премин на Бабуна „Клетовник".

округла перла од темно стакло со дијаметар 0,013 м и со дупка во средината. По периферијата таа е исто гравирана на три места со по три концентрични кругови (сл. 7 а и б). Алката и перлата составуваат заедно ист предмет, женски накит, но во гробот биле најдени одделени, сепак близу едно додруго.



Сл. 1

Надгробните стели, кои служеле за градежен материјал на споменатиот гроб, биле извадени од постари гробови, што се наоѓале во непосредна близина (секундарна употреба).

Според податоците што ги имам прибрано на теренот, како и според раскажувањето на некои од месното население, на кои ралото им запирало на неколку места од поголеми плочи, мислам дека се работи за остатоци од гробови што припаѓале на една поголема некропола. За големината и пространството што го зафаќале би можело да се зборува по едно систематско иследување на оваа месност. Врз основа на добиените податоци од едно вакво иследување, би дошле и до извесни заклучоци во однос на времето и должината на употребата на самата некропола.

Овде ќе се задржам повеќе на надгробните стели, што биле употребени како градежен материјал за овој гроб. Тие стели со своите релјефи и со своите натписи претставуваат надгробни споменици, врз основа на кои доваѓаме до извесни податоци и заклучоци. Врз основа на податоците од една од овие надгробни плочи, узнавме за името на една античка населба во Прилепско. Интересен е начинот и техниката на обработката на самите релјефи. Исто добивме податоци и за некои култови.

1. Стелата (сл. 2), која била од едната страна на гробот, е од трошлив бел мермер[2]) со следниве димензии: висина 1,73, ширина 0,73 дебелина 0,13 м. Горе завршува со фронтон и акротерии. На фронтонот е претставена шишарка од долниот крај на која излегуваат надесно и налево две ленти. Боровата шишарка се среќава како декоративен мотив кај многу антички надгробни споменици во Македонија, на пр. во Битолско, Кавадарско, Скопско и др. места.

Во едикулата се претставени во еден ред, одлево надесно, пет фигури: а) маж облечен во химатион и хитон, кој се гледа на градите. Тој ја има протегнато левата рака надолу а десната ставено на градите под химатионот; б) маж со опасан кус хитон и со сагум закопчан на десното рамо со фибула; во десната рака држи витис; в) жена со коса разделена на два дела и облечена во хитон и химатион; г) жена со иста облека и во истата стројка, а на главата го издигнала горниот дел од химатионот во вид на превез; д) маж сличен на првиот одлево. Сите (со исклучок на втората фигура) ја имаат ставено десната рака на градите.

---

[2]) Мермерот произлегува од каменоломот „Сивец", кој се наоѓа близу до с. Плетвар, Прилепско.

Натписот на грчки јазик е издлабен во квадратно профилирано поле со димензии: 0,60 X 0,65 м и гласи:

Αὐρ (ήλιος) Γαιανὸς[3]) καὶ Αὐρ (ηλία) Γαιανὴ ἡ σύνβιος αὐτοῦ
ζῶ(ν)τες ἑαυτοὺς καὶ
τέκνων Αὐρ(ήλιον) Νικόστρατον
καὶ Ναιάνης καὶ τὸν πολυ-
ώδυνον Αὐρ(ήλιον) Φίλιππον

Висината на буквите варира од 1,5 до 3,5 см. Името Αὐρήλιος (Аурелиус), многу често римско име, овде е предадено скратено, како што се случува во многу други натписи од Македонија: Αὐρ(ήλιος), Αὐρ (ηλία) во номинативна форма Αὐρ(ήλιον) во акузативна форма. Во вториот ред стои σύνβιος наместо σύμβιος, како и кај некои други натписи од Прилепско и Т. Велешко. Во третиот ред е палеографската форма ῶ = ων (ζῶτες = ζῶντες). Тоа го среќавање и кај натписите од Кавадарска и Битолско.[4])

Во горниот натпис забележителен е типот на буквите Є, C, ω, кои се карактерни за натписите од II — III век.

Оваа надгробна стела, како што се гледа од содржината на натписот ја подигнале Аурелии Геан и неговата сопруга Аурелиа Геана уште кога биле живи. Тие го направиле тоа со своите деца Аурелии Никострат и Неана за сеќавање на Аурелии Филип, чија смрт им причинила голем бол.

Имињата, што што се цитирани во натписот, одговарат на фигурите, кои се претставени во едикулата.

2. Најголема стела, што била ставена на другата страна на гробот (сл. 3), е исто од бел мермер, со димензии: висина 1,95, ширина 0,64 и дебелина 0,18 м. Горе и таа завршува со фронтон, во кој стои за декоративен мотив розета, а налево и надесно од неа геометриски украс.

Во длабокото квадратно поле на едикулата има 4 фигури, наредени во еден ред an fas и исполнети со големо уметничко искуство. Одлево надесно се претставени: а) маж облечен во химатион со спуштена десната рака надолу, а со левата го држи химатионот; б) до него мало машко дете; в) друг маж во свечена поза и во иста облека; г) жена, која го издигнала горниот дел на химатионот преку главата во вид на превез. Жената и средниот маж ја имаат ставено десната рака на градите.

Во профилирано натписно поле, украсено со рамка, стои грчки натпис, грижливо напишан во стихотворна форма и со длабоко издлабани букви. Тој гласи:

Μάρκου μνῆμα τόδ' ἐστὶ Νε-
ωτέρου, ὅς ποτε ὢν τε
ἠίθεος θαλερὸς τὸν καὶ
μακάρες ἀγάσαντο,
μουσάων[5]) θεράπων[6],) οὔ-
δε νύμφαισιν ἀπεχθής.
Δύστηνοι δὲ γονῆες ἀνέ-



Сл. 2

[3]) Името Αὐρήλιος Γαιανὸς се среќава и кај други натписи, н. пр. од с. Скачинци (Т. Велешко) и од с. Дуња (Прилепско): Види Вулиќ, СПОМЕНИК LXXI, бр. 89 и 384.

[4]) Види Вулиќ СПОМ. XCVIII, бр. 142 и СПОМ. LXXI, бр. 17.

[5]) Спореди Вулиќ, СПОМ LXXVII бр. 75.

[6]) Спореди Δ. Κανατσούλης, Η Μακεδονική προσωπογραφία, σ. 19/119.

στησαν τόδε λαϊνόν,
νικητοῦ ὤπις καὶ κλέος
Μαδεχέφρων.

Висината на буквите варира од 2 — 5 см, а тие се напишани во scriptio continua. Во четвртиот ред стои аорисната форма ἀγάσαντο, која се среќава главно во епосот. Зборовите μουσάων и γονῆες се предадени без контракција на вокалите.

Како се гледа од содржината на натписот, споменикот го подигнале ожалостените родители, за сеќавање на својот син Марк Помладиот, кој некогаш бил славен младич сакан од блажените богови, кој бил и служител на музите, а самите нимфи не го мразеле.

Бидејќи Марк бил „служител на музите“ (μουσάων θεράπων), тој сигурно работел активно во некоја гран-



Сл. 3

ка од науката или уметноста, на чело на кои, според митологијата, стоеле 9 музи.

Дека култот на нимфите бил распространет и во Македонија, се гледа од разни натписи и споменици,[7]) најдени порано, како и од народните преданија и верувања во самовили и слично, кои и денеска постојат не само кај нас, туку и во сите соседни народи. Култот на нимфите во Deuriop (денешно Прилепско) е поврзан со култот на Асклепиј и Хегија, како и со култот на обилните студени извори и дабови шуми. Во чест на нимфите биле посветени и вотивни споменици во Heracleia Linkestis[8]) и во Stobi.[9])



Сл. 3a

Зборот ἠίθεος θαλερὸς не приведува на мислата дека Марк како младич бил со цутечки сили, а пак од μουσάων θεράπων и од стихотворната форма на натписот заклучивме дека тој можеби бил поет или говорник славен во својата κώμη Madehefra.

Бидејќи овој споменик е подигнат од родителите за сеќавање на нивниот син, би се очекувало дека на стелата треба да стојат релјефите на тројца луѓе. Меѓутоа, на него има една фигура повеќе, т. е. еден релјеф на машко дете ( = душата на покојникот?).

7) Види Вулиќ СПОМ. XCVIII бр. 406 (св. Николе).

8) Види кај Вулиќ, СПОМ. LXXI, бр. 37.

9) Во април 1958 год. била најдена за време на орањето од Александар Димитров во близината на село Росоман (до Стоби) една нова вотивна стела, која им е посветена на нимфите. На нејзиниот рељеф се претставени три нимфи како ὑδροφόροι.

Горниот споменик е важен и интересен поради тоа што од него узнаваме за постоењето на една досега непозната античка населба, чие име Madehefra или Madehefrai — го доведуваме во



Сл. 4

врска со генитивното Μαδεχέφρων. Тоа била веројатно κώμη, која се наоѓала во близината на денешното село Браилово. Узнаваме, исто така, дека постоел и култ на нимфите во овој крај.

3. Стелата (сл. 4), која служела за покривач на гробот, е од бел мермер со димензии: висина 1,50, ширина 0,58 и дебелина 0,14 м. На горниот дел таа завршува со фронтон, во чија средина има розета како декоративен мотив, а околу розетата концентрични кругови, како и кај стелата сл. 3. Горниот дел од фронтонот е искршен.

Во едикулата се претставени релјефно 4 фигури: два мажи и меѓу нив жена. Првиот маж е облечен во кус опасан хитон и држи во десната рака витис, со наметнат сагум на левото рамо. Жената го има издигнато горниот крај на химатионот и префрлен преку главата во вид на превез. Другиот маж е облечен во хитон и химатион со левата рака спуштена низ телото, а десната ја држи на градите. Налево од првиот маж, во самата рамка на релјефното поле, а претставено едно дете (можеби душата на покојникот).

Под едикулата, во квадратно профилирано поле со димензии 0,48 X 0,38 м, е издлабен натпис, кој е многу оштетен и не може да се каже ништо сигурно за неговата содржина.

4. Стелата (сл. 5), која служела исто за покривач на гробот, е од истиот материјал како и другите погоре стели и има димензии: висина 1,45, ширина 0,66 и дебелина 0,15 м. Горе, како и другите стели завршува со фронтон и акротерии. Во фронтонот, кој е малку поткршен горе, а претставен коњаник, кој галопира надесно. Тој ја дигнал десната рака и е претставен an fas од половината нагоре.

Во едикулата се претставени 4 фигури: а) маж, облечен во химатион, кој



Сл. 5

држи во десната рака витис, б) жена, која го има издигнат горниот крај на химатионот преку главата во вид на превез, а десната рака ја ставила на

градите, в) маж во хитон и химатион окачен на левата рака и г) фигура на жена облечена во хитон и химатион и со јасна фризура.

Долу, под едикулата, е предаден натпис на грчки јазик, од кој се останати само неколку букви. И овде, поради големата оштетеност на натписот, не се знае за кого и од кого бил подигнат овој споменик. Но од релјефот на коњаникот може да се претпостави дека веројатно да бил подигнат за некој војник.

Коњаникот, што стои на фронтонот, во однос на формата и техниката е од типот на таканаречениот „Тракиски



Сл. 6

коњаник“ или „Тракиски херос“, чиј култ бил многу распостранет во Тракија и надвор од неа.[10]) Во досега најдените вакви споменици во Македонија

херосот е предаден со атрибути или без нив. Се смета дека тој херос се претставува без атрибути кај спомениците од последните векови на римското владеење во Македонија. Таков е случајот со горниот споменик. Тука е претставен хероизираниот покојник, кој бил на служба во коњаницата на римските помошни војски.

5. Најмалата стела (сл. 6), која стоела на западниот дел од гробот, е од ист материјал како и другите стели и ги има следниве димензии: висина 1,12, ширина 0,48 и дебелина 0,13 м. Горе завршува со фронтон, каде има остатоци од розета.



а в

Сл. 7

Во едикулата, што го зафаќа речиси целиот споменик, во едно профилирано поле со димензии 0,73 X 0,38 м, е претставена женска фигура и до неа фигура на мало дете. И двете фигури стојат исправени на постамент, што се наоѓа во средината на стелата. Жената е облечена во долга туника, која го покрива целото тело и има вертикални канелури. На левото рамо таа носи некој предмет, може би стомна. И жената и детето ги имаат скрстено рацете на градите. По уметничка обработка, овие две фигури се послаби од другите опишани споменици. Оваа стела нема натпис.

Сите стели на долниот крај завршуваат со клин, кој служел за поставување и закрепување на постамент. Од задната страна тие се грубо изработени, односно само израмнети.

Техничката обработка на гореопишаните стели е многу добра, доколку се зачувани. Внимателно и во подробности се предадени сите детали на фигурите во однос на облеката, стојката, фризурите (кај жените) движењето на

[10]) За тракискиот коњаник види кај Кацаров и другаде.

рацете и на предметите што ги држат. Тоа се однесува и до лицата и предметите што се претставени на фронтоните. Уште на прв поглед паѓа во очи дека се работи за реално предадени творби, создадени од римското провинциско искуство во Македонија во периодот на II — III век н. е. Фигурите, чии имиња се споменуваат во натписите (стела 1 и 2) се претставени реалистички, што покажува дека горните споменици се изработени по порачка. Вакви добро изработени релјефи излегувале од рацете на искусни мајстори — вајари, чија работилница морала да се наоѓа во некоја градска населба, (можеби во Kerameja Stuberra или Deuriop).

Како и во другите надгробни стели од овој период на римското царство, фигурите се претставени an fas, една до друга, без врска помеѓу нив, како да се независни една од друга.

Интересно е дека нашите споменици од с. Браилово имаат голема сличност со некои споменици од Прилепско, откриени порано, како што се спомениците од Ореховац,[11]) Дабница[12]) и од Радобил.[13]) Сите елементи зборуваат дека тие стели, како и нашите 4 (1 — 4) се изработени од вајари со исти уметнички традиции. По секоја веројатност, работилницата, која изработувала по порачка вакви споменици, се наоѓала некаде околу денешниот град Прилеп.

Што се однесува до датирањето на горните споменици, сметам, дека тие се од II — III век н. е. За тоа зборуваат следниве факти: а) типот на буквите, особено на буквите Є[14]), O, C, ω ; б) стилот на релјефите и в) двочленската форма на имињата. Уметничката обработка на релјефите убедливо зборува за еден период кога римската провинциска уметност во Македонија се наоѓала на високо стапало.

Што се однесува до самиот гроб, врз основа на прибраните податоци, на плочите и наодите, на ориентацијата и конструкцијата му, на мнение сум дека може да биде од ранохристијанскиот период, околу IV — V век н. е.[15])


## RESUMÉ

### LES NOUVELLES MONUMENTS FUNERAIRES DU VILLAGE BRAÏLOVO PRES DE PRILEP

*Apostol Keramitčiev — Musée archéologique — Skopje*

Au mois d'octombre 1957, un paysan du village de Brailovo, arr. de Prilep, en labourant la terre dans le liue dit »Toumba«, a decouvert un tombeau de l'époque romaine tardive. Ce lieu se trouve près du village et à 15 klm. au nord de Prilep. Le tombeau est orienté ouest-est et a les dimensions suivantes: longueur 1,72 cm., largeur 70 cm. et profondeur 64 cm.

Comme matériaux de construction ont été utilisées 5 stèles, prises d'autres tombeaux, plus anciens, qui vraisemblablement se trouvaient dans le voisinage. Sur le plancher du tombeau il y avait des grandes tuiles. Pour le soudage des tuiles et des dalles était employé mortier.

Dans le tombeau a été trouvé un squelette à demi décomposé (les jambes, le crâne et les dents étaient mieux conservés), de même qu'un petit anneau


---

11) Вулиќ, СПОМ. LXXI, бр. 428.

12) Вулиќ, СПОМ. XCVIII, бр. 343.

13) Вулиќ СПОМ. LXXI, бр. 463.

14) Cagnat. Cours d'épigraphie latine p. 14.

15) Од ова место му се заблагодарувам на професор д-р П. Лисичар за советите што ми ги даде при обработката на горните споменици, како и на директорот на Прилепскиот музеј Б. Бабиќ, кој ми ги даде горните споменици за да ги обработам и објавам.

d'argent et une perle de verre trouée, représentant des parures feminines. Parmi les os il y avait aussi un peu de terre.

Les stèles qui ont servi de matériel de construction se rapportent au III-e siècle, comme on peut conclure d'après leurs reliefs, d'après le texte des inscriptions et d'après le caractère des lettres. Les inscriptions sont grecques.

Stèle N. 1 (fig. 2) a: fronton avec un pignon, b) le relief dans l'édicule représantant une famille, c) l'inscription (voir p. 3).

Stéle N. 2 (fig. 3) a aussi 3 parties: a) fronton avec une rosette, b) le relief dans l'édicule et c) l'inscription (voir p. 5), écrite en vers. Cette inscription est intéressante et bien importante puisqu' on y mentionne une cité jusqu' à présant inconnue- Madehefra-probablement Κώμη.

De même nous apprenons l'existance du culte des nymphes dans cette région.

Les stèles N. 3—5 sont moins importantes. On peut seulement noter la figure d'Heros chevalier, reppresenté dans le fronton de la stèle N. 4 (fig. 5).

# ЕДНО ДЕПО НА РАНОВИЗАНТИСКИ МОНЕТИ ОД СЕЛО СЕЛЦЕ, ПРИЛЕПСКО

*Апостол Керамитчиев — Археолошки музеј — Скопје*

На околу 800 метри источно од с. Селце,[1]) Прилепско, кај месноста „Сува Ливада", било најдено во една нива за време на орање во 1929 година од Илија Стефановски едно големо депо со рановизантиски бронзени монети.

Монетите не се наоѓале, како обично во некој метален или глинен сад, туку биле истурени безредно во приготвениот за таа цел простор со димензии 0,30 X 0,30 X 0,25 м., направен од груби камени плочи. Дното кое било поплочено се наоѓало на 0,70 м длабоко. За покривач на просторот исто била употребена една камена плоча со поголеми димензии. Внатре немало земја. Над монетите и под нив биле најдени остатоци од изгниено платниште, нешто што зборува дека монетите биле на брзина поставени и не за долго време во депото, завиткани во некоја торба.

Колку монети содржало ова депо — не ни е извесно. Според податоците добиени од наоѓачот Илија Стефановски, што ги сметам за најверни, имало околу 600 монети, и тоа само бронзени. Меѓутоа неговиот помал брат Блаже ни кажа дека во депото имало околу 1000 монети. Само еден мал дел од нив, 214 броја, биле откупени и подоцна предадени од еден приватен колекционер на Археолошкиот музеј во Скопје, додека поголемиот дел биле распрснати меѓу селаните од Селце, според раскажувањата на поединци — главно меѓу децата, и се загубиле. Друг еден селанец ни призна, дека до пред 2 — 3 години во селото можело да се најдат со десетици такви монети, со кои децата играле по улиците.

Дали имало и златни или сребрени монети во депото не може со сигурност да се каже. Судејќи по кажувањето на наоѓачот Ил. Стефановски, најдените монети биле само бронзени. М. Грбиќ[2]) опишува 18 бронзени монети од доцноримскиот период (Probus, Diocletianus, Gal, Maximianus, Her. Maximianus, Constantinus I, Constans I, и др. Тој смета дека овие монети се најдени во с. Селце заедно со монетите на нашето депо.

Малиот дел од ова депо, што стигнал до нас, се состои исклучиво од големи бронзени монети (Follis), ковани од тројца императори на Византија, што владееле едноподруго од 491 — 565 година. Од 214 монети, 29 примероци се од Анастазии I (491 — 518), 82 од Јустин I[3]) (518 — 527), 101 од Јустинијан I[4]) (527 — 565) и 2 остануваат неодредени, бидејќи се оштетени.

Монетите на Анастазии I[5]) се одликуваат се необична големина (некои имаат до 40 мм пречник) и дебелина, а тежината им варира од 14 — 19 грама. За одбележување е дека големите монети се потенки, додека оние со помал пречник имаат поголема дебелина. Од

1) Во атарот на селото, кај месноста „Сува Ливада" и „Маври Лозје" биле најдени во нивите, за време орање и копање, фрагменти од грнчарија, неколку римски и византиски монети и 5 големи питоси.

2) Гласник Скопског научног друштва, 1929, стр. 51.

3) Тој достигнал во војната кариера до Κόμης τῶν ἐξσκουμπίτων и по смрта на Анастазии I бил избран за император од сенатската аристократија.

4) Внук на Јустин I, произлегувал од словенско селско семејство што живеело во околината на Скупи (Левченко, Историја стр. 73).

5) Од него биле првпат ковани златни и бакарни монети со специфичен византиски карактер (Тод. Герасимов, Произход и значење на монетите).

познатите 4 вида[6]) со различни вредности, во нашето депо има 28 монети од 40 нумии вредност (со буква М) и само една монета од 20 нумии (со буква К). Тие се ковани во: CON[7]) 27 броја; во NIKM[8]) 1 број. Монетата од 20 нумии нема на реверсот ковница, но претполагам дека таа е кована во Цариград (CON).

Помали се монетите од наследникот на Анастазии Јустин I. Тие имаат пречник главно 30 — 32 мм. Само една од нив има 36 мм пречник. Сите 82 монети имаат на реверсот буква М и се од 40 нумии вредност, т. е. најголемата вредност на бронзени монети од византиско време. Од нив 71 се ковани во CON[7]), 7 во NIKM[8]), 3 во THESSOB[9]) и една во ANTX.[10])

За Јустинијановите монети од ова депо е карактеристично дека на нив е претставен неговиот лик во профил до 539 година, а потоа тој е претставен an fas до појасот и со шлем на главата, држејќи во десната рака глобус со крст. Во нашето депо се наоѓаат 12 фолиси со пречник 35—40 мм. Од 101 монети, 97 се од 40 нумии вредност и само 4 од 20 нумии. На 16 примерока е одбележана годината од царувањето на Јустинијан I. Од 538 — 39 год.[11]) започнува традицијата да се одбележува и на бронзените монети годината на нивното ковање. Во нашето депо најрано кованите монети се датирани со ANNO XIII, т. е. тие се ковани во 13 год. од почетокот на Јустинијановото владеење (во 539) а најдоцнешните имаат ANNO XXV, т. е. ковани се во 551 година. Од монетите на Јустинијан I, 86 се ковани во CON[7]), 10 во NIKM[8]), 2 во KYZ[12]), 2 во ΘΥΠΟΛΣ[13]) и една монета во Картаген.

Како по големина и дебелина така и по тежина, монетите од 40 нумии вредност се разликуваат меѓусебно.

Најтешката монета е од J
24,2 грама (бр. 92), а најлес
тиот император со 13,1 гр. (6
мерите и тежината на брон
нети уште при Анастазии I
какво значење за опреде
вредноста. Таа била просто
некоја буква ил број.[14])

Времето во кое се кован
нети, особено времето на Ју
— е познато во историјата
на многу бурни настани на
от Полуостров. Во Византија
остри политички и религио
се изострувале класните про
ти и судрувања и се крев
нија од народните маси прот
ататорската класа. Од север
и другите племиња го помин
нав и навлегуваат длабоко
и Македонија. За да ја поп
ната инвазија, Јустинијан
голема градежна и укрепува
та,[15]) со кое на некои облас
перијата им помогнал за ни
номски развиток, додека дру
нале под ударот на опустошу

По стратегиските места в
нија — тесните планински
источно и северно од Прилеп
речиси најважни за одбрана
тите јужномакедонски облас
стационирани силни византис
зони, за чија издршка се тро
гу парични средства. Од дру
била извршена финансиска и
тративна реорганизација, со
нијан I имал намера да ја за
бранбената моќ на Империјат
запре продирите на племиња
вер.

Во врска со ова, ми се чи
веројатно дека депото било
во земјата последните годин
вањето на Јустинија I, и тоа
— 560 година, токму за врем
борби со надворешните не

---

6) H. Goodacre, Handbook од the Coinage од the Byzantine Empire II, 62.
7) Constantinople.
8) Nicomedia.
9) Thessalonica.
10) Antiochia. (Θεούπολις).
11) H. Goodacre II, 69.
12) Kyzicus.
13) Antiochia (Θεούπολις).

14) Sabatier I, 38; Engel, Traité
matique p. 3—4.
15) Прокопии споменува дека
градени и обновени 380 мали тврд
πύργοι) во Македонија, Илирија
кои му придавале на Балканскиот
вид на силно укрепен логор (Παπο
'Ιστορία, σ. 120.)

или за време на внатрешните расправии и судрувања.

Во поткрепа на едно такво мислење зборуваат и следниве факти: 1) Во делот од тоа депо, што стигнал до нас не е најдена никаква монета од подоцнешните императори на Византија. Најверојатно дека немало вакви и во изгубениот дел, 2) Најповредени се монетите од Анастазии I, што е нормално, бидејќи тие биле подолго време во промет, додека Јустинијановите монети се најмалку повредени. Особено некои од монетите на последниот, кои се ковани околу 548 — 552 година, се наполно зачувани и имаат сјај на аверс и реверс, нешто што не се среќава кај монетите на претходните императори. 3) Околу 40 монети[16]) (од 3 императори), што се наоѓале веројатно на дното од депото, биле повредени од влагата што проникнала внатре преку пукнатините, бидејќи депото не било изградено солидно а и поради тоа што ѕидовите му биле само од камен без малтер. Тие монети биле повторно повредени од наоѓачот. Илија Стефановски ни призна дека уште во почетокот, кога ги нашол се обидел да ги очисти монетите триејќи ги со пепел и песок, без да знае дека со тоа им причинува непоправливи повреди. Тогаш биле повредени голем број монети. Така, на монетите под бр. 17, 18, 25, 33, 43, 88, 117 и други има траги од удар со метален предмет или камен.

Се поставува и едно друго прашање: кој можел да биде сопственикот на овие монети и кој ги сокрил? Ко жел да притежава една вакваа г сума пари во тоа време? Од ф дека речиси сите до нас стигнат нети се од 40 нумии вредност[17]), да се претполага дека тоа големо било закопано во земјата од неко сок функционер на византиската ска или администрација или па некој местен богат земјовладетел за време на борбите побегнал ил гинал, а монетите останале закопа земјата 14 векови.

На околу 2 метри близу до ме на наодот биле најдени остатоци о која мала заграда, која претполага е во врска со најденото монетно Можеби на ова место се наоѓала дата на некоја византиска стража го штитела најпрекиот пат, што нувал преку Дренска Планина и врзувал Прилеп со мориовските Но, не е исклучено таа зграда да во имотот на некој местен зем ственик. Остатоци од една античк селба се откриени на околу 600 северно од местото на наодот, под манастирот Св. Димитрие и до старите гробишта.

Ова депо, иако содржи бро монети, сметам дека е важен изв запознавање на политичкиот, ст скиот[18]) и општествениот развит нашата земја во крајот на V и п половина на VI век, кога словен племиња го поминале Дунав и почнале колонизирањето на Ба скоит Полуостров.

[16]). Со многу повреден аверс и реверс има околу 40 монети.

[17]). Само 5 монети се од 20 нумии вредност.

[18]). Постоеле здрави трговски врски меѓу Прилепската област со Солун и со гл град на Византија — Константинопол.

Од ова место ѝ се заблагодарувам Бл. Алексова, кустос во Археолошкиот во Скопје, поради тоа што ми го отстап ното депо за обработка и објавување.

**Самото депо, како што е дојдено до нас, изгледа вака:**

| Реден број | О П И С | Литература:[19] W. (Wroth) S. (Sabatier) | Метрички подагоци | | Денешна состојба (зачуван[20]) | | Забелешка |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Промерување (мм) | Тежиина (грама) | AV | RV | |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| | **I. ANASTASIUS I** (491 — 518) | | | | | | |
| | **1. CONSTANTINOPLE** | | | | | | |
| 1 — 6 | AV. D. N. ANASTASIVS P. P. AVG. Неговото попрсје на д. со дијадема на главата, наоколу круг. RV. Буква М; на л. и д. ѕвезда; горе — крст; — долу CON (ковница). | S. 154/14 | 33 | 17 | 2 | 2 | |
| | | стр./број | 33 | 17,5 | 3 | 3 | |
| | | | 33 | 18,8 | 4 | 4 | |
| | | | 33 | 18,1 | 4 | 4 | |
| | | | 33 | 17,2 | 3 | 4 | |
| | | | 33 | 16 | 4 | 3 | |
| 7 — 9 | AV. Иста легенда, како и бр. 1 — 6 но со различно попрсје[21]) RV. Исто како и бр. 1 — 6. Под М буквата А[22]); долу — CON. | W. 4/18 | 33 | 16 | 4 | 3 | |
| | | | 35 | 18,6 | 4 | 4 | |
| | | | 35 | 16,2 | 4 | 3 | |
| 10 — 11 | AV. (D. N. ANA) 'STASIVS P. P. AVG. Неговото попрсје на д., наоколу круг. RV. Буква М; на л. и д. — ѕвезда; горе — крст; под М буква В и CON. | W. 4/20 | 33 | 16,3 | 4 | 3 | |
| | | | 33 | 16,5 | 4 | 3 | |
| 12 — 14 | AV Исто како и бр. 7 — 9. RV. Исто како и бр. 1 — 6. Под М буква Г; долу — CON. | W. 4/23 | 33 | 19,3 | 4 | 3 | |
| | | | 33 | 16 | 4 | 3 | |
| | | | 35 | 17,2 | 1 | 1 | |

19) Од литературата користев W. Wroth »Catalogue of the imperial Byzantine Coins in the British museum« t. I; Sabatier »Discription generale des monnaies Byzantines«, Paris, 1862; i Gôodacre »Handbook of the Coinage of the Byzantine Empire« II, London, 1931.

20) Преглед на состојбата на монетите:
1. = многу добро зачувана монета.
2. = добро зачувана монета.
3. = средно зачувана монета.
4. = слабо зачувана монета.
5. = сосем лошо зачувана монета.

21) Карактеристично за монетите, што ги опишуваме погоре, е големата разновидност на императорската фигура. Додека легендата околу фигурата во сите случаи си останува иста, само со поголеми или помали букви, попрсјето иконографски претрпува промени. Многу тешко ќе биде да се најдат во нашето депо монети наполно идентични. Овој факт ни дава право да сметаме дека горните монети се ковани со многу печати. За поголема прегледност монетите се подредени хронолошки по императори, по ковници и по работилници.

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 15 | AV. D. N. ANASTASIVS P. P. (AVG). Неговото попрсје на д. со дијадема на главата, наоколу круг од црти. RV. Исто како и бр. 1 — 6. Под M — буква Δ; долу — CON. | W. 4/27 | 33 | 15,4 | 3 | 3 | |
| 16 — 17 | AV. D. N. ANASTASIVS P. P. AVG. Неговото попрсје на десно.; наоколу круг. RV. M, на 1. — ѕвезда; на д. — полумесец; под M — буква ε и долу — CON. | W. 4/17 | 35 | 17,3 | 4 | 3 | |
| | | | 35 | 16,4 | 4 | 3 | |
| 18 — 27 | AV. Исто како и бр. 7 — 9. RV. M, на 1. и д. — ѕвезда; горе — крст; под M — буква ε и долу — CON. | W. 4/28 | 35 | 14,3 | 5 | 4 | |
| | | | 35 | 14 | 3 | 3 | |
| | | | 35 | 13,5 | 4 | 3 | |
| | | | 35 | 16 | 3 | 2 | |
| | | | 35 | 16,4 | 4 | 3 | |
| | | | 35 | 16,8 | 4 | 3 | |
| | | | 35 | 17,1 | 3 | 2 | |
| | | | 35 | 15 | 5 | 4 | |
| | | | 37 | 16,9 | 1 | 1 | |
| | | | 37 | 18,4 | 3 | 3 | |
| 28 | AV. D. N. ANASTASIVS P. P. AVG. Неговото попрсје на д., наоколу круг. RV. Буква K, на л. — голем крст; на д. — буква Г. | W. 5/31 | 30 | 9,9 | 4 | 3 | |
| | **2. NICOMEDIA** | | | | | | |
| 29 | AV. D. N. A. (NASTA) SIVS P. P. AVG. Неговото попрсје на д. со дијадема на главата, наоколу круг од црти. RV. M (танко), на л. и д. — мала ѕвезда; горе — крст; под M — монограм ; долу — NIKOMI. | | 40 | 16,5 | 2 | 2 | |
| | **II. JUSTINUS I (518 — 527)** | | | | | | |
| | **1. CONSTANTINOPLE** | | | | | | |
| 30 — 37 | AV. D. N. JVSTINVS P. P. AVG. Неговото попрсје на д. со дијадема на главата, наоколу круг. RV. M на д. и 1. — ѕвезда; горе — крст; долу — CON. | S. 162/21 | 31 | 16,1 | 4 | 3 | |
| | | | 31 | 17 | 4 | 4 | |
| | | | 31 | 13,2 | 4 | 4 | |
| | | | 31 | 16,6 | 4 | 4 | |
| | | | 31 | 13,3 | 4 | 3 | |
| | | | 31 | 15,7 | 3 | 3 | |
| | | | 35 | 14,2 | 4 | 3 | |
| | | | 35 | 14 | 4 | 3 | |

22) Во византиското време ковниците и нивните работилници-атељеа имале редни броеви. Ковниците биле означени со латински броеви или со грчки букви, а работилниците — атељеа со грчки или латински букви. Така буквите A, Б, Г, Δ E, Z, што ги означувале броевите 1, 2, 3, 4, 5, 6 и литинските букви P. T. S. (Primo, secundo, tertio) биле редните броеви на работилниците — атељеа на дадена ковница (Babelon, Traité des monnaies grecques et rom. I, p. 1023).

Фотографиите што ги употребуваме во оваа статија се направени од Д. Черњаковски, фотограф при Археолошкиот музеј во Скопје.

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 38 — 43 | AV. Иста легенда како и бр. 30 — 37, но со различно попрсје. RV. M, на л. — ѕвезда; на д. — крст; горе — исто крст; долу — CON. | S. 162/19 | 30 | 16,6 | 3 | 3 | |
| | | | 30 | 15 | 3 | 3 | |
| | | | 30 | 18,2 | 3 | 3 | |
| | | | 30 | 15,5 | 4 | 3 | |
| | | | 30 | 17,2 | 3 | 3 | |
| | | | 30 | 18 | 4 | 4 | |
| 44 — 51 | AV. Исто како и бр. 38 — 43. RV. M, на л. и д. — ѕвезда; горе — крст; долу под M — буква A и долу — CON. | W. 14/20 | 31 | 17 | 3 | 3 | |
| | | | 31 | 13,1 | 4 | 4 | |
| | | | 31 | 13,2 | 3 | 3 | |
| | | | 31 | 18,8 | 4 | 4 | |
| | | | 31 | 16,2 | 3 | 3 | |
| | | | 31 | 15,1 | 4 | 4 | |
| | | | 31 | 21,1 | 4 | 3 | |
| | | | 31 | 18,2 | 4 | 3 | |
| 52 — 60 | AV. Исто како и бр. 38 — 43. RV. M, на л. — ѕвезда; на д. — — крст; горе — крст; под M — буква A и долу — CON. | W. 14/29 | 30 | 16 | 4 | 3 | |
| | | | 30 | 16,1 | 4 | 4 | |
| | | | 30 | 16,6 | 3 | 2 | |
| | | | 30 | 15,2 | 3 | 3 | |
| | | | 30 | 17,6 | 4 | 4 | |
| | | | 30 | 17,9 | 4 | 3 | |
| | | | 30 | 17,2 | 4 | 3 | |
| | | | 30 | 13,6 | 4 | 4 | |
| | | | 30 | 17,8 | 4 | 4 | |
| 61 — 66 | AV. Исто како и бр. 38 — 43. RV. M, на л. — ѕвезда; на д. — крст; горе — крст; под M — буква B и долу — SON. | W. 14/30 | 30 | 16,6 | 4 | 3 | |
| | | | 30 | 18,5 | 5 | 4 | |
| | | | 30 | 15,8 | 5 | 3 | |
| | | | 30 | 15,7 | 5 | 4 | |
| | | | 30 | 17 | 4 | 4 | |
| | | | 30 | 15,5 | 3 | 3 | |
| 67 — 72 | AV. Исто како и бр. 38 — 43. RV. M, на д. и л. — ѕвезда; горе крст; под M — буква Γ и долу — CON. | W. 14/23 | 31 | 15,4 | 3 | 3 | |
| | | | 31 | 15,2 | 3 | 3 | |
| | | | 31 | 15,1 | 4 | 3 | |
| | | | 31 | 15 | 4 | 3 | |
| | | | 31 | 15,7 | 4 | 3 | |
| | | | 31 | 16,2 | 4 | 3 | |
| 73 — 76 | AV. Исто како и бр. 38 — 43. RV. M, на л. — ѕвезда; на д. — крст; горе — крст; под M — буква Γ и долу — CON. | W. 14/31 | 30 | 17 | 3 | 2 | |
| | | | 30 | 17 | 4 | 3 | |
| | | | 30 | 16 | 4 | 3 | |
| | | | 30 | 14,5 | 4 | 3 | |
| 77 — 89 | AV. Исто како и бр. 38 — 43. RV. M, на л. и д. — ѕвезда; горе — крст; под M — буква Δ и долу — CON. | W. 14/25 | 31 | 14,5 | 5 | 3 | |
| | | | 31 | 13,7 | 4 | 3 | |
| | | | 31 | 15,8 | 3 | 2 | |
| | | | 31 | 18,3 | 3 | 2 | |
| | | | 31 | 17,2 | 3 | 2 | |
| | | | 31 | 16,7 | 3 | 2 | |
| | | | 31 | 19,1 | 5 | 4 | |

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | 31 | 17,8 | 4 | 4 | |
| | | | 31 | 17,1 | 4 | 4 | |
| | | | 31 | 17 | 3 | 3 | |
| | | | 32 | 16,8 | 2 | 2 | |
| | | | 32 | 15,4 | 5 | 4 | |
| | | | 32 | 13,9 | 4 | 3 | |
| 90—97 | AV. Исто како и бр. 38 — 43. RV. M, на л. и д. — ѕвезда; горе — крст; под M — буква ε; долу — CON. | W. 14/27 | 31 | 17,6 | 4 | 3 | |
| | | | 31 | 14,7 | 4 | 3 | |
| | | | 31 | 24,2 | 4 | 4 | |
| | | | 31 | 18,1 | 4 | 3 | |
| | | | 31 | 17 | 4 | 3 | |
| | | | 31 | 15,8 | 3 | 3 | |
| | | | 31 | 14,8 | 4 | 3 | |
| | | | 31 | 15,3 | 5 | 4 | |
| 98—99 | AV. (D. N. JVS)TINVS P. P. (AVG). Неговото попрсје на д. со дијадема на главата. RV. M, на л. — ѕвезда; на д. — крст; горе — крст; под M буква ε и долу — CON. | S. 162/19 | 30 | 16,3 | 4 | 3 | |
| | | | 30 | 17,6 | 4 | 3 | |
| 100 | AV. (D. N. J.) VSTINVS P. P. AVG. Неговото попрсје на десно. RV. M, на л. и д. — крст; горе — крст; под M — буква ε; долу — CON. | S. 162/19 | 30 | 16 | 4 | 3 | |
| | **2. THESSALONICA** | | | | | | |
| 101—103 | AV. D. N. JVSTINVS P. P. AVG. Неговото попрсје на д. со дијадема на главата; наоколу круг. RV. M, на л. и д. — ѕвезда; горе — крст; долу — THESSOB — (ковница). | W. 17/49 | 29 | 16,7 | 2 | 2 | |
| | | | 29 | 16,3 | 2 | 2 | |
| | | | 29 | 21,7 | 3 | 2 | |
| | **3. NICOMEDIA** | | | | | | |
| 104—106 | AV. D. N. JVSTINVS P. P. AVG. Неговото попрсје на д. со дијадема на главата. RV. M, на л. и д. — ѕвезда; горе — крст; под M — буква A и долу — NIKM. | W. 17/51 | 34 | 17,5 | 3 | 2 | |
| | | | 31 | 16,1 | 4 | 3 | |
| | | | 31 | 17,2 | 3 | 2 | |

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 107 — 110 | AV. Исто како и бр. 104 — 106. RV. M, на л. и д. — ѕвезда; горе — крст; под M — буква B; долу — NIKM. | W. 17/53 | 32 | 15,3 | 4 | 3 | |
| | | | 32 | 17 | 3 | 2 | |
| | | | 32 | 15,8 | 2 | 2 | |
| | | | 32 | 16,7 | 4 | 3 | |

## 4. ANTIOCHIA

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 111 | AV. D. N. JVS(TINV)S P. P. AVG. Неговото попрсје на десно, наоколу круг. RV. M, на л. — ѕвезда; на д. — полумесец; под M — буква; Δ; долу — ANTX. | W. 19/66 | 36 | 17,8 | 3 | 2 | |

## III. JUSTINIANUS I

(527 — 565)

## 1. CONSTANTINOPLE

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 112 — 117 | AV. D. N. JVSTINIANVS P.P. AVG. Неговото попрсје на д. со дијадема на главата, наоколу круг. RV. M, на л. и д. — ѕвезда; горе — крст; долу — CON. | S. 181/28 | 30 | 17,7 | 3 | 3 | |
| | | | 30 | 16,8 | 3 | 3 | |
| | | | 30 | 14,3 | 3 | 4 | |
| | | | 30 | 15,5 | 2 | 1 | |
| | | | 30 | 16,5 | 3 | 3 | |
| | | | 30 | 19,5 | 4 | 3 | |
| 118 — 129 | AV. Исто како и бр. 112 — 117, но со различно попрсје. RV. M, на л. — ѕвезда; на д. и горе — крст под M — буква A; долу — CON. | W. 29/28 | 32 | 16,4 | 2 | 2 | |
| | | | 32 | 14,5 | 4 | 3 | |
| | | | 31 | 17 | 3 | 3 | |
| | | | 31 | 16,7 | 4 | 3 | |
| | | | 32 | 17 | 4 | 3 | |
| | | | 32 | 17,4 | 4 | 3 | |
| | | | 32 | 16,8 | 5 | 4 | |
| | | | 31 | 18,3 | 3 | 4 | |
| | | | 32 | 18,2 | 4 | 4 | |
| | | | 32 | 16,4 | 3 | 2 | |
| | | | 31 | 18,7 | 3 | 3 | |
| | | | 31 | 17 | 4 | 3 | |
| 130 — 140 | AV. Исто како и бр. 118 — 129. RV. M, на л. — ѕвезда; на д. и горе — крст; под M — буква B; долу — CON. | W. 29/29 | 32 | 17,4 | 3 | 2 | |
| | | | 32 | 16,5 | 3 | 3 | |
| | | | 32 | 17,4 | 3 | 2 | |
| | | | 32 | 18 | 3 | 3 | |
| | | | 32 | 18 | 3 | 2 | |
| | | | 31 | 17,2 | 4 | 3 | |
| | | | 32 | 15,6 | 3 | 3 | |
| | | | 31 | 16,6 | 4 | 3 | |

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | 31 | 16,7 | 4 | 3 | |
| | | | 31 | 16,5 | 3 | 3 | |
| | | | 31 | 17,8 | 3 | 2 | |
| 141 — 159 | AV. Исто како и бр. 118 — 129. RV. M, на л. — ѕвезда; на д. и горе — крст; под M — буква Г; долу — CON. | W. 29/30 | 30 | 17,4 | 3 | 3 | |
| | | | 30 | 17,1 | 4 | 3 | |
| | | | 30 | 16,7 | 3 | 3 | |
| | | | 30 | 15,4 | 5 | 4 | |
| | | | 30 | 16,2 | 4 | 3 | |
| | | | 30 | 18,4 | 3 | 2 | |
| | | | 30 | 16,8 | 4 | 3 | |
| | | | 30 | 21 | 3 | 3 | |
| | | | 30 | 17 | 4 | 2 | |
| | | | 30 | 15,3 | 3 | 3 | |
| | | | 30 | 14 | 5 | 4 | |
| | | | 30 | 17,4 | 3 | 2 | |
| | | | 30 | 16,5 | 4 | 3 | |
| | | | 30 | 14,9 | 3 | 3 | |
| | | | 30 | 17,3 | 4 | 3 | |
| | | | 30 | 16,7 | 3 | 2 | |
| | | | 32 | 17 | 4 | 3 | |
| | | | 32 | 17,3 | 3 | 3 | |
| | | | 32 | 17 | 3 | 2 | |
| 160 — 174 | AV. Исто како и бр. 118 — 129. RV. M, на л. — ѕвезда; десно и горе — крст; под M — буква Δ; долу — CON. | W. 30/32 | 31 | 16,7 | 2 | 2 | |
| | | | 31 | 16,9 | 3 | 2 | |
| | | | 31 | 17 | 3 | 3 | |
| | | | 31 | 17,1 | 4 | 3 | |
| | | | 31 | 13,2 | 3 | 2 | |
| | | | 31 | 15 | 3 | 3 | |
| | | | 31 | 17,3 | 2 | 2 | |
| | | | 31 | 18,2 | 5 | 3 | |
| | | | 31 | 16,5 | 3 | 3 | |
| | | | 31 | 16,8 | 3 | 2 | |
| | | | 31 | 17,8 | 3 | 3 | |
| | | | 31 | 16,3 | 4 | 3 | |
| | | | 31 | 16,9 | 4 | 3 | |
| | | | 31 | 18,4 | 3 | 3 | |
| | | | 31 | 17,5 | 3 | 2 | |
| 175 — 185 | AV. Исто како и бр. 118 — 129. RV. M, на л. — ѕвезда; на д. крст; под M — буква ε и долу — CON. | W. 30/38 | 30 | 17,9 | 2 | 2 | |
| | | | 30 | 19 | 3 | 3 | |
| | | | 30 | 16,5 | 4 | 3 | |
| | | | 30 | 13,2 | 3 | 2 | |
| | | | 30 | 16,9 | 4 | 4 | |
| | | | 30 | 16,3 | 3 | 2 | |
| | | | 30 | 18,2 | 3 | 2 | |
| | | | 30 | 14,5 | 3 | 3 | |
| | | | 30 | 16,5 | 5 | 4 | |
| | | | 30 | 18,3 | 4 | 2 | |
| | | | 30 | 16,3 | 5 | 4 | |

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **2. NICOMEDIA** | | | | | | |
| 186 — 191 | AV. D. N. JVSTINIANVS P. P. (AVG.). Неговото попрсје на д. со дијадема на главата. RV. M, на л. — sвезда; на д. и горе — крст; под M — буква А и долу — NIKM. | W. 44/183 | 30 | 18,2 | 2 | 2 | |
| | | | 30 | 17,9 | 4 | 2 | |
| | | | 30 | 19 | 2 | 3 | |
| | | | 30 | 17,6 | 1 | 1 | |
| | | | 30 | 14,9 | 2 | 2 | |
| | | | 30 | 16,1 | 3 | 3 | |
| 192 — 194 | AV. Исто како и бр. 186 — 191. RV. M, на л. и д. — крст; горе — крст; под M — буква В и долу — NIKM. | W. 44/185 | 30 | 17 | 2 | 1 | |
| | | | 30 | 16 | 3 | 2 | |
| | | | 30 | 18,4 | 4 | 2 | |
| | **3. ANTIOCHIA** (Θεούπολις) | | | | | | |
| 195 — 196 | AV. D. N. JVSTINIANVS P. P. AVG. Неговото попрсје на д. со дијадема на главата, наоколу круг. RV. M, на л. и д. — мвезда; горе — крст; под M — буква Δ; и долу — ΘΥΠΟΛΣ | W. 54/269 | 30 | 14,5 | 3 | 2 | |
| | | | 30 | 15,4 | 3 | 2 | |
| | **МОНЕТИ КОВАНИ ПО 539 ГОДИНА** | | | | | | |
| | **1. CONSTANTINOPLE** | | | | | | |
| 197 | AV. D. N. JVSTINIANVS P. P. AVG. Неговото попрсје anfas, во л. рака држи глобус со крст, на д. од главата исто крст. RV. M, на лево од горе на долу — ANNO; горе — крст; на д. — XVI: под M — буква А и долу — CON. | W. 32/65 | 35 | 19,6 | 2 | 1 | |
| 198 — 200 | AV. Исто како и бр. 197. RV. M, на л. — ANNO; горе — крст; на десно — XIIII (бр. 198), XVII (бр. 199) и XVIII (бр. 200); под M — буква Г и долу — CON. | | | | | | кован во |
| | | W. 31/53 | 40 | 23,8 | 2 | 1 | 540 |
| | | W. 32/70 | 35 | 21,8 | 2 | 1 | 543 |
| | | | 35 | 20,5 | 2 | 2 | 544 |

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 201 — 203 | AV. Исто како и бр. 197. RV. M, на л. — ANNO; горе — крст; на д. — XIII (бр. 201 и 202 се ковани во 539 г.) и XVIII (бр. 203 е кован во 545); под M — буква Δ и долу — CON. | W. 31/49 | 40 | 21,9 | 2 | 2 | 539 |
| | | W. 31/49 | 35 | 20,1 | 2 | 1 | 539 |
| | | W. 33/74 | 35 | 18,1 | 3 | 2 | 545 |
| 204 — 205 | AV. Исто како и бр. 197. RV. M, на л. — ANNO; горе — крст; на д. — XVI (бр. 204 е кован во 542), и XXIII (бр. 205 е кован во 550); под M — буква ε и долу — CON. | | 35 | 20,8 | 2 | 2 | 542 |
| | | | 35 | 18 | 2 | 2 | 550 |
| 206 | AV. Исто како и бр. 197. RV. K, горе — крст; на л. — ANNO; на д. — XV (кована во 541); под K — буква A. | W. 36/114 | 27 | 10,5 | 3 | 2 | 541 |
| 207 — 208 | AV. Исто како и бр. 197. RV. K, горе — крст; на л. — ANNO; на д. — XIII (ковани и двете во 539); под K — буква Г. | S. 186/64 | 28 | 10,8 | 3 | 2 | 539 |
| | | | 31 | 10,7 | 2 | 1 | 539 |

## 2. NICOMEDIA

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 209 | AV. Исто како и бр. 197. RV. M, на л. — ANNO; горе — крст, на д. — XVIIII (кована во 546); под M — буква A и долу — NIKO. | W. 46/205 | 36 | 20,5 | 2 | 1 | 546 |

## 3. KYZICUS

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 210 — 211 | AV. Исто како и бр. 197. RV. M, на 1. — ANNO; горе — крст; на д. — XVI (бр. 210 е кована во 542); и XXV (бр. 211 е кована во 551); под M — буква A и KYZ. | W. 50/240 | 40 | 20,4 | 2 | 2 | 542 |
| | | W. 51/253 | 37 | 17,3 | 2 | 1 | 551 |

## 4. CARTHAGE

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 212 | AV. Исто како и бр. 197. RV. K, на л. — ANNO; на д. — XIII (кована во 539); под K — буква S и долу (KAR). | W. 66/380 | 29 | 11.5 | 4 | 3 | 539 |

ЗАБЕЛЕШКА

1 — 6. Слично со Сабатиер (Pl. IX, 4), но со ковница CON, и без ѕвезда под M.

7 — 9. На нашиот примерок бр. 9 е скршен еден дел и се гледа јасно само D. N. ANASTA, (sivs). На RV. има зеленикав напласт од р'ѓа.

17. Над ѕвездата и полумесецот, исто и под нив, се наоѓаат 5 точки.

29. На AV. има зеленикав напласт, а формата на таа монета е долгонавеста.

30 — 37. Слично со Сабатиер (Pl. X, 4), но од друга работилница.

38 — 43. Од друга работилница и со ѕвезда од левата страна на M.

72. Долу завршува на агол, додека горниот е уништен.

98 — 99. Слично со Сабатиер (PL. X, 2), но со ѕвезда од левата страна на M.

112 — 117. Слично со Сабатиер (Pl. XIII, 2), но со пречник 30 и од друга работилница.

145. Овој примерок е оштетен од огин.

197 — 212. Најдобро зачувани Follis во нашето депо.

207 — 208. Слично со Сабатиер (Pl. XV, 5), но од друга ковница.

## UN GRAND DEPOT DES MONNAIES DU COMMENCEMENT DE L'EPOQUE BYZANTINE TROUVE A SELTZE ARR. DE PRILEP

*Ap. Keramidćiev, Musée archéologique — Skopje*

En 1929, aux environs du village de Seltze, arr. de Prilep, était decouvert un grand dépôt de monnaies en bronze, provenant du commencement de l'époque byzantine.

Les monnaies n'ont pas été trouvées dans un vaisseau, comme d'ordinaire, mais versées en désordre dans un dépôt carré, formé de dalles avec dimensions 0,30X0,30X0,25 m. La dalle inférieure se trouvait à une profondeur de 0,70 m. et la dalle supérieure, qui servait de couvercle du dépôrt, se trouvait à 0,40 m. et était plus grande. Leur épaisseur est de 6 à 9 cm.

La plus grande partie du trésor que contenait ce dépôt fut gaspillée par les paysans, surtout par les enfants et disparut. 214 de ces monnaies ont été données au Musée de Skopie.

Ce petit nombre de monnaies, qui nous sont parvenues sont exclusivement en bronze-des numinales (Follis) — frappées par trois empereurs, qui ont régné successivement, de 491 à 565. Des toutes ces 214 monnaies, 29 sont d'Anastasius I (491-518), 82 sont de Justinus I (518-527) et 101 de Justinianus I (527-565). Deux monnaies restent non définies à cause des dégâts sur les avers. Il n' y a que 5 monnaies qui sont de valeur de 20 numies, dont le reste en est de 40 numies.

Les monnaies d'Anastisius I sont frappées à Constantinople et à Nikomédie. Cellées de Justinus I — à Constantinople, à Nikomédie, à Thessalonique et à Antiochie. Quant à celles de Justinianus I — à Constantinople, Nikomédie, Kyzikos, Antiochié et Carthage.




1/1




5/28




2/9




3/14




6/29




4/16

Монети од Anastasius I



7/44

11/109

8/70

9/85

12/111

10/100

Монети од Justinus I




13/130



17/192



14/160





15/175




18/196



16/186




Монети од Justinianus I



19/198





23/212



20/205







21/208





24/118



22/209





Монети од Justinianus I

# ИЗВЕШТАЈ ЗА ИСКОПУВАЊАТА ВО СТОБИ ВО ТЕКОТ НА 1955 ГОДИНА

*Д. Коцо, Б. Алексова, К. Петров, П. Миљковиќ, И. Јанковиќ.*

Стоби, како значаен локалитет што во науката зазема видно место за проучување на животот од касноримскиот и рановизантискиот период, од 1945 до 1955 година беше третиран само од конзерваторска гледна точка, бидејќи положбата во Македонија по ослободувањето налагаше да се оснажи активноста на конзервацијата на откопаните објекти кои не беа малу на број. Со цел да се продолжи проучувањето на Стоби и поврзе работата на понатамошните ископувања на овој локалитет со предвоените, Археолошкиот музеј во Скопје направи план за текот и опсегот на ископувањата во Стоби. Овој план треба да се реализира со соработка на службениците од Археолошкиот музеј и сите стручњаци од нашата земја кои порано учествувале во проучувањето на Стоби. Се разбира, со тоа не значи дека се исклучува и учеството на други југословенски стручњаци што покажуваат или ќе покажат интересирање за овој локалитет. Според планот, потребно е работата во првите кампањи да се одвива на теренот на кој веќе пред ослободувањето се работело, а понатаму, откога ќе се дојде до појасна положба во врска со овој дел од Стоби, ќе се премине и на другиот дел. Ваква концепција е земена како база за изработка на планот, бидејќи резултатите што се постигнати со предвоените ископувања се однесуваат само за извесни слоеви а не за целиот културен слој од ископуваниот терен. Се настојува со дополнувањето на познавањата што ги имаме за откопаниот дел на Стоби да се овозможи издавање на една поцелосна едиција за ископаниот дел од оваа античка населба, која секако ќе донесе новини за науката.

Ископувањата, според планот, започнаа со продолжувањето на чистењето на таканаречената базилика за крштевање. Овој почеток го определуваше и правецот на понатамошните ископувања, односно ги определуваше како наредни објекти оние што се наоѓаа јужно од споменатата базилика.

Базиликата за крштевање делумично е ископана во 1937 година. Со тогашните ископувања раководел д-р Јозо Петровиќ. Неговите резултати се накусо изложени во статијата „Крстионице у Стобима" (Уметнички преглед бр. 9, 1940 г.) и „У Стобима данас" (Гласник Земаљског музеја у Сарајеву, 1942 г.). Тогаш биле целосно откопани ексонартексот, нартексот и катихуменот со крстилницата, како и страничните простории на ексонартексот и нартексот. Од централниот кораб бил откопан само источниот дел со апсидата а од северниот целосно само источниот дел и контурите на коработ.

Ископувањата во 1955 година, што траеја од 7 јуни до 3 јули, беа поделени на 5 сектора: северен, централен и јужен кораб, појас северно од црквата и јужно од црквата. За секој сектор беше определен стручњак од екипата што ја составуваат поднесувачите на овој извештај и кон која на крајот на ископувањата се приклучи Ѓ. Мано Зиси.

Ситуацијата што се најде на теренот се разликуваше од ситуацијата покажана на планот на Стоби што го изработил Заводот за умножување планови при одделението за катастар и

државни имоти, Белград. Средниот дел од централниот кораб и целиот јужен кораб беа покриени со слој земја, како што подоцна се покажа, дебел и до 170 см Поради тоа не беа видливи ни јужниот септум, ни јужниот и источниот ѕид на јужниот кораб. Кон отворањето на централниот и јужниот кораб се пристапи со симнување на слоеви од 20 см без употреба на квадратна мрежа, заради познатата диспозиција на сите објекти во пораноо направената мрежа на квадрати. Овие слоеви се состоеја главно од шут смешан со нетипичен и некарактеристичен каменен и глинен материјал. Едновремено се изврши сондирање на просторот на јужната врата на нартексот, со цел да се аргументира претпоставката за постара црква. Сондирањето (сл. 1) (125 X 120 см) ги даде следните резултати: на 70 см. длабочина се констатира прагот на вратата, а во земјата над откопаниот праг беа констатирани траги од ќумур.

Во јужниот кораб до јужниот ѕид, на длабочина од 40 до 130 см , се открија два гроба оградени и покриени со шкрилест камен (сл. 2). Резултатите од ископувањето на јужниот кораб покажаа дека на длабочина од 90 до 150 см, се зачувани неколку конструктивни делови што биле над септумскиот стилобат. Тоа се 4 фрагмента од колони над кои секако биле надградени тулени арки, од кои една е делумично зачувана над самиот под на јужниот кораб (сл. 3). Три од колоните се доработени а четвртата е само грубо делкана. На иста длабочина е откопан и еден добро зачуван капител од таканаречениот теодосијански тип (сл. 4). Ископувањата на овој дел од базиликата покажаа дека јужниот ѕид на јужниот кораб е граден од кршени камења споени со малтер, односно како и другите ѕидови на базиликата. Овој ѕид е повеќе зачуван во западниот дел отколку во источниот. Источниот ѕид од коработ имал влез што изгледа бил затворен во врска со една реставрација на базиликата (сл. 5). Источниот ѕид на јужниот кораб не е конструктивно поврзан со јужното рамо на апсидата, што секако треба да се објасни со претпоставката дека не се едновремени.

Во јужниот кораб е најден дел од патос со тули (43 X 29,6 см), кој е зачуван во источниот дел на коработ, односно од спомenатите колони до на 100 см, пред источниот ѕид. Голем дел од овие тули имаат линии повлечени со прсти, а на една од нив е врезана претстава на човек (сл. 6). Подот е повисок за 7 см од хоросанската настилка на централниот кораб, која изледа служела како подлога за мозаик и под која се најдоа, близу до јужниот септум, два гроба. Крај јужниот ѕид на јужниот кораб е направено сондирање (30 X 80 см) кое го покажа цоклот и малтерот на јужниот ѕид (сл. 7). Цоклот заедно со малтерот се наоѓа под нивото на подот од тули.

Со расчистувањето на просторот околу стилобатот на јужниот септум, што е на иста височина со подот на јужниот кораб, се најдоа неколку плочи од стилобатот. На една плоча има натпис ΗΡΑΚΛΙΑΝΣ (сл. 8). Судејќи по дупките за клинови и фугите за оловен лив, интерколумниите биле раздалечени средно 270 см. Споменатиот источен влез во овој кораб е за околу 60 — 65 см повисок од постариот јужен влез на нартексот, а подот од тули е за околу 65 — 70 см над постариот јужен влез во нартексот.

Во северниот кораб се открија два пода. Постариот под е на исто ниво на кое е постариот влез од нартексот во северниот кораб, а помладиот е во нивото на сегашниот под од нартексот, односно постариот под е за 42 см подолу од поновиот. Помладиот под е на исто ниво со подот од крстилницата. По средината на коработ, со правец запад — исток, се најдоа два канала (сл. 9), еднонадруго. Постариот канал — зачуван во должина од 13,10 м X 25 см X 15 см — е конструиран од камен и тули, што служат за покрив, а помладиот (13,10 X 20 см X 15 см) е конструиран од камен и тули, што служат за под. Постариот канал е подолу од првиот под а помладиот — подолу од вториот под, односно покривните плочи на каналите се на нивото на подовите. Каналите минувале низ западниот влез на коработ, низ западниот влез од нартек-

сот и се поврзувале со базенот што е откриен во 1937 година во ексонартексот.

Во северниот кораб се направија три сонди: една крај влезот од крстилницата во коработ (сл. 9), друга крај западниот влез во коработ (сл. 9), и трета крај неговиот југозападен агол (сл. 9).

Првата сонда (200 X 80 см) покажа дека насипот се состои од фрагменти од покривна керамика, малтер и камења. На длабочина од 80 до 142 см, се најде слој од горетина. Во овој слој се најдоа изгорени коски, парчиња железо, стакло, згура и фрагменти од керамика. На длабочина од 140 см, под самиот влез, се најде ѕид широк 70 см, напречно поставен на северниот ѕид од коработ, кој е секако постар од базиликата. Со овој постар ѕид несомнено се во врска најдените горетини.

Втората сонда покажа дека подовите на нартексот се наоѓале над споменатите канали, а со третата сонда се установи цоклот на северниот септум, кој е речиси на нивото од северниот влез на коработ.

Во нартексот се направи сонда и крај северниот влез со цел да се констатира односот меѓу нартексот и катихуменот. Оваа сонда покажа дека катихуменот, чиј што мозаик е откриен во 1937 година, имал под на околу 80 см над постариот влез од нартексот во катихуменот (сл. 10). Во насипот се најдоа, покрај фрагменти од керамика, коски и стакло, и фрагменти од подлога за мозаик. Во југоисточниот агол на сондата, на 20 см длабочина се најде, еден фрагмент од мермерната плочка поврзан со хоросан. Во оваа сонда не се најдоа траги од доводот на вода во крстилницата, како што одбележува Ј. Петровиќ во статијата „Српско средњевековно благо у Стобима", стр. 108. Меѓутоа, сондата што се направи во северозападниот дел од ексонартексот (сл. 11), пред скалите и северниот влез, како и онаа во крстилницата (сл. 12), западно од писцината, покажаа дека хидрофорот за крстилницата можел да минува само низ северниот влез на нартексот. Овој заклучок се изведува поради тоа што во споменатата сонда во ексонартексот не се најдоа траги од хидрофор, а правецот на цевката од хидрофорот, откриена при сондирањето во крстилницата, води кон северниот влез на нартексот.

Со сондата на крстилницата се открија два хидрофора, еднонадруго. Постариот хидрофор оди под сегашниот отвор на плочата, низ кој течела вода во писцината, а поновиот се поврзува со овој отвор. Плочата на која се наоѓа отворот е 12 см оддалечена од работ на поновиот хидрофор. Последниот кај овој раб е затворен со камен и хоросан. Со хоросан се затворени и отворот на плочата и западниот дел на хидрофорот, кој е пресечен на 80 см од западната страна на писцината. Од овој затворен дел на хидрофорот кон запад во сондата не е зачуван поновиот хидрофор.

Податоците што ни ги дава сондата, заедно со положбата на плочата со отвор (низ кој течела вода), дозволуваат да се заклучи дека постариот хидрофор е од времето на ѕидањето на крстилницата, односно современ со постариот канал во северниот кораб на базиликата, а поновиот се однесува на една реставрација на крстилницата, која, ако се сообразиме со изградувањето на поновиот канал во северниот кораб, била изведена едновремено со реставрирањето на самата базилика. Фактот пак, дека поновиот хидрофор подоцна бил затворен со хоросан и камен како и плочата со отвор, поставена на 12 см. од работ на крајниот источен раб на хидрофорот, укажува на тоа дека крстилницата претрпела уште една реставрација. Оваа последна реставрација всушност ја наоѓаме во сегашната состојба на крстилницата.

Споменатото сондирање во ексонартексот (200 X 185 см) покажа дека под ексонартексот се наоѓаат ѕидови од зграда изработени од тули и хоросан, што секако припаѓаат на еден постар период од оној со кој се поврзува сегашната базилика за крштевање. Северно од северниот ѕид на акцесоријата од ексонартексот, крај самиот ѕид, се откри одводен канал изработен од тули — за дното — и камења. Овој канал води кон едно одделение што е до северниот ѕид на крстилницата. Северно од овој канал се открија ѕидови од згради чија форма и намена ќе се установи со натамошните ископувања.

Во текот на расчистувањето на просторот јужно од базиликата, покрај самиот јужен ѕид, откриени се 18 гробови од раниот словенски период (сл. 13). Два слични гроба се најдоа во самиот јужен кораб, два други во централниот кораб, под нивото на подот, а еден источно од базиликата. Сите откриени гробови се градени и покриени со необработени седиментни плочи и се ориентирани запад — исток. Должината на гробовите е околу 1,90 м , широчината кај главите 0,50 м а кај нозете 0,30 до 0,36 м. Скелетите во гробовите се поставени на грб, со лесно наведени глави настрана, со раце протегнати крај телото или прекрстени на гради, и најчесто со протегнати нозе.

Гробовите се сиромашни со наоди. Од откриените 23 гроба, прилози беа најдени само во 4 гроба. Наодите се излижани римски монети, бакрени копчиња, бронзени прстења со проширени глави, во форма на кружни рамни плочки, и еден сребрен прстен со вметнато четвртесто стакло, опкружено по рабовите со ситна гранулација.

За хронолошкото определување на гробовите, поради оскудноста на наодите, ќе треба да се земат предвид и сите други податоци добиени при испитувањето на гробовите. Овие гробови по својата конструкција, по правецот и положбата на скелетите, како и по наодите, потполно се еднакви со гробовите од Демир Капија, кои изгледа дека треба да се датираат во X — XII век.

Резимирајќи ги резултатите од ископувањата и испитувањата поврзани со нив, може да се направат следниве заклучоци.

I. Најстариот дел од базиликата за крштевање го претставуваат централниот кораб и нартексот (план 1). Кон централниот кораб, односно северно и јужно од него подоцна се ѕоѕидани страничните кораби, со кои базиликата станала трикорабна. Како доказ за ова тврдење служи неповрзаноста на источните ѕидови од корабите со централниот кораб, што јасно се гледа кај рамењата на апсидата. Во оваа втора фаза, северниот и јужен влез во нартексот, односно подот на нартексот, а тоа значи и подот на наосот, биле поставени 70 см над основите од праговите од северниот и јужниот влез во нартексот, односно на речиси исто ниво со основите од праговите на источните влезови во страничните кораби. Како трета фаза доаѓа ѕидањето на ексонартексот. Тогаш е направен и постариот одводен канал од базенот на ексонартексот, преку нартексот и северниот кораб на базиликата.

II. Со ѕидањето на ексонартексот се поврзува и ѕидањето на крстилницата, чиј што постар хидрофор треба да е современ со постариот одводен канал, што минува низ северниот кораб. Бидејќи помладиот хидрофор се наоѓа над постариот, тој секако временски е близок со помладиот одводен канал, што се наоѓа над постариот одводен канал. Како III фаза на крстилницата следи една реставрација при која помладиот канал бил затворен и крштевањето се извршувало со поливање (ablutio).

III. Со претворањето на еднокорабната базилика во трикорабна, секако е поставен и капителот од теодосијански тип, а грубо обработените колони, најдени во јужниот кораб, со една подоцнежна реставрација на базиликата.

IV. Откриените гробови, по сé изгледа, се поврзуваат со еден период кога базиликата била срушена и на теренот на Стоби се населиле Словените.


## RÉSUMÉ

*Rapport sur les fouilles faites à Stobi eu 1955*

Dans l'information présente sont exposés les résultats des fouilles, effecturées à Stobi au cours de l'année 1955, dans le secteur de la basilique de baptême. Les fouilles étainet exécutées par le Musée archéologique de Skopje. A la suite de ces fouilles ont été établi: le plan exact de la basixique, les communications entre differentes parties du bâtiment et les phases de la construction, ainsi que les réparations faites sur la basilique et ses couches culturelles (Vief le plan de la basilique).




План 1а



План 1б



**Сл. 1. Сонда кај јужната врата на Нартексот.**



**Сл. 3. Јужниот кораб со фрагментираните колони и тулената арка**



**Сл. 2. Гробови крај јужниот ѕид на јужниот кораб.**



Сл. 4. Капител во јужниот кораб



Сл. 5. Затворениот источен влез во јужниот кораб



Сл. 7. Мала сонда крај јужниот ѕид на јужниот кораб



Сл. 6. Дел од туленииот под во јужниот кораб и тулата со претстава на човек



Сл. 8. Натписот НРАКЛІАНС на камен од јужниот септумски стилобот



Сл, 9. Северниот кораб со сондите и каналите



Сл. 10. Сонда крај северниот влез во нартексот,



Сл. 11. Сонда во северозападниот дел од ексонартексот



Сл. 12. Сонда западно од писцината во крстилницата




Сл. 13. Гробови јужно од базиликата.

# СРЕДНОВЕКОВЕН НАКИТ ОД ПРИЛЕП И МАРКОВА ВАРОШ ВО НАРОДНИОТ МУЗЕЈ ВО БЕЛГРАД

*Мирјана Чоровиќ — Љубинковиќ*

Во средновековната збирка на Народниот музеј во Белград се наоѓаат извесен број предмети од територијата на Прилеп и Маркова Варош, како и од нивната непосредна околина, кои се главно набавени меѓу двете војни. Меѓу купените предмети најмногу накит има од XIII и XIV век, време кога Прилеп бил во најголем расцут, така што на крајот од тоа време да стане и престолнина на Мрњачевиќите.

Постарото, византиско минато на Прилеп, судејќи барем по предметите на Народниот музеј во Белград, а и по оние што се чуваат во другите збирки — државни и приватни, не може — барем засега, — да се осветли посилно со помошта на археолошки наоди. Вистински, изразито византиски предмети од тој терен и нема. Од постарите средновековни предмети што припаѓаат несомнено кон времето на византиската управа над Прилеп има само неколку, но ниеден од нив не е изразито византиски, освен еден глечосан сад, со претстава на стилизирана птица на дното, кој пред Втората светска војна се наоѓал во приватната збирка на Чалекијан од Скопје.

Од постарите средновековни предмети (од крајот на X век), во Народниот музеј се среќава само еден бронзен фрагментиран крст-реликвијар, со оштетена претстава на светец во став оранс. (сл. 1). Тој им припаѓа на онаа група крстови-реликвијари, кои ги донесувале од Палестина и Египет, аџиите од светите места, а кои подоцна, понекогаш биле и имитирани повеќе или помалку грубо. Му припаѓаат на поширок временски период од VII до XI век, и се наоѓаат на широкото подрачје, главно, на источните земји. Тие се наоѓани, претежно, во Палестина, Египет, Мала Азија, Јужна Италија, Јужна Русија и на Балканот, со релативно чести наоди и во Панонија, југословенска и унгарска. Во Народниот музеј во Белград ги има десетина, но само овој е единствен од територијата на Македонија. Два постоеле пред војната и во музеите во Скопје.[1])

Бидејќи овој крст е најден сосем случајно, на неодредено место во Прилеп, не може да се знае дали бил приложен во некоја црква (како што тоа често се случувало[2]), или пак бил приватен реликвијар-амајлија, какви што, изгледа, се користеле и вакви крстови.[3])

Крстот-реликвијар од Прилеп, како и мнозинството крстови од овој

---

[1]) Владимир Мошин, Три бакрена крста реликвијара, Уметнички преглед св. 2, Београд 1941, стр. 54 и 55.

[2]) На пример, тнр. Чикин крст на реликвијар, кој е приложен во манастирот Света Марија во Задар (Гага Оштрић, Злато и сребро Задра, Загреб 1951, стр. 15, таб. I), или крстот-реликвијар најден во урнатините на црквата Бараница ,сега во Народниот музеј во Белград.

[3]) Сите крстови најдени во гробови (како оној од Nyirkárász) Magda fon Bárány Oberschall, Wandlungen christlicher Kunst in Mittelalter, Baden, 1953, стр. 213). Во повелбата на унгарскиот крал Стефан, издадена во 1272 година до браќата Чак, се споменува дека кај заробениот зет на крал Урош I е најден скапоцен крст-реликвијар од дрво на крстот на кој е распнат Христос; de quibus crucem preciosam de ligno Domini... recepisset (Михајло Динић, О угарском ропству краља

тип, бил составен од два дела, две половини, на двете од надворешните страни редовно се вградени, или пак изработени во релјеф, религиозни претстави, или, понекогаш, на едната страна е стилизиран крст. Просторот меѓу двата крста веројатно служел за оставање на свети реликвии. И двете половини со шарнир, на горната и долната страна, биле меѓусебно врзани. За горниот шарнир била зацврстена масивна алка со чија што помош крстот се закачувал било за ланец, било за куката на хоросот. Од прилепскиот крст-реликвијар е најдена само едната половина! Обата шарнира, и горниот и долниот, се зачувани само во делови. Крстот е лиен, бронзен и денеска е покриен со неизедначена зелена патина. Тој е висок 8,5 см, а широк 4,7 см. Малку оштетената, излижена претстава е плитко вгравирана. Фигурата на млад, голобрад светец во став оранс е доста шематизирана. Сите брчки се дадени чисто графички и само се вгравирани линии. На горниот дел од облеката, тие се доста карактеристично поставени косо, под агли и само две мали паралелни линии го маркираат преклопот на облеката. Долниот дел од облеката има само паралелни, вертикални набори. Десната рака, оо став за молитва, слабо се назира, додека левата на десната страна од крстот, одвај е видлива само околу свитканиот лакт. Слична стилизација се наоѓа и на горниот и долниот дел од облеката на крстот-реликвијар најден во Унгарија, во Ниир Караш (Nyir Kaвек,[4]) само што на унгарскиот примерок вака е стилизиран Христовиот колобиум. Во Британ-музејот постојат низа крстови-реликвијари, повеќе или помалку слично стилизирани, а најдени главно во Сирија и Египет. На нив главно се наоѓаат и претстави на светци (на архијакон Стефан, свети Ѓорѓи, свети Јован, и Гризогон).[5]) Крстот од Прилеп со вклопува во цела серија rassz со пари од првата половина на XI слични крстови-реликвијари по стил и обработка. Меѓутоа, вакните реликвијари со претстави на светци кај нас се поретки, а пообични се примероците со распнатиот Христос и со Богородица. Во Народниот музеј постои само уште еден — со претстава на свети Ѓорѓи. Меѓутоа, обата примероци од скопските музеи имале претстави на светци (свети Никола и свети Ѓорѓи на примерокот од сегашниот Археолошки музеј, и непознат светец, на примерокот од некогашниот црковен музеј). Ни скопските примероци, како ни овој од Прилеп, не покажуваат никакво отстапување од поранешните познати малоазиски и египетски примероци, ниту во стилизацијата ниту во обработката, и секако ѝ припаѓаат на истата група, па најверојатно се донесени во Македонија.

Кон поранешниот период секако припаѓа и бронзениот прстен со елипсоиона глава, на која, повеќе во левиот агол, е вгравирана претстава-попрсје на непознат светец, додека во десниот агол се наѕираат остатоци од сигнатура од која се читаат само три стар. сл. букви ИТХ, кои можат да му припаѓаат и на грчки и на словенски натпис (сл. 2). Бронзената алка со тесноправоаголен пресек од обете страни на главата на прстенот е украсена со врезан, стилизиран, а истриен орнамент. Примитивната изработка и на прстенот и на претставата на главата од прстенот не допушта поточно датирање, зашто превладува неукост — и техничка и уметничка, и никаков стил не доаѓа до израз во таквите случаи. Самиот пак облик на прстенот почесто се среќава со поранешниот накит, но одвреме навреме се појавува и подоцна. Претста-

---

Урошa, Историски часопис САН, кн. I, Београд 1949, стр. 34.)

Ова е стар христијански обичај. Уште Јован Златоуст констатирал дека во негово време мнозумина, и луѓе и жени, носеле уфрасирано за вратот, секако во крст, делче од Христовото дрво. А во еден гроб, од самиот почеток на V век (пред 410 година), во Рим, во црквата Свети Лаврентие, надвор од градските ѕидишта, е најден еден таков златен крст украсен со ниела, со овој натпис: crux est vita mihi mors inimica tibi (G. de Gerphanion, La représentation de la croix et du crucifix, La vois des monuments. Paris, 1930, 147, 148.

[4]) Magda fon Bárány Oberschall, приведеното дело, стр. 213, сл. 63 а.

[5]) O. M. Dalton, Katalogue of early christian antiquites and objects from the christian east, London 1901,№ 558, 559, 560, 561, 562, 574 и др. Приведеното дело.

вите на светците и религиозните композиции на главите од прстените несомнено се почести во постариот накит, се појавуваат секако уште од IV век и се носени како иконки. Се до X век тие се јавуваат во релативно поголем број,[6]) но повремено се среќаваат и подоцна. Во Народниот музеј се чува еден сребрен прстен, веројатно од XIV век, со претстава на Константин и Елена на главата од прстенот. Меѓутоа, бидејќи овие подоцнежни појави на претстави на светци по прстените се ретки, и бидејќи нашите подоцнежни средновековни прстења имаат, главно, други, помасивни форми, најверојатно е дека овој прстен од Прилеп треба да се датира во времето околу X век.

Кон истата група прстења-иконки припаѓа уште еден прстен од Прилеп.

Стилизацијата на овој друг прстен е осетно поинаква. Отворениот, бронзен прстен има широка алка со тесно-правоаголен пресек, која бавно се шири спрема главата и поминува во тркалезната плоча на главата на која е вгравирана стилизирана претстава на ангел со раширени крила (сл. 3). Ангелот е поставен фронтално, во чист an fas. Самата стилизација на фигурата на ангелот е необична, таа потсетува на сличните стилизации на профаните фигури по главите на прстењата од ова време, кои речиси редовно се сведени само на неколку најбитни линии. Главата претставува чист круг опкружен со нимба — друг концентичен круг. Помалечкиот круг го маркира градниот кош. Од него продолжува со својот врв триаголник, како шематизирана претстава на кратка, војничка туника, во која е облечен архангелот. Над кругот, — градниот кош, две помалечки хоризонтали ги маркираат рамениците и почетокот на рацете, а од нив продолжуваат, лево и десно, листолики, долги крила украсени со низа хоризонтални зарези. Вака стилизирани, раширените крила, со својата симетричност, па и обработка, потсетуваат на современите претстави на птици со раширени крила. Оваа инспирација му дала повод на златарот да го претстави ангелот без раце. Зашто, двете куси хоризонтали што ги маркираат рамениците и почетокот на мишките завршуваат со крила.

Оваа необична стилизација на една религиозна претстава што потсетува и на стилизираните претстави на профаните личности на главите од прстењата на XII — XIII век, како и на стилизациите на птици во златарството од истото време, би ги индицирала временските рамки во кои настанал овој прстен, т. е. околу XII — XIII век. Традицијата на постарите, религиозни претстави на главите од прстењата веќе е при својот крај, а стилските инспирации со претстави од друго значење укажуваат на друга, жива „мода" на украсување на прстените. Па и самата иконографија на претставата: ангел, односно поточно архангел во војничка облека, укажува на помладо време. Можеби овој прстен би можел да му припаѓа на словенското време на Прилеп, иако е мошне тешко во град на народ со една традиција, каде што е бројно населението од други народности и традиции, да се разликуваат во детали две култури, дотолку поскоро што тие се мешале, со тоа што словенската секако претрпувала далеку поголеми промени.

Со досегашните археолошки наоди тешко е да се осветли и раносредновековниот словенски период на Прилеп. Најстарите делови од накити што би можеле да им се припишат на старите словенски жители на Прилеп му припаѓаат на времето од XI — XII век па натаму.

Отворениот бронзен прстен — алка, на кој со лиење е имитиран впечатокот на поранешните словенски прстења од тордирана или плетена жица, може да се поврзе најпрвин со последната фаза на белоридската култура, или со преодната фаза: од белоридската културна група кон накитот од XII век (сл. 4).

Далеку е покарактеристична обетката од лошо сребро. Во долниот дел таа има релативно масивна сребрена профилирана плочка, свиткана во форма на пресечена елипса, и украсена со 5 ребра на правилни растојанија. На дното од плочката се наоѓа помал крстообразен привезок. Овој долен дел на обетката е сврзан со шарнирот на обата

[6]) О. М. Далтон, № 121, 129, 130, 131, 132.

краја со издолжена полуелипсоидна алка со кружен пресек. (сл. 5)

Овој тип обетка, судејќи по примероците што ми се досега познати, спаѓа во групата на поретките форми. Меѓу богатиот далматински и хрватски накит не постои ниеден примерок. Во Народниот музеј во Белград се наоѓа само еден, помасивен, фрагментиран примерок, најден на непознат локалитет во Србија. Меѓутоа, во Македонија обетките од овој тип се релативно чести, а во тој поглед најкарактеристичен е материјалот во Народниот мзеуј во Охрид, каде што се наоѓаат неколку обетки најдени во околината на Охридско и Преспанско Езеро. Можно е оваа форма на наките да е почесто користена во македонските златарски работилници.

Датирањето на овие обетки е прилично несигурно, додека не се појават детално обработени примероци од систематските ископвуања. Меѓутоа, врз основа на сфаќањата за декорот, стилот и обработката, овие обетки би можело да се стават во преодниот период од накитот на XII кон накитот на XIII век, кога кај нас се губи накитот што е изразито немасивен, и со нагласена вертикала, а почнува да превладува масивниот накит, во кој златарите извлекуваат позначајни ефекти од распоредот на масите и самото количество на благородниот материјал, а кога во формите превладуваат овални и кружни линии, а сврзувањето на одделните делови со помошта на шарнир станува сé почесто.

Нешто помлад ќе биде бронзениот прстен со конвексно-правоаголен пресен на алката, која се подигнува сосем лесно на вратот од прстенот, и поминува во развлечена шестоаголна глава. Вратот е украсен од обете страни со по три паралелни зарези. На главата е вгравирано спирално гранче. Овие украси уште содржат извесни сеќавања за раните словенски прстења, додека изразито масивната алка упатува кон поново сфаќање за украсите, (сл. 6).

Занимлива е цела група прстења од бронза и сребро со птичји претстави на главата. Украсувањето на главите на прстењата со птици е стар и познат мотив, и на нашите средновековни прстења се јавува релативно често и во подолг временски период (секако од XII до крајот на XV век). Во Народниот музеј во Белград има околу 20 прстења, а по другите музеи во земјата уште толку. Сепак, паѓа в очи, барем по досегашните наоди, дека најмногу од нив потекнуваат од Прилеп. Можеби тоа би укажувало на локалното инсистирање на еден познат мотив, и тоа инсистирање, тој избор меѓу другите познати мотиви, можеби укажува и на една локална „мода", во локалните работилници. И таа „мода" траела подолго во Прилеп. Зашто, судејќи по прстењата на Народниот музеј во Белград, нивната употреба ја следиме барем 200 години — од крајот на XII до крајот на XIV век.

Кон постарата група на овие прстења секако припаѓа бронзениот прстен, со широка алка, со тесно-правоаголен пресек која се шири без преод во голема тркалезна глава. Главата е делум фрагментирана и нејзиниот обод денеска е неправилен и неполн. Централната претстава на птица со раширени крила е поставена хоризонтално во продолжение на алката. Главата на птицата е дадена во профил на лево, додека телото ѝ е претставено an fas, (сл. 7). Ваквите претстави на птици се честа појава во средновековното творештво од поранешните времиња, а специјално со задоволство се користат околу XII век и во кругот на византиското и во кругот на романското творештво. Изразито дводимензијалната претстава на птица на овој прстен се вклучува во низа слични претстави на византиски ткаенини, декоративна пластика, ракописи. На нашиот средновековен накит таа е најчеста на прстењата, а најслична стилизација се наоѓа на еден прстен од непознат локалитет во збирката на Народниот музеј во Белград.

Претставите на птици, кои во ранохристијанската уметност имале симболично значење (гулаб, паун и сл.) или пак во целиот амбиент имале одредено, пак симболично значење (со претставата на растенија, реки, го симболизирале рајот и вечното блажество), подоцна добиле и чисто декоративно-украсена примена. На средновековните прстења, каде што се јавуваат почесто,

ниеден друг елемент не ја индицира можноста за симболично толкување на нивната појава (иако не е исклучено дека понекогаш имале и некое амајлиско значење), така што, по секоја веројатност, тие на прстењата се ставени како чисто украсно решение.

Три сребрени, масивни прстења од Прилеп, малку подоцна, имаат на главата исто така претстава на стилизирана птица.

Првиот, масивен сребрен прстен има уште видни, одвај преклопени краиштата од некогашните отворени прстења, (сл. 8). Алката има конвексно-правоаголен пресек. Од вратот, нагласен само со стилизиран, истриен флорален орнамент, поминува во тркалезната глава на која е претставена птица со раширени крила со тело во an fas, со глава свртена во профил на лево. Разработените крила и особено богатиот лепезест опаш, ја сврзуваат оваа необична стилизација со извесен број слични претстави кај нас, специјално во накитот и декоративната пластика во дрво од XIV век. Овој прстен секако му припаѓа на истото време.

И другиот сребрен прстен од Прилеп е изразито масивен, во тој поглед тој дури е уште покарактеристичен. Неговата масивна алка, со конвексно-правоаголен пресек, бавно се шири спрема вратот, кој е украсен со две низи коси зарези меѓу двете хоризонтали и поминува во големата, тркалезна глава на која е врезана претстава на двоглав орел (сл. 9). Претставата на двоглавиот орел, е еден од највомилените мотиви на нашиот XIV и половината на XV век. Ваквата стилизација на двоглав орел, со прстен околу вратот, со раширени, симетрични крила, со две глави свртени во два профила (лева во левиот, десна во десниот), и со карактеристичен, долг, раширен, лепезест опаш, е мошне честа во нашата уметност од XIV век — на претставите на текстил во ѕидното сликарство[7]) и во декоративната пластика во камен.[8])

[7]) На облеката на крал Синиша (?) во Дечани, или на облеката на Марија Ана во Лесново, и сл.

[8]) Сп. претставитеги на двоглави орли во декоративната пластика на Калениќ, Љубостиње, Раваница и сл.

И третиот масивен, сребрен прстен има алка со конвексно-правоаголен пресек. Во пределот на вратот таа е украсена со стилизиран цвет, кој од другиот дел на алката е одделен со коси зарези меѓу две паралелни хоризонтали. На тркалезната глава е врезана претстава на птица, можеби паун, дадена целата во профил на десно. Околу птицата, исклучиво на слободен простор, се врезани линии со различни правци, доста излижани, кои, судејќи по остатокот во десниот долен агол, би можеле да бидат и стилизирани флорални мотиви (сл. 10). Стилизацијата на птицата е подруга. Тоа веќе не е хиератична, фронтална претстава, наполно симетрична, туку речиси реалистична скица на птица во движење. Меѓутоа, самата стилизација на цртежот и движењето се наоѓа и уште порано во нашето творештво, а карактеристична е за малку подоцнежното творештво: крајот оа XIV и почетокот на XV век (сп. ги претставите на птици на портретите од криторот во Велиќ).

Сите три прстени од Прилеп се несомнено работа на мајстори-златари на кои им било добро познато нашето современо чисто ликовно творештво. Сигурноста на цртежите, нивното несомнено вклопување во јасниот стил на нашите ликовни уметници ор XIV и почетокот на XV век, можеби би индицирала дека ги правеле мајстори кои, освен со златарство, се занимавале и со некоја друга, чисто ликовна гранка на уметноста, како што било случај во средниот век.

По својата намена, сите четири последни цитирани прстења, му припаѓаат на накит што бил само украс, а претставите на нив имаат само естетски карактер, за разлика од прстењата со претстави на светци кои биле истовремено и иконки, и кои се сигурно носени и како амајлии, поради побожност, или пак за разлика од прстењата кои, освен украс, имале и утилитарна намена за печатење.

Како печат служеле, изгледа, трите прстења најдени во Прилеп, кои сега се чуваат во Народниот музеј во Белград. Едниот од нив носи претстава на птица на својата глава. Овој сребрен прстен, по својот облик и општа

концепција, им припаѓа на декорите со ретки примероци од нашиот средновекован накит кој настанал под неоспорното влијание на готското творештво (сл. 11). Самата, изразито издолжена форма на прстенот, со нагласена тенденција за виткост, немирна профилација на вратот, со разбивање на целоста на помали површини, недвомислено упатува кон готскиот дух на обработка на површините и формите. Лесниот, речиси нафрлен цртеж на птица во движење укажува на истата инспирација.

Релативно тесната алка, со конвексно-правоаголен пресек бавно се шири спрема изразито нагласениот врат на прстенот. Почетокот на вратот е маркиран со два реда вертикални зарези на хоризонтална основа. Зарезите се свртени во два правца. Горниот спрема вратот, долниот спрема карицата. Вратот на прстенот е тристран од обете страни. Неговиот централен дел е речиси правоаголен, а двата странични се триаголни. Сите три површини се украсени со стилизиран флорален орнамент што е слободно третиран. На главата се наоѓа претстава на птица во профил, во движење спрема десната страна. Нејзиното лево крило е високо издигнато, додека десното е спуштено. Нивните изразито немирни линии зборуваат за движење. Експресионистичкиот цртеж индицира златар со поголема култура и повисоко чисто ликовно образование. Мајсторите што изработувале прстења со ваква форма, кои релативно често се среќаваат во нашиот накит од XIV и XV век, како да излегле од мошне блиски работилници, зашто не само што се употребува често идентичен облик кај прстењата, туку и стилот и мотивите на нивните украси се мошне сродни. Прстењата од овој тип најпрвин можат да се идентификуваат како дела на оние многубројни далматински златари, специјатно дубровничките и которските, за кои од извори знаеме или дека дошле на работа во средновековна Србија, или пак во своите работилници изработувале накит за клиенти во Србија.[9])

Другиот печатен сребрен прстен што е најден во Прилеп му припаѓа на нашиот накит настанат под византиско влијание. Тој има малку поразвиена форма на познатиот златен прстен на кралицата Теодора. Изразито е масивен и дејствува со фин однос на полните форми. Масивната алка, со конвексно-правоаголен пресек, преминува во изразито нагласен, заоблен врат, украсен од долниот раб со низа мали вертикални зарези меѓу две хоризонтали, додека централниот дел на работ го има карактеристичниот цик-цак мотив на брановидни, заоблени линии. На кружната глава се наоѓа излижаната претстава на некакво фантастично животно (сл. 12). Преостанатиот дел, што повеќе се претпоставува, одошто гледа од претставата, дава впечаток на експресионистички цртеж, и како да укажува на извесно влијание од претставиет по прстењата од западен тип.

Двата последни сребрени прстени изгледа дека секако служеле и за печатење. Меѓутоа, постои и еден вистински прстен со натпис и вид на грбот. Тоа е сребрен прстен со рамномерна алка, со конвексно-правоаголен пресек, кон која е додадена сразмерно голема, тркалезна глава, која во центарот, во медаљон, има печатна претстава на стилизирано фантастично животно, а околу медаљонот натпис од кој можат да

---

[9]) За которските златари Радоја и Савина (втората четвртина на XIV век) се знае дека оделе во Србија (М. Стјепчевић, Р. Ковијанић, Вита Трифунов Которанин, неимар Дечана, Историски записи, год. VIII, књ. IX, Цетиње 1955, стр. 114). Кон почетокот на XIV век (во 1313 година) Трипо Буќа преговарал со златарот Петар Млечанин, настанет во Дубровник, да дојде во Србија, на дворецот на крал Милутин.

(Цвито Фисковиќ, Дубровачки златари XIII до XVII столећа, Старохрватска Просвјета, 3 серија, св. I. Загреб 1949, стр. 206). Речиси во исто време (во 1319 година) дубровничкиот златар Раско Радишев дал обврска дека ќе појде во Брсково да му помага на златарот Братеша Богдановиќ при изработката на накитот (Истиот, приведеното дело, стр. 169). Таквите случаи биле чести и порано. Златарот Милош Радиќ, заедно со својот помошник, заминал за Србија во пролетта 1341 година. Се знае дека во Србија оделе и дубровничките златари Анте Хранисалиќ и Радосав Милошиќ, како и други.) Истиот, приведеното дело, стр. 169).

се читаат само одделни букви: П. Р, О, Т, Х, И, кои можат да му припаѓаат и на грчкиот и на српскиот јазик (сл. 13).

Вистински печатни прстења со натпис и грб има релативно доста во рамките на творештвото на српската средновековна држава. Формата пак, на на овој прилепски прстен, со додадена кружна плоча, е релативно ретка, особено во постариот и полуксузен накит. Неговата прилично неизедначена форма, составена од две целости: алката и додатна плоча, не одела со уметнички обработениот накит на нашиот среден век, каде што одделни златарски дела биле несомнено дела на вистински уметници.

Токму кон таквиот накит припаѓал познатиот прилепски наод на накит, кој се наоѓа во Народниот музеј во Белград. Овој затворен наод, веројатно гробен, го сочинуваат: еден чифт големи зрачести обетки, сребрени и позлатени, украсени со полускапоцени камења; пет широки нараквици, украсени со орнаменти изработени во филигран и гранулација. Четирите се сребрени и позлатени, петтата не била позлатена; дијадема, или огрлица, сребрена и позлатена, работена како и зрачестите обетки во филигран, украсена и со вметнати полускапоцени камења; две сребрени отворени гривни од дебели плетени жици; еден сребрен прстен со тркалезна глава, на која стилизираните орнаменти се изведени во филигран и во гранулација и, најпосле, половина од мал правоаголен реликвијар во позлатено сребро со вдлабнати претстави на тројца свети ратници. На друго место[10]) јас подолго време се задржав на овој наод. Таму, врз основа на најкарактеристичниот дел од накитот: зрачестите обетки, го датирав овој накит во XIV век. Денеска мислам дека накитот може уште попрецизно да се датира: околу половината на XIV век. При првобитната обработка на овој накит, ми се провлече претставата речиси со идентични обетки на невеста во една свадба во Кана во Грачаница, која несомнено докажува дека овие обетки биле во голема употреба уште во почетокот на XIV век, кога уште околу 1320 година можеле да се појават во една религиозна претстава. Од друга страна, тие се слични на обетките уште од крајот на третата четвртина од XIV век и биле карактеристичен дел на српскиот накит, судејќи по една белешка во дубровничкиот архив. Имено, властелинот Ненац Чихориќ, во 1375 година, имал еден чифт cercellorum auri rotundorum slavicorum, кои биле украсени со сафири, рубини и крупни бисери.[11])

Бидејќи за овој накит често се пишувало[12]) и бидејќи тој е главно познат, овојпат би се задржала само на проблемот на неговата уметничка вредност, зашто, златарот што го работел овој накит несомнено бил уметник. Без оглед дали одделни делови на накитот биле украсени со стилизирани претстави на птици (зрачести обетки) или со едноставни, стилизирани, главно геометриски орнаменти (нараквици и прстен) или со претстави на светци (реликвијар), секогаш нивниот мајстор (или нивните мајстори), умеел да создаде дела од уметничка вредност. Зрачестите обетки се пример на значко користење на ритмичкиот однос на масите, ефектот на наизменичните мирни површини на обоените полускапоцени камења и површината на украсените, ситни, фини орнаменти изработени во формата, вредноста на бојата и за можениот обод на обетките и мирните централни површини, со едноставна стилизирана птица на речиси кружна оска (сл. 15). Очигледно е дека златарот имал јасно чувство за вредноста на формата, вредноста на бојата и за можностите што постојат за да се добие наполна целост на користењето: пред сè: — форма, боја и ефект на светлосната игра и сенките.

Во помала мера тоа исто чувство на вредноста на формата, на одредените

---

[10]) Мирјана Ћоровић Љубинковић, Налаз из Маркове Вароши код Прилепа, Музеји, књ. II, стр. 102—113.

[11]) К. Јиречек, Ј. Радоњић, историја Срба, књ. III, стр. 292.

[12]) Ђорђе Мано Зиси, Српски средњовековни накит и украс II, Уметнички преглед; год. IV, бр. 1, стр. 19—22, слики на страницеве: 19, 21, 22; Јован Ковачевић, Средњовековна ношња Балканских Словена, Београд 1953, стр. 143, 144, 146, 180 таб. LXIV. LXV.

површини, бои и орнаменти доаѓа до израз и на другите делови од накитот: нараквиците, гривните, дијадемата (или огрлицата) и прстенот.

Посебно внимание во таа смисла треба да му се обрне на преостанатиот дел од реликвијарот. Од него е зачувана само едната половина, веројатно позадината со вдлабнатите претстави на свети Ѓорѓи ([Γε]ωργκε) свети Димитрие ( ΔΗΜΗ [ΤΡΗΕ ) и на трет непознат светец-ратник. Сите тројца ратници се претставени во идентично движење, сите тројца држат долги копја во десната рака, поставена вертикално, а сите тројца се опираат на штит со отпуштена лева рака. Само формите и положбата на штитовите лесно варираат. Сите се облечени во иста воена облека со оклоп на градите, кој е облечен преку куса војничка туника, и со огрнувачи преку рамењата. Сите се дадени во чист an fas (сл. 16). Ритмот на нивните мирни движења е вешто искористен. Цртежот на овие мали фигури има монументалност и е третиран со истото чувство на стилот што го наоѓаме на нашите современи фрески. Златарот што ги врезувал нив сигурно се занимавал и со некоја друга чисто ликовна дејност, зашто овие мали претстави на светци го докажуваат неговото неоспорно значајно чисто ликовно познавање на формата, цртежите и движењето.

Во кутијка се зачувала јагленосаната маса од некогашната содржина на реликвијарот. На неа сé уште се гледа отисок од иконка што била претставена на лицето од реликвијарот. Може да се претпостави дека лицето на иконата имало еден поголем осамен лик, веројатно Богородица или Христос.

Можеби кон чисто средновековниот накит припаѓал и еден мал, кружен, оловен медаљон. Неговата декорација е сосем едноставна: во центарот е — со двострука линија — нацртан круг и на него ѕвезда, дадена само со обични двојни линии. Ободот на медаљонот е нагласен со два круга, меѓу кои се наоѓаат двојни вертикални зарези (сл. 14). Толку едноставна декорација многу тешко може да се датира, таа може да биде од сите времиња ако е работа на некој попримитивен мајстор. Па сепак, како токму оваа едноставност на формата да дозволувала накитот да се стави меѓу постарите примероци, зашто накитот на нашата територија, која била под Турците, од XVI век па натаму, станува сé попренатрупан и по форма и по украс, зашто со вистинското знаење се загубила и мерата и вистинското разбирање на формата и орнаментите. Со пренатрупувањето тогашните златари сакале да дадат впечаток за богат накит, кој тоа веќе не е. Поради тоа, по правило, не користат едноставни форми и украси.

Меѓу прстењата од Прилеп постојат и неколку примероци кои поскоро му припаѓале на некој народен накит отколку на луксузно творештво. Нивното датирање, кога се најдени под непроверени услови, мошне е тешко. Современиот луксузен накит, каде било, речиси секаде е прифаќан и од народот (луксузните обетки со четири јагоди му припаѓаат на накитот од X век; во народниот накит, во далеку поскромна изработка, тие се јавуваат кон крајот на X век, а во употреба се во XI век), а овде-онде, по подолг временски период (тркалезни обетки од XIII — XIV век со луксузен накит се појавуваат во народниот накит, како што знаеме досега, одвај во XVI — XVII век). Одделни форми на луксузен накит исчезнуваат и во народниот накит набрзо откако ќе престане нивната употреба во горните класи (гроздовидни обетки, обетки со четири јагоди), а понекогаш пак тие живеат со векови во народниот накит, (тркалезни обетки, што се во употреба во народниот накит уште и во XVIII век). За извесни форми на прстења јасно е дека од луксузениот накит мошне рано поминале во народен накит. Меѓу нив е еден од најкарактеристичните примери на прстен кој има едноставна, сплескана алка со тесно-правоаголен пресек, вратот е маркиран со по две гранулирани зрнца, кои се наоѓаат — по едно — од обете страни на алката. Главата е релативно мала и округла. Во постариот накит, оној од рановизантискиот период, на главата најчесто е уфасиран полускапоцен камен. Во народниот накит оваа форма е имитирана во бронза без употреба на уфисиран камен. Бидејќи тој

е редовно лиен, не било можно да се добие фин врат маркиран со четири мали гранулирани зрнца, нив ги замениле со помали, полукружни проширувања, на истото место, на врвот од вратот. Во таа стилизирана форма тој живеел буквално над илјада години. И еден прстен од овој тип, најден во Прилеп, би можел да му припаѓа на секое време на средновековниот Прилеп (сл. 18). Додека не се утврди, по систематски испитувања, врз основа на сигурни податоци, неговиот евентуален развој низ вековите, мораме, барем засега, да се задоволиме со поширок термин: средновековен прстен.

Неколку други прстења од Прилеп, што припаѓаат на поедноставен накит, би можеле да се датираат попрецизно, иако и тие датации се прилично апроксимативни.

Малиот, веројатно детски, бронзен прстен е инспириран, несомнено, од нашите средновековни прстења настанати под готско влијание. Тука се појавува истата издолженост и истата немирна профилација на вратот. Алката е релативно тесна, а има ковексно-правоаголен пресек. При преминувањетв од алката во вратот е врезан рамнокрак крст, чии што краци се шират при краиштата. Над него се наоѓаат две нагласени хоризонтални ребра и дури по нив алката полека се шири и се качува спрема елипсоидната глава, која е украсена со два врезани квадрати, косо поставени, да се допираат со врвовите. Двата квадрата по целата своја површина се украсени со хоризонтални и вертикални линии што се пресекуваат (сл. 19). Прстенот е несомнено народна интерпретација на луксузниот прстен од XIV и XV век, и веројатно настанал некаде во тоа време, зашто оваа форма се губи во подоцнежниот наш накит.

И сребрениот прстен од погруба изработка може да му припаѓа на народниот накит, и изгледа дека е релативно близок до вистинскиот средновековен накит. Тој има алка со тесно-правоаголен пресек, и на неа е налетувана сразмерно голема кружна глава украсена со сосем геометризиран шестолистен цвет (сл. 10). Со својата форма тој се поврзува со прилепскиот печатен прстен со натпис. Неговата изработка е уште погруба и попримитивна, очигледно претставува работа на некој помал златар-занаетчија.

Меѓутоа, малку подоцнежниот сребрен прстен, кој му припаѓа веќе на турскиот период и најпрвин на крајот од XV или првата половина од XVI, век, е работа на занаетчија-златар што го познавал добро својот занает. Алката со конвексно-правоаголен пресек, бавно се шири накај вратот. Пред самиот врат таа е малку здебелена, додека вратот е лесно всечен, малку сплескан и малку поширок одошто целата алка. Тој е украсен со по четири вертикални врезани линии. Од него се крева купеста глава со елипсоидна основа. На главата, во центарот, на новата елипса е врезан орнамент од Соломонов знак, така што изрезаните делови се меѓу орнаментот, а пак самиот орнамент на Соломоновиот знак е во истата површина во која се наоѓа и главата на прстенот. По секоја веројатност малите шуплини меѓу орнаментот некогаш биле пополнети со емајл, од кое не останало ни трага (сл. 21). Оваа форма на прстен, со карактеристична купа на главата, почесто се употребува во нашето златарство од турскиот период кога е во прашање пофин накит. Тогаш и емајлот се користел почесто.

Кон турскиот период припаѓаат уште два предмета од Прилеп: еден украсен предмет и еден привесок.

Украсниот предмет од бронза, со неизедначена сиво-темна патина, со листовидна форма, има излиена претстава со лицето на Исус Христос (IC - XC), а одзади со еден пророк (П Р). Претставата на лицето може да биде и примитивно даденото Распјатие, зашто Христос е претставен не само со раширени раце, туку и неговата облека (само со шамија околу бедрата) го евоцира Распјатието. Ова дело е мошне сведено, рутинирано чисто графички со својот стил потсетува на дрворезите и бакрорезите од попримитивна фактура. Украсениот предмет можеби служел за украсување корици за книги, а може да припаѓал кон XVII или XVIII век.

Кон XVIII век секако припаѓа малиот триаголен привесок со претстава на ангел излиена во бронза (сл. 22).

Извесната, понагласена релјефност на предметот би го ставила на крајот од овој век, доколку не доаѓа и во првите години од XIX век.

Сите метални средновековни и доцносредновековни предмети најдени во Прилеп и во Маркова Варош (а ги користев и двата града како една целост) се вклопуваат во општиот развој на српскиот и македонскиот накит. Тоа е несомнено. Што се однесува пак до улогата на самиот Прилеп во тој развој, засега таа не изгледа исклучива. Изгледа сигурно само едно, дека и Прилеп бил еден од оние наши градови чија што куповна моќ не била само голема, туку и кој имал потреба да користи низа полуксузни изработки, и со тоа им давал поттик и можност на цела низа занаетчии да ги развијат своите можности и од обични мајстори да станат уметнички занаетчии.

Судејќи по количеството на најдените предмети, може да се претпостави уште нешто — дека и Прилеп имал свое развиено занаетчиство, кое, во рамките на општите стремежи, работело објекти што биле на нивото на достигањата на нашето средновековно златарство. А тоа навистина било знатно.

## ИЛУСТРАЦИИ:

1. Крст, реликвијар.
   Висина 8,5, ширина 4,7 см.
   Инв. бр. 819.
2. Бронзен прстен.
   Пречник 2 см.
   Инв. бр. 1542.
3. Бронзен прстен
   Пречник 2 см.
   Инв. бр. 297
4. Бронзен прстен.
   Пречник 1,9 см.
   Инв. бр. 916
5. Обетка од лошо сребро (?).
   Висина 4,9, ширина 2,8 см.
   Инв. бр. 1163
6. Бронзен прстен.
   Пречник 2,4 см.
   Инв. бр. 619.
7. Бронзен прстен.
   Пречник 1,8 см.
   Инв. бр. 1542.
8. Сребрен прстен.
   Пречник 2,3 см.
   Инв. бр. 2550.
9. Сребрен прстен.
   Пречник 2,3 см.
   Инв. бр. 2549
10. Сребен прстен.
    Пречник 2,2 см.
    Инв. бр. 2551.
11. Сребрен прстен.
    Пречник I 2,8, пречник II 2,3 см.
    Инв. бр. 254.
12. Сребрен прстен.
    Пречник 2,2 см.
    Инв. бр. 2548.
13. Сребрен прстен.
    Пречник 2 см.
    Инв. бр. 255.
14. Зрачеста, сребрена, позлатена обетка, детаљ од обработката на ободот.
15. Зрачеста, сребрена, позлатена обетка.
    Висина 7, ширина 7,5 см.
    Инв. бр. 308.
16. Сребрен, позлатен реликвијар.
    Висина 4,4 ширина 3,2, дебелина 0,9 см.
    Инв. бр. 317.
17. Оловен медалјон.
    Пречник 2 см.
    Инв. бр. 857.
18. Бронзен прстен.
    Пречник 2,5 см.
    Инв. бр. 627.
19. Бронзен прстен.
    Пречник I 2,1, пречник II 0,8 см.
    Инв. бр. 1916.
20. Сребрен прстен.
    Пречник 2,4 см.
    Инв. бр. 1900.
21. Сребрен прстен.
    Пречник 2,3 см.
    Инв. бр. 1904.
22. Привесок, бронза.
    Висина 2,2, ширина 3 см.
    Инв. бр. 859.

## QUELQUES EXEMPLES DE PARURE MEDIEVALE DE PRILEP ET MARKOVA VAROŠ.

*Mirjana Čorović-Ljubinković*

Le Musée National de Belgrade possède une riche collection de parure slave dûe soit a de différentes fouilles entreprisent par le Musée, soit aux achats, ou encor aux dons faient par des particuliers. La collection comprend, entre autres, plusieurs exemples de parure provenant de Prilep òu de Markova Varoš achetés des particuliers, sur lesquels les inventaires du Musee ne possèdent qu' une très pauvre documentation donnant surt les circonstances de leurs découverte. C'est pourquois ils ne peuvent ètre étudié et classé que par leurs style.

L'objet le plus ancien du groupe de Prizren et de Markova Varoš appartenant a la dite collection, est une croix-reliquaire sur laqu'elle est gravé un saint inconnu en attitude d'orans (figl). Cette croix appartient au genre d'objets que les pelerins apportaient de la Terre Sainte. Vue son style la croix s'apparente aux oeuvre du X-ème.

Une bague ayant sur le chaton le buste e'un saint inconnu (fig. 2) appartiendrait a la même époque. Le soint n'est dessiné que sommairement. Une autre bague à figure d'archange sur le chaton serait du XII — XIII -ème siècle (fig. 3). Ces deux bagues appartiennent au genre de parure que portaient les fidèles par dévotion en guise des petites icones portatives.

A la parrure slave du XII-ème siècle se ratache une bague executée par la voie de fonte, imitant les bagues plus anciennes en fils tréssée (fig. 4). Il en est de mème avec une autre bague (fig. 6) qui parraît ètre éxécutée d'aprés un modéle slave plus ancien.

Le type des boucles d'oreilles se terminant par un pendant en forme de croix, tel que celui représenté sur la figure 5, est plûtot rare. Il est dû, selon toutes apparences, au goût de quelques ateliers locaus du XII — XIII-ème siècle.

Revenant a la question des bagues, il est intéréssant de noter que parmi les bagues provenant de Prilep, cing portent sur leurs chatons des images d'oiseaux (fig. 7-11), élément décoratif assez courant, mais a se qu'il parraît, en fareur spécialle à Prilep.

Exeption faite de la bague représentée sur la figure 7, qui est du XII-siècle- les autres bagues a oiseaux, appartiennent à notre art du XVI-ème et du début du XV-ème siècle. C'est le même esprit de Styliser les formes que l'on perçoit aussi dans notre peinture murale et dans la décoration plastique de l'époque, òu l'oiseau-ornement est un motif fréquent.

De ces cing bagues une (fig. 11) servait aussi comme sceau. A elle se ratachent deux autres, l'une qui avait le même double usage (fig. 12) tandis que l'autre (fig. 13) servait seulement comme sceau. Le style de la première laisse sentir l'influence du gothique.

Un ensemble d'objets de parure provenant probablement d'une tombe de Markova Varoš, insséré dans la collection du Musée, fut déjà l'dojet d'un article spécial (cf. note 10). Son importance ets capitale pour l'étude de l'orfèvrerie serbe et macédonienne du XIV-ème siècle. L'ensemble appartient a la parure la plus soignée, la mieux faite. Ses qualités artistiques méritent une attention particulière. (fig. 14, 15, 16 et note 10).

Les objets représentés sur les figures 17, 18, 19, 20, 21, 22 imitent les modèles plus riches et plus spatieux. En une partie ils représentent la parure que portait la classe paysane qui cherchait a suivre la mode des classes plus aisées (fig. 18), et d'autre part ils appartiennent a la parure plus tardive de l'époque de l'occupation turque.

Tous les objets trouvés à Prilep et à Markova Varoš Font partie intégrale de la parure serbe et macédonienne du Moyen age. Prilep fut au XIV-ème siècle une ville assez importante et devint dans la seconde moitier du siècle la capitale des Mrnjavčevići; C'est se qui, en partie, explique le fait que les meilleurs exemples de parure traités dans le présent article furent exécutés juste a cette époque, et probablement, par des artistes locaux.



сл. 1



сл. 2



сл. 3



сл. 4



сл. 5



сл. 6



сл. 7



сл. 8



сл. 9



сл. 10



Сл. 11



Сл. 12



Сл. 13



Сл. 14



Сл. 15



Сл. 16



Сл. 17



Сл. 18



Сл. 19



Сл. 20



Сл. 21



Сл. 22

# ЕДЕН НОВ ТИП НА ОБЕТКИ ВО АРХЕОЛОШКИТЕ НАОДИ ВО МАКЕДОНИЈА

*Блага Алексова*

Обетките за кои ќе станува збор во оваа статија ги имаме наречено обетки од типот Курбиново, според првиот проверен наод на вакви примероци откриени под стрчуна контрола крај црквата во село Курбиново.[1])

Обетките од овој тип имаат посебна форма, досега непозната во средновековните наоди на Балканскиот Полуостров, ниту кај дргугите словенски народи. Слични примероци се обетките од Коринт[2]) и Тарсус.[3])

Обетките од овој тип, според досегашните орхеолошки наоди, се појавуваат во неколку варијанти кои се направени од една полукружно свиткана панделка на чиј горен крај е прицврстено тегле. Од надворешната страна панделката е украсена со мали крстови, попречно поставени пластични ребра, со цевчиња и кругови од виткана жица или со топчести јагоди. Според начинот на кој е извиткана панделката, како и според украсите од надворешната страна досега имаме четири варијанти од овој тип обетки. Првиот познат примерок на обетки од типот Курбиново потекнува од непознат локалитет во околината на Прилеп. Оваа обетка, што ја објавува М. Љубинковиќ во претходната статија, е бронзена, направена од полукружно свиткана панделка, која е од надворешната страна украсена со мал крст, а отстрана со мали пластични ребра.

Обетки од овој тип досега се откриени на повеќе места во охридскиот и преспанскиот крај.[4]) Овие обетки стилски, типолошки и по својата техничка изработка наполно се еднакви. Тие меѓусебно се разликуваат единствено по начинот на украсувањето од надворешната страна, според кое и ги поделивме на четири групи.

**I варијанта.** Оваа група ја сочинуваат примероците од с. Курбиново[5]) и локалитетот Дабино во Охрид.[6]) Полукружно свитканата панделка на овие обетки е украсена со по едно пластично ребро и мали крстови на долниот крај. Кон оваа група припаѓа и спомената обетка од Прилепско.[7])

**II варијанта.** Оваа варијанта ја сочинуваат обетките од с. Подмоље Св. Еразмо,[8]) од с. Корошиште[9]) и с. Требениште.[10]) Овие обетки се украсени со по две пластични ребра отстрана и завршуваат: на обетката од Подмоље со тарпезоиден, на наушницата од Корошиште со топчест и на примерокот од Требениште со триаголен завршеток.

**III. варијанта.** На оваа варијанта и Припаѓа обетката од локалитетот Лабино во Охрид,[11]) која според авторот на статијата, има траги од филигрански украс, кој е отпаднат.

---

[1]) Во текот на 1953 година се изведени заштитни конзерваторски работи на црквата Св. Горги во с. Курбиново, Преспанско. При копањето за зацврстување на ѕидовите од надворешната страна на црквата, како и во самата црква, откриени се повеќе средновековни гробови. Гробовите се откопани под раководството на В. Лахтов. За црквата во Курбиново види: Р. Љубинковиќ. Старинар, XV, 1940, 101—123. За наодите В. Лахтов, Раносредновековен накит, Лихнид I, Охрид, 1957, 83—84.

[2]) G. Davidson, Corinth, XII, 1952, New Jersey, № 2052.

[3]) H. Goldman, Tarsus, I, New Jersey, 1950, Objects III, № 48.

[4]) В. Лахтов, о. с. 75

[5]) Ibid., 84, T. VI, 51.

[6]) Ibid., 75, T. III, 31.

[7]) Во збирката на Народниот музеј во Белград под инв. бр. 1163

[8]) В. Лахтов, о. с. 81, Т. В. 44

[9]) Ibid., 81—82. T. V, 45.

[10]) Ibid., 82, T. V, 46.

[11]) Ibid., 76, T. III, 32.

**IV варијанта.** Оваа варијанта ја сочнинуваат две обетки од Дојран,[12]) од кои едната е сребрена а другата изработена од железо.

Сите досега споменати обетки од типот Курбиново, најдени во Охридско и Преспанско, се од раниот средновековен период, како што одбележува и В. Лахтов. Што се однесува до поблиското нивно датирање, на мнение сум во прв ред врз основа на целосните наоди од локалитетот Лабино во Охрид, дека обетките би можеле да се датираат нешто порано, и тоа во времето од IX — X век. Гробните прилози од Лабино се карактерни за наодите од раниот словенски период на големата словенска некропола во Демир Капија,[13]) каде се испитани околу 500 средновековни гроба. Поради тоа на мнение сум дека наодите од Охрид, вклучувајќи ја овде и обетката од Прилеп, би можеле да бидат нешто постари. При крајот на IX и веќе во X век Охрид претставува не само духовен, туку и важен политички и воен центар, каде околу дворецот се собрани голем број феудалци и видни граѓани, кои можеле да носат не само украси од бакар и бронза, туку и од сребро па и со позлата.

Што се однесува до обетките од Дојран, врз основа на соопштувањата од раководителот на ископувањата и самите наоди, на мнение сум дека тие би можеле да се датираат во истиот временски период.

Овој тип обетки што го наоѓаме во раните словенски наоди кај нас во Македонија, и тоа во областите околу Охрид, Струга и Дојран, кои во средниот век биле изложени на силно византиско влијание се изработени под директно влијание на византиската златарска уметност кај нас. Обетки од овој тип досега не се познати во останалите словенски наоди на Балканскиот Полуостров. Како веќе напоменавме, единствени слични примероци се обетките од Тарсус и Коринт. Што се однесува до поменот на Лахтов на обетката од Рижинице[16]) и на онаа од Србија во Сомборскиот музеј,[17]) сметам дека човек само по форма би можел да се излаже и да помисли дека се слични со наодите од Охрид и Преспа, зашто тие примероци воопшто не се од овој тип обетки. Нивниот полукружен дел воопшто не е составен од сплескана панделка, туку кај првите од округла жица украсена со гранулирани и филигрански зрна, додека другиот примерок е поблизок до типот на округлите обетки.

Обетките од типот Курбиново продолжуваат да бидат кај нас во употреба и во полниот среден век. За ова имаме потврда во наодите од XIV — XV век во Демир Капија.[18]) Вакви обетки се откриени во гробот бр. 244 заедно со мешлести обетки, кои ги имаме датирано во XIV — XV век.[19]) Тие се најдени од страните покрај черепот, под чија мандибула е најдено едно турско акче. Обетките се изведени од сплескана бронзена панделка, која е полукружно свиткана, така што отстрана има извесни издадени агли. На панделката однадвор се залепени на 4 места по две мали цевчиња, а на долниот крај се наоѓала топчеста јагода изработена од дебел црвен конец.

Во гробот бр. 340 е најдена само една бронзена обетка од овој тип. На черепот во истиот гроб е најдена и една бронзена дијадема која била пришиена на некаква платнена панделка. Дијадемата е украсена со испрекинати врезани линии со крстови и соларни орна-

---

12) Ископувањата се изведени од В. Соколовска, наодот е во Археолошкиот музеј во Скопје. За увид во овој материјал и благодарам на В. Соколовска.

13) Студијата за Демир Капија преготвена за печат од Б. Алексова. Види: Б. Алексова, Демир Капија, Каталог, Арх. музеј, Скопје 1959.

14) H. Goldman, o. c. но. 48.

15) G. Davidson, o. c. но. 2052.

16) Љ. Караман, РАД, ЈА, 1940, сл. 32, но 8, 9.

17) Уметничка обрада метала, каталог, Београд, 1956, л. 45.

18) Гробот бр. 244 е откриен во дворот северно од црквата, а гробот бр. 340 на испитаните квадрати северно од дворот на црквата. Обата гроба имаат камена конструкција а откопани се 1954 година.

19) Б. Алексова, Округли наушници од Демир Капија, Гласник, Ист. Инст. I, 1957, 47—57.

менти. Обетката е изведена од полукружно свиткана широка панделка однадвор по должината од обете страни украсена со свиткана жица. Теглето на обетката е скршено и од едната страна е уништена и недостига свитканата жица.

Обетките од овој тип најдени во гробовите бр. 244 и 340 во Демир Капија можат со сигурност да се датираат во XIV — XV век, зашто во гробот бр. 244, покрај нив, се најдени и мешлести обетки и акче на султан Мохамед син на Мурат хан, ковано во 1481 година.[20]) Инаку обетките од мешлестиот тип се најдени заедно со округлите обетки, карактерни за наодите на Балканскиот Полуостров за XIII — XIV — XV век. Обетките од гробот бр. 244 би припаѓале, според нашата поделба, на IV варијанта, кон која припаѓа и обетката од Охридско на Т. VI. 62, датирана во XIV век, додека обетката од гробот бр. 340 би припаѓала на III варијанта.

**Заклучок.** 1. Врз основа на досегашните познати наоди, обетки од типот Курбиново се откриени во јужните делови на нашава земја, а во непосредна близина на Грција. Најсеверните точки на ваквите наоди засега се Демир Капија и Прилеп.

2. Обетки од овој тип се појавуваат во наодите од раниот среден век во Охридско, Преспанско, Дојранско и Прилепско а во полниот среден век во Демир Капија и Охридско.

Примероците од раниот среден век се масивни, едноставни, украсени со крстови карактерни за времето, технички претставуаат доста груба изработка зашто се главно изведени од бакар или бронза, освен примерокот од Дојран, кој е изработен од сребро. Обетките од полниот среден век, иако трошни, претставуваат многу убаво изработени примероци од накит украсени со филигранска жица, мали цевчиња и јагоди карактеристични за накитот од ова време.

3. Што се однесува до етничката припадност на овој накит од раниот среден век, мислам дека тој им припаѓа на словенските племиња, кои во IX — X век претставуваат постојано население на Балканскиот Полуостров, на чија територија почнуваат да се формираат и првите словенски феудални држави.

4 Датирањето на обетките од раниот словенски период во IX — X век и подоцна го изведувам врз основа на проверените аналогни наоди од Демир Капија, како и од други наоѓалишта во Македонија. Украсувањето на обетките со крстови е во прилог на ова наше датирање, зашто во времето кога се ширело христијанството кај Словените има можност и на накитот да се поставаат христијански знаци, кои се нарочно застапени кај обетките, каков што е приемрот и со орнаментот во форма на крст на обетката на ктиторката Милица од манастирот Матка крај Скопје. Во последниов случај, за разлика од првиот, Милица и преку крстот на обетката ја манифестира својата верска припадност за време на турското ропство. Во доцноантичкиот период, кога почнува масовно ширење на христијанството, на лучните фибули наоѓаме врезани крстови, цели монограми на христа, па дури и претстави на светци.[21]) На ваков начин украсениот накит имал за цел да укаже дека лицето што го носи верува во христовата вера.

5. Што се однесува до работилниците каде е изработуван овој накит, мислам, врз основа на досегашните иследувања на некрополите во Македонија, тој е изработен во домашни работилници и од домашни мајстори-златари.

6. Типот на обетките Курбиново сметам дека Словените го имаат примено од византија. Вакви обетки, како веќе напоменавме, откриени се во Тарсус и Коринт. Прототипот на овие обетки секако треба да се бара во класичниот грчко-римски период, каде засега не познавам вакви, ниту слични примероци.

---

[20]) Ibid. 55

[21]) Лучни фибули познати уште под името Zwiebelkopffibel или фибули од панонскиот тип карактеристични за доцноантичките наоѓалишта многу се чести во наодите од ова време во Македонија. Фибула од овој тип со Христов монограм е откриена во еден ранохристијански гроб во Демир Капија, слична е позната од Битолско и од Новиедунум, крај Брежице во Словенија. Споменатите фибули се од времето на V—VI век, необјавени.




Сл. II. Трета варијанта: 1. Лабино — Охрид, 2. Демир Капија, 3. Охридско, 4. Tarsus.
Четврта варијанта: 5. Демир Капија, № 1, 2, 3, 5 од XIV—VI в.




Сл. I. Прва варијанта: 1. Лабино—Охрид, 2. с.Курбиново, 3. Прилепско
Втора варијанта: 4. Св. Еразмо, 5. Корошиш те, 6. с. Требениште, сите од IX—X в.




Сл. 4. Демир Капија, обетки од гробот бр. 244



Сл. 3. Демир Капија, обетки во гробот бр. 244.



Сл. 5. Демир Капија, гроб бр. 244, турско акче.
Av: нечитлив Rv: Duribefü ... 886
Av: нечитлив Rv: ковано во ... 886 (1481)



Сл. 6. Демир Капија, обетка од гробот бр. 340

# МАТЕРИЈАЛИ ЗА ИСТОРИЈАТА НА СРЕДНОВЕКОВНОТО СЛИКАРСТВО ВО МАКЕДОНИЈА. II.

## Циклусот страданија апостолски од Св. Софија во Охрид

*П. Миљковиќ-Пепек*

Во Св. Софија во Охрид над ѓакониконт се наоѓа една мала капела со фрагментно зачуван живопис. Овој живопис е малу познат во научниот свет. Со исклучок на испитувањата од страна на покојниот Г. Мије, чии што резултати за жалење, по неговата смрт се објавени само со неколку фотографии,[1]) овој живопис не бил предмет на посебни испитувања. Тешко достапниот влез на оваа капела се до конзерваторските работи и систематските испитувања што започнаа 1950 г. е една од главните причини поради кои овој живопис останал непроучен. Живописот во оваа капела (по форма и димензии блиска на ѓакониконот) е зачуван во апсидата, дел од источниот и западниот ѕид, а особено на северниот ѕид каде што на височина од 2,5 м. од подот се претставени композиции што ги илустрираат страдањата на апостолите. Неоспорно е дека овој циклус претставува целост со двете сцени на источниот ѕид, кој се поврзани и со живописот во апсидата. Така, во циклусот со вкупно 12 композиции може да се следи страдањето на апостолите поединечно за секои од нив, и тоа почнувајќи од западниот дел на северниот ѕид кон исток (сх. I). Композциите се во височина од 1 м и преградени од страна со темно црвена бордура, така што проксимативната должина на секоја композиција изнесува 80 см.[2]).

Во првата композиција (сх. I, 1) зачувана од половината надолу, може да се распознаваат само три фигури. Едната од нив е апостол на средна возраст, претставен во моментот кога две личности го полагаат во саркофаг. Апостолот има хоризонтална положба над саркофагот, облечен во хитон и химатион, со прекрстени раце на градите. Под главата има жолта перница орнаментирана со темно кафеава боја. Саркофагот кој во горниот раб има орнаметика е поставен врз мермерна плоча (сл. 1). Поради тоа што во овој циклус има три претстави слични по својата содржина и композиција (полагање на покојникот во саркофагот), тешко е да се уточни името на овој апостол. Со оглед на анологната сцена во мозаиците на Св. Марко во Венеција, каде една личност го полага апостолот Јаков во саркофаг,[3]) би можело да веруваме дека во една од овие сцени е претставен апостол Јаков. Исто така, може да се верува дека во една од овие три сцени бил претставен и Св. Стефан за кого во „Делата на апостолите“ (VII 2), се вели дека бил оплакан и закопан од побожни луѓе. Таква е сцената Погребение на Св. Стефан во циклусот на „Делата на апостолтие“ од Дечани.[4])

---

[1]) Gabriel Millet, La peinture du Moyen age en Jugoslavie, Paris 1954, album presenté par A. Frolow, pl. XI-1-4, XI I-1.

[2]) Долниот дел на овие фрески нема црвена бордура, туку постојат видливи траги на продолжениот фреско-малтер без живопис, што зборува за постоење на некогашна греда.

[3]) В. Н. Лазарев, История византиской живописи, II Москва 1947, Таб. 242.

[4]) Д-р В. Петковић, Манастир Дечани II, Београд 1941, стр. 43, Табл. CCXLI.

Во продолжение на претходната композиција кон исток постои уништен простор во кои би можело да се постави втората сцена од овој циклус (сх. I, 2). Во третата композиција (сх. I, 3) од која е уништен поголем дел, се распознава една човечка фигура облечена во светло сина облека со шилеста, куса брада. Оваа личност полага еден апостол во саркофаг, придржувајќи го кај нозете. И во четвртата композиција (сх. I, 4), што е подобро зачувана од претходната, се гледа истата содржина на сцената. Тука се претставени три личности како полагаат еден апостол во мермерен саркофаг. Апостолот е излегнат, со прекрстени раце на градите, облечен во светло-син хитон и виолетов химатион. Од личностите што го погребуваат апостолот едната има црвено-кафеава облека и куса коса, а втората жолта облека и куса брада. Од третата личност има само траги од десната рака. Во позадината одлево и оддесно на композицијата е претставена архитектура. Во горниот дел, меѓу архитектурата, има траги од натпис: *KA . . .IKAN . . . NO . . .*

Од посебен интерес е архитектурата на десниот крај, каде се гледа висок ѕид на некој град што завршува од левата страна со валчеста кула. Ѕидовите, зелено обоени, во горниот дел имаат жолт орнаментиран корниз. Во внатрешноста на овој град се наѕира пламен. Оваа индикација би можела да ни помогне за попрецизно идентифицирање на оваа композиција. Пламенот во градот на оваа сцена е елемент што секако ги уточнува настаните по смртта на еден од апостолите. Тоа би требала да биде автентична илустрација на еден текст во кој се зборува за смртта на овој апостол.[5])

На следната композиција (сх. I, 5) — во средината — е претставен апостол свртен на лево со одспреди врзани раце и отсечена глава, што се наоѓа долу, пред него, во жолт ореол. Главата на овој апостол е со затворени очи, високо чело и црна брада. Тој е облечен во син хитон и виолетов химатион. Зад него е џелат од кого се зачувани траги на едната нога со црни чевли и жолто трико. Од десната страна на композицијата има жолто обоена архитектура, облицирана со плочи во долниот дел и син корниз по средината. На левиот крај од композицијата се издига жолто обоен ѕид што во горниот дел завршува со забати. Зад него се гледа црвено обоена кула исто така со забати во горниот дел. За идентифицирање на оваа композиција е доволен наполу зачуваниот натпис со грчки букви во четири реда: φο. . . . κοί. . . . πανλ (ος). . . . επε . . . . од кого се гледа дека тука се работи за смртта на апостол Павле. Неговата смрт речиси е насекаде претставена на ист начин. Во минијатурата на Грегориј од Назијанс (Fol 32 V⁰) апостол Павле е претставен со одзади врзани раце и со џелат што стои зад него, готов да му ја пресече главата.[6]) На композицијата во Матејче апостол Павле е со отсечена, долу паднатa глава,[7]) како и на композицијата во Црквата Св. Никола од 1663 г. во Костур.[8]) (сл. 2, 8).

И покрај тоа што во следната композиција (сх. I, 6) не е зачуван натпис врз основа на типот, начинот на кој е распнат[9]) и тоа што се наоѓа непосредно до апостолот Павле, ние можеме да констатираме дека тука се работи за смртта на апостол Петар. Тој е претставен со бела коса и брада. На косата се гледаат два реда кадрици какви што обично ги среќаваме и кај другите образи на апостол Петар. Петар е распнат на крст со главата надолу. Неговото голо тело е покриено само со превез околу бедрата. На рацете се гледаат клинци со кои е прикован на крст. Неговите очи се отворени. Одлево и од-

---

[5]) За жалење не ми беа достапни апокрифните верзии за Делата и Страдањата на апостолите, каде несомнено пишува за овој настан.

[6]) Dictionnaire d'archéologie chrétienne., T. VI, Paris 1925, fig. 5414.

[7]) Проф. Никола Окунев, Грађа за историју српске уметности. 2. Црква св. Богородице — Матејч, Гласник. СНД, VII — VIII Скопје 1930, стр. 107.

[8]) Σ. Πελεκανιδις, Καστορια, I, Θεσσαλονικη 1953, Πιν. 254 β.

[9]) Метафраст за месец јуни ден 29 пишува дека „Петар ги замоли своите распнувачи да го распнат со главата надолу, почитувајќи го со тоа својот господ". Книга житий свѧтыхъ за мѣсецъ і8ні

десно се издигат две згради што служат како заден план на композицијата. Едната е облицирана со зелени плочи, а втората со жолто-црвеникави и зелено орнаментиран корниз до средината. На горниот дел од десната зграда е префрлена драперија над која се зачувани крајните букви од натписот: ..... *ΧΟΝΡ ... Ν.* (сл. 5, 6).

Во композицијата што се наоѓа до апостолот Петар се гледа еден апостол чиј образ е доста уништен, но кај кој сепак може да се распознава кафеава и размрсена коса (сх. I, 7). За разлика од сите маченишта претставени во овој циклус, тој е распнат на дрво. Дрвото е претставено со симетрично разгранување, по три гранки од секоја страна. Средните гранки се издигаат повисоко и за нив се врзани рацете на овој апостол. Тој е гол, со бел превез околу бедрата. Како втор план на сцената и служи фонот поделен на сина и зелена боја. Налево и надесно се од ореолот зачувани траги од натписи: К... α ...ως | ... Ανδραι(ας).

Судејќи по самиот натпис (иако доста уништен), тука е претставено распнувањето на апостол Андреја. Многу е слично распнувањето на еден апостол претставено на фреските во Матејче. Н. Окунев, кој се обидел поединечно да ги идентифицира композициите од циклусот на Делата и Страдањата на апостолите во Матејче, вели дека за ваква композиција не наоѓа објаснение[10]) што значи тој не укажал за кој апостол се однесува оваа сцена. Навистина во канонските книги, до колку ни е познато, нема многу идентични описанија за неговата смрт.[11]) Смртта на апостол Андреја претставена во минијатурата на Григори од Назијанс нема дури никаков елемент што е содржински близок со сцената во Св. Софија или Матејче. Во минијатурата апостол Анреја стои пред еден џелат со оголени раце што замавнува сабја со десната рака.[12]) Во живописот на костурската црква Св. Никола од 1663 г. смртта на апостол Андреја е претставена така што него го распнуваат врзувајќи го за дрво во форма на крст, бидејќи на него се гледаат гранки.[13]) Овој начин на кој го мачат апостол Андреја сепак е близок до оној од Св. Софија или Матејче, па дури и по експликативната страна на текстот, каде се вели дека Андреја „несака да го заковат со клинци за да не умре побргу, туку врзан висеше за да претрпи по големи маки.“[14]) — (сл. 6).

Следната композиција го претставува апостол Симеон распнат на крст (сх. I, 8). Така е опишана неговата смрт и во книгите каде се вели дека бил распнат во Вританија од неверните. Аналогни претстави наоѓаме во минијатурата на Грегори Назијанс[15]) и во црквата Св. Никола од 1663 г. во Костур.[16]) Апостолот Симеон носи само бел превез околу бедрата, а телото е без животно овиснато на крст. Во лошо зачуваниот образ, на кој се распознава брадата и вискoто чело, се гледа измачен човек во години. Налево и надесно од него има две згради што се издигаат во височина на крстот. Првата зграда е жолто облицирана со син корнис посредината, а втората зелено обоена со орнаментиран корниз. Преку левата зграда е префрлена драперија. Во горниот дел на левата страна е првиот дел од натпис: + καὶ τον....? Σιμων... — (сл.3)

На претпоследната композиција од северниот ѕид (сх. I, 9) е претставен млад, голобрад апостол распнат и прикован за рацете на две згради со главата надолу. Нозете му се врзани за кула, црвено обоена што се издига зад ѕидот со забати. Тој е гол, со превез околу бедрата. Неговите очи се отворени, а ликот мирен и без гримаси што би ја издавале неговата болка. Тука од особен интерес е богато компонирање на архитектурата, која во долниот дел е облицирана. Натписот е многу униш-

[10]) Никола Окунев, op. cit., стр. 108.

[11]) Во книгата со житијата на светците за месец ноември пишува: Разгнѣванъ оубо Бывъ ѐгеатъ повелеѣ на крестѣ распѧти свѧтаго Андрéа, привѧзавше ему руцѣ й нозѣ; не хотѧше бо его привитни гвозд‘ами да нє скорѡ оумретъ но привѧзанъ Висѧ болш8ю мук8 да иматъ.

[12]) Dictionnaire, loc. cit.

[13]) Σ. Πελεκανιδις op cit. Πιν. 256 β.

[14]) Книгѧ житій свѧтыхь за мѣсецъ ноéмврій, loc. cit.

[15]) Dictionnaire, lòc. cit.

[16]) Σ. Πελεκαίδης, op. cit. Πιν, 258 α

тен и се распознаваат следниве букви: СГФIЕ....Δω....МОР....

Во идентифицирањето на оваа сцена ние со право можеме да сметаме дека тука се работи за смртта на апостол Филип. Младиот лик, како и начинот на неговото распнување, се индикации што зборуваат во прилог на горната претпоставка. Ние со поголема сигурност можеме да веруваме во тоа дека тука се работи за смртта на апостол Филип, ако укажеме на аналогната сцена што се наоѓа во минијатурите на Грегори од Назијанс каде што Филип е обесен со главата надолу на еден портик.[17] Изгледа дека за него би требало да се однесува и сцената на еден распнат апостол со главата надолу во Матејче, но староста на апостолот повеќе зборува во прилог на апостол Вартоломеја.[18]) Со мало отстапување, обесен на дрво, овој апостол е претставен во Св. Никола во Костур.[19]) Но, во сосем поинаква верзија за смртта на Филипа е композицијата во мозаиците од Св. Марко во Венеција.[20]) — (сл. 3, 4).

На последната композиција од северниот ѕид (сх. I, 10) е претставен апостол распнат и прикован со клинци на крст. На закованите места се гледа крв. Неговиот лик го претставува како средновечен човек со куса брада и коса, со смирено движење и отворени очи. Тој е гол, покриен само со превез, околу бедрата. Фонтот е поделен на сина и зелена боја, а отстрана има архитектура. Одлево се наоѓа црвено-жолтеникава зграда со син корниз по средината, а оддесно зеленикаво обоена зграда со орнаментиран корниз. Во долниот дел зградите се облицирани, а одозгора имаат префрлена драперија. Над ореолот е испишан натпис со црна боја. Тој е доста уништен во средината, а од страните можат да се прочитаат следниве букви: ВАРΘ..КωОNСКА ..ТАΘ.. Од првите четири букви може да се верува дека тука се работи за смртта на апостол Вартоломеја (Βκρ (θολο)μς). Навистина, за неговата смрт во канонските книги пишува дека тој бил распнат со главата надолу, но за тоа постојат и други верзии. Најблиската верзија на сцената од Св. Софија е илустрираната смрт на Вартоломеја во минијатурата на Григориј од Назијанс каде тој е претставен како виси закован на дрвен лост, хоризонтално поставен.[21]) И тука, сцената на Вартоломеја непосредно следува по смртта на Филипа, што се совпаѓа со циклусот на Св. Софија.[22]) Ова е особено важно поради тоа што укажува на слични извори каде се споменувала нивната заедничка дејност со проповедите во Сирија и Азија. [23]) — (сл. 9).

Овој циклус продолжува, како што рековме, на источниот ѕид со уште две композиции. Тоа може да се заклучи врз основа на остатоците од малтерот што поминува на источниот ѕид (сл. 9) и по содржината и стилската поврзаност на зачуваните траги од двете композиции на овој ѕид. Во првата композиција (сх. I, 11), од која е зачуван десниот дел се гледа еден апостол со отнапреди врзани раце, малку потклекнат. Тој е облечен во син хитон. Во позадината има ридски пејсаж океросто обоен и зелено засенчен. Од овој мал фрагмент тешко е да се каже на кој од апостолите му била посветена оваа композиција. На следната композиција (сх. I, 12), судејќи по трагата од натписот претставен е апостол Тома (Θωμα) (сл. 10), упатен надесно кон еден град. Тој е простум во расчекор на левата нога облечен во темно-син хитон и темно-црвен химатион. Рацете му се поткренати пред себе во височина на градите. Зад апостол Тома, врз лошо зачувани траги, се наѕира уште една фигура што го следи во кусо растојание. Оваа личност е облечена во бел плашт украсен со цветови. Секако, оваа личност во своите раце држи копје со кое го прободува апостолот. Од особена важно тука е потребно да се укаже на композиционата блискост и идентичното завршување на циклусот со сце-

17) Dictionnaire, loc. cit.

18) Никола Окунев смета дека со оглед на тоа што покрај апостол Петар на ист начин биле распнати и апостолите Филип и Вартоломеј. Во Матејче е претставен еден од последните двајца апостоли. op. cit. стр. 108.

19 Σ. Πελεκανιδις. op. cit. Πιν.

20) В. Н. Лазарев, op. cit., Таб. 242.

21) Dictionnaire, loc. cit.

22) Ibid., loc. cit.

23) Житій свѧтихъ за месец јуни, ден 19

ната на страдањето на апостол Тома меѓу нашиот циклус и циклусот во минијатурите на Грегориј од Назијанс.

Живописот во апсидата исто така може да се поврзе со претходните фрески. Во апсидата горе, тешко се распознаваат три образа во попрсја, а долу по два ангела отстрана во цел раст со дискос во едната рака. Трите попрсја во конхата на апсидата можеби ја претставува композицијата Дејсиз, и покрај тоа што е логично да се верува во претставата на Богородица со аранхангелите. Овој циклус композиции од страданијата на апостолите носи во себе занимлива иконографска и стилска целост. Тој, пред се, донесува да се дополнат нашите познанија за варијабилните верзии на апостолските страдања илустрирани во византиското сликарство. Со оглед на тоа што тие резултираат од пишани извори, не помалку донесуваат за нашите познанија и за варијабилните книжевни состави на апостолските страдања во византиската книжевна уметност. Тука се среќаваат илустрации што одговараат на канонските и апокрифните текстови, но за нас е малку веројатно дека овој избор го правел самиот зограф, живописувајќи го циклусот на Страдањата апостолски. За нас е пологично да се верува во целосното пренесување на опишувањата што овој заграф ги сретнал во книга посветена на Страдањата апостолски. Ние сметаме дури дека не би биле далеку од вистината ако искажеме сомнение во тоа дека илустрациите на Страдањата апостолски од Св. Софија можеби се целосно, по редоследот и деталите, пресликани од некоја книга со минијатура. За жалење, до денес не ни се познати претстави со идентични сцени, но една стилска одлика што го содржи овој циклус и постоењето на минијатури посветени на Страдањата на апостолите,[24]) со право индицираат на оваа помисла. Совршената минуциозност во работата на овие фрески го оддава овој уметник како сликар минијатурист или зограф што вешто ги пренесува одликите на минијатурата во фреско-сликање. Тој се служи со тенки четки, извлекувајќи ги линиите на фигурите. Оваа минуциозност особено се гледа во прецизните извлекувања на повеќе линии кај косата и брадата. Но, не помала минуциозност покажува и во сликањето на архитектурата, особено во засенчувањето на мермерните плочи од композицијата каде е претставен апостол Павле, или во орнаментиката на перницата од првата композиција. Оваа постапка на работа ни најмалку не одговара на фреско-сликањето.

Во секоја сцена уметникот се трудел да го одбележи местото каде се одвива дејството. Често ова настојување е прикажано во апстрактна форма, особено во односот на фигурата и архитектурата. И покрај тоа што се настојувало да се претстават небото и земјата син и зелен фон на композициите, темната брановидна површина што се провлекува низ сите композиции во долниот дел оддава една апстрактна алузија за предниот план.[25]) Компонирањето на сцените е секогаш одмерено, лаконски опишано, но јасно искажана содржината, поставувајќи ја главната личност во преден план. Во композициите не се чувствуваат патетичност и силни движења или пак силна драматичност на дејството. Во смртта на апостол Павле уметникот ја претставува крвта и затворените очи на отсечената глава, додека во распјатието на апостолите Петар, Филип и Вартоломеј нивните очи се отворени и само кај некој од нив е претставена крв. Со вкус и смисла за реални пропорции се претставени сите фигури во овој циклус. Драпирањето на хитонот и химатионот од апостол Павле најдобро ги покажува квалитетите на вкусот воздржувањето на човечките форми под облеката.

Во однос на хронологијата, за овој живопис веќе е искажано мислење од

---

[24]) Минијатура со Страдањата апостолски во книгата на Грегориј од Назијанс претставува циклус со дванаесет сцени поединечно за секој апостол.

[25]) Оваа брановидна површина може да се сретне на фреските во Курбиново, Дафни, Монреале, Св. Марко, Нерези, Студеница и др. но, од XIV век таа веќе изчезнува. Р. Љубинковић. Стара црква села Курбинова, Старинар 1940, стр. 119.

страна на Р. Љубинковиќ,[26]) дека тој припаѓа кон втората половина на XII в. и комненовската ренесанса и дека се поврзува со уметноста на нивните споменици во овој дел на Балканот живописот во Богородица Мавриотиса и Св. Врачи во Костур, Св. Георгиј во Курбиново и Св. Панталејмон во Нерези.[27]) Целиот живопис во односот на цртежот, колоритот и другите стилски и иконографски одлики неоспорно го оддава периодот на Комненовците. Но, според мене, овој термин не би смеел безрезервно да се прими поради тоа што денес се знае дека на територијата на Македонија живописот на комненовскиот стил се задржал се до 1271 год.[28]) Тоа ни го покажува новооткриениот манастир Св. Никола во Мариово, каде со право е уочена ретардацијата на палеологовскиот стил и иконографија, што истовремено зборува дека новиот стил на Палеолозите во оваа област се формирал со задоцнување и голема колеблива борба.[29]) Имајќи ги предвид овие факти во однос на живописот од капелата над ѓакониконот во Св. Софија, ние сме склони да веруваме и во една подоцнешна дата. Проучувајќи ја оваа капела, проф. Д. Коцо, врз основа на живописот во неа, ја датира во крајот на XII и првата половина на XIII век.[30]) Овој хронолошки термин е многу поприфатлив и, главно, согласен и со моите испитувања. Во поткрепа на ова мислење би можело да се наведат елементи како што се, на пример, преливните форми на образите кај апостолите Петар и Филип, т. е. отсуството на линеарно решавање кај засенчените делови. Од особена важност е и тоа што овие фрески носат во себе одлики на минијатуристичко сликарство со кое би можело да се верува дека оваа уметност го исполнвуала оној, релативно пасивен, период на латинското царство (1204 — 1261) во Македонија, односно, периодот во кој Македонија се претставува како интранзигентна територија во однос на сликарските новини, чувајќи ја старата традиција во минијатурите или репетирајќи ги во фреско-сликање старите дела. Циклусите сцени со Страдањата апостолски обично се поврзани и со Делата на апостолите. Таков е случај со Палатинската капела во Палермо, Св. Марко во Венеција, Матејче, Дечани и др. Циклус сцени посветени исклучиво само на Страдањата апостолски изгледа имаме поретко. Колку што ми е познато, ваков циклус имаме во минијатурите на Григориј од Назијанс, капелата во Св. Софија и црквата Св. Никола од 1663 год. во Костур. В. Петковиќ, зборувајќи за сцените на Делата апостолски од Дечани, вели дека за нив, изгледа, малку се интересирале уметниците од Византија, па дури тие не биле земени ни во познатиот сликарски прирачник на Дионисиј од Фурна.[31]) Ова мислење на В. Петковиќ е неправилно, бидејќи базира само на прирачникот на Дионисиј од Фурна, каде елидирањето на овој циклус не требало да се земе како мерило на неговиот категоричен заклучок во однос на византиските уметници. Неоспорен е фактот дека во Византија култот спрема апостолите бил доста раширен и ним им биле посветени многу цркви. Но, со оглед на уништените споменици, исчезнале и бројните циклуси за историјата на византиската уметност. Затоа, од оваа гледна точка, циклусот на Страдањата апостолски од капелата на црквата Св. Софија во Охрид спаѓа во редот на значајните циклуси на византиската иконографија, бидејќи тој ги надополнува нашите познавања за мес-

---

[26]) Радивоје Љубинковић, Света Софија у Охриду, Конзерваторски радови на цркви св. Софије у Охриду, Београд 1955, стр. 17.

[27]) Ibid., loc. cit.

[28]) D. Coco et P. Miljković — Pepek, La basilique de St. Nikolas au village Manastir dans la region de Moriovo, Actes du X Congres d'études byzantines, Istanbul 1957, p. 138—140.

[29]) Ibid, монографиіа за овој манастир дадена во печат на Филозофскиот фак. во Скопје.

[30]) Д. Коцо во својата статија: Nouvelles consideration sur l'église de Sainte Sophie à Ohrid, Archaelogia Jugoslavica, II, Beograd MCMLVI, p. 140, зборувајќи за капелата, врз основа на овој живопис ја датира во крајот на XII и првата половина на XIII в. Овој термин е во согласност и со нашите проучувања на живописот.

[31]) В. Петковић, op. cit. стр. 66.

тото што ги заземал култот на апостолите во византиската уметност.

Циклусите, што се во минијатурите на Грегори од Назијанс, овој во Св. Софија или оној во Костур, сите посветени исклучиво на Страдањата, го наметнуваат заклучокот дека би можело да се прихфати, врз основа на претпоставка, дека уметниците во Византија многу повеќе го претпочитувале овој циклус отколку оној каде се претставени сцените на апостолските дела, што изгледа со поголема передилекција било повторувано на Запад.

Статијата е предадена за печат во април 1957 г.


## RÈSUMÈ

### II. MATERIAUX SUR L'ART MACEDONIEN DU MOYEN'AGE

*Le cycle de la passionne des apôtres — Sainte Sophie d'Ohrid*
*P. Miljkovic-Pepek, Musée archéologique. Skopje*

Sur le diaconicon de l'église de Sainte Sophie se trouve une chapelle postérieure dont les fresques sont conservées en fragments (sch. I) .Malgré le manque de certaines signatures on peut identifier les composition grâce à l'analyse iconographique: Sch. I — 1. La mort d'un apôtre, probablement saint Jacques — 2. Une scène détruite — 3. Une scène partiellement conservée — 4. La mort d'un apôtre et son inhumation — 5. La mort de Paul — 6. La mort de Pierre — 7. La mort d'André — 8. La mort de Simon — 9. La mort de Philippe — 10. La mort de Barthélemy — 11. La mort d'un apôtre inconnu — 12. La mort de Thomas.

Dans l'abside se trouvent des restes de trois bustes, probablement la Déisis.

Au point de vue stylistique, ces fresques portent lempreinte des miniatures. Nous pouvons dater ces fresques dans le cadre chronologique du style des Comnènes, ou précisément au deuxème moitié du XII-e siècle. Cependant, il ne serait pas exclu de les dater à cause de leur empreinte de miniatures au debut du XIII-e siècle, pendant cette période rélativement passive en Macédoine qui a résultée de la conquête du Constantinople par les Latins.



Сл. 2



Сл. 3



Сл. 4



Сл. 5



Сл. 6



Сл. 7



Сл. 8



Сл. 9



Сл. 1

Погребување на еден апостол



Сл. 10

Мачењето на апостол Тома




Сх. I

# БЕЛЕШКИ ОД РЕКОГНОСЦИРАЊЕТО ВО СТРУМИЧКИОТ БАЗЕН И ПО ДОЛИНАТА НА ВАРДАР

*Апостол Керамидчиев — Археолошко музеј — Скопје*

Во текот на месец јули 1958 година е извршено археолошко рекогносцирање во Источна Македонјиа и по долината на Вардар. Ова рекогносцирање имаше за цел да се прегледаат локалитетите, што се наоѓаат во Струмичко поле[1]), во подножието на планините Огражден и Беласица, и да се споберат податоци и археолошки материјал од еден терен досега слабо проучуен.

Рекогносцирањето беше финансирано од Археолошкиот музеј во Скопје и во него учествуваа следните лица: Апостол Керамидчиев и Мемед Мехмедовски, кустоси, и Димче Черњаковски, фотограф, службеници во скопскиот Археолошки музеј.

Со цел теренот повеќе да се прегледа и проучи, екипата реши да се раздели на два дела. М. Мехмедовски и Д. Черњаковски беа задолжени да ги обиколат селата во јужниот дел на струмичко поле, а јас да ја обиколам и проучам околината на селата во северниот дел, лево од патот Струмица — Ново Село.

Посетениот терен се покажа многу богат со археолошки наоди и антички локалитети. Посебно внимание заслужуваат локалитетите што се откриени во атарот на селата Дрвош и Ѓечерли. Тука предвид доаѓаат локалитетите што се наоѓаат на тумули, како што се во околината на Дрвош локалитетите Тумба и Уштите и во околината на с. Ѓечерли локалитетот Мала Тумба. Повеќето од одбележаните локалитети се од античко и византиско време. Еден мал дел локалитети остануваат неодредени поради немање на доволно материјални податоци. Во овој број локалитети влегуваат и оние што не можевме да ги посетиме, но за нив собравме податоци од селаните.

Екипата не успеа да открие неолитски населби или друг вид културни праисториски остатоци, освен тоа што собра податоци за едно камено чеканче, кое е најдено близу до село Сушица и за кое известуваат М. и Д. Гарашанин[2]).

Досега не се извршени целостни рекогносцирања на горниот терен. Податоци за некои локалитети во струмичкиот крај се собрани и пбликувани од М. и Д. Гарашанин[3]), а за долината на Вардар од М. Грбиќ[4]).

Освен тоа во месец јули истата година добив задача да го посетам и прегледам теренот што се наоѓа помеѓу

---

1) Во струмичкиот базен, според античките извори, пред и за време на римската власт во Македонија живееле неколку пеонски и трачки племиња.

За најголемата населба на племето Добери, Добер, немаме сигурни податоци и не знаеме каде се наоѓала. Некои (Венедиков, Папазолгу) претпоставуваат дека оваа населба се наоѓала во слрумичкото поле, каде и треба да се бара. Други пак ја локализираат кај Дојран (Müller, Leake) или кај Радовиш (Kiepert). За време на рекогносирањето во струмичкиот базен беа откриени остатоци од рушевини на позначајни населби во околината на град Струмица, и на селата Банско и Дрвош.

2) ЗБОРНИК на Штипскиот народен музеј I, 1958—1959, стр. 73.

3) Ibidem, стр. 73—93.

4) ГЛАСНИК на Музејско конзерв. друштво на НРМ кн. I, Скопје, 1954, 106—110; 115—118; 122—123 и 125.

селата Будур, Чифлик и Тремник, од десната страна на Вардар и околината на с. Башино Село, Т. Велешко.

Површинските наоди, што ги собравме на теренот, се состојат главно од керамични фрагменти и од питоси. Имавме можности да видиме и неколку големи римски питоси во повеќето села и да откупивме и неколку римски и византиски монети. Исто така собравме податоци и за топономастиката на оние локалитети што не ги посетивме, од постарите селани и од органите на народната власт, кои ни помогнаа многу при извршувањето на нашата задача.

Белешките од рекогносцирањето, што ги изнесуваме подолу, се однесуваат само до локалитетите што беа посетени и проучени од А. Керамидчиев. Тие локалитети се подредени хронолошки по епохи и по азбучен ред со името на селото, општината и локалитетот.

## I. АНТИЧКИ НАОЃАЛИШТА

### 1) Струмички базен

ЃЕЧЕРЛИ, Босилово, Мала Тумба

Локалитетот се наоѓа на околу 3 км. северно од селото, на една могила висока во центарот околу 8 метра а кон периферијата се спушта благо кон рамницата. На една површина од околу 10 хектари на самата могила и околу неа се зачувани делови од темелите на стари згради. Насекаде по падините на овој локалитет има многу фрагменти од римска и рановизантиска керамика, делови од питоси и парчиња од градежен материјал. Од ова место, според зборовите на Дињо Ковачев, биле извадени од селаните околу 15 питоси, од кои некои видов во куќите на селото. На поголемиот дел од темелите на ова античка населба биле уништени а материјалот ограбен од селаните и искористен за градење куќи. На местото на темелите денес има многу дупки, кои се сведоци за жестокиот удар што му е нанесен на овој значаен локалитет. Меѓу рушевените најдовме два камени тегови, од кои едниот има форма на пирамида а другиот е плоснат; и двата имаат дупки на горниот крај (тежат 290 и 375 гр.). Во непосредна близина на могилата откај север, судејќи по формата на уништените темели, може да се заклучи дека на ова место постоела некоја стара црква, чиишто градежен материјал е ограбен, а останал уште оној на темелите од олтарот. Во нумизматичката збирка на Народниот музеј во Струмица видовме една остава од 3 бронзени римски монети (едната е кована од Claudius и од 38 исто бронзени монети од рановизантискиот период (Anastasius — Justinianus I). Ова остава била најдена во 1957 год. од еден селанец на „Мала Тумба“.

ДРВОШ, Босилово, Ушите

Локалитетот се наоѓа на околу 1 км. јужно од селото, на една могила со форма на долг гребен и со ориентација кон југ. При посетата на ова место констатиравме траги од некоја античка населба. На еден широк простор со димензии 80 X 200 м се зачувани темелите на стари згради и има фрагменти од римска керамика. Таму најдовме и парчиња од питоси. Според зборовите на В. Велков, на ова место се најдени и неколку бронзени монети.

ДРВОШ, Босилово, Тумба

Помеѓу селото Дрвош и стопанството на с. Хамзали се издигаат неколку могили. На едната од нив, што се наоѓа на околу 3 км западно од селото Дрвош и го носи името Тумба се откопани 2 питоси и неколку керамични садови. Питосите уште се здрави и ги користат за чување на жито.

ДРВОШ, Босилово, Чешмина глава

Локалитетот се наоѓа на околу 2 км источно од селото. Во него изобилуваат парчиња од градежен материјал (тули и керамиди) од римско време. И на ова место се откопани неколку питоси.

ДРВОШ, Босилово, Шичичка Чука

Во нивите на овој локалитет, што се наоѓа на околу 4 км источно од селото, се најдени за време на орање неколку гроба градени со камени плочи. Од гробовите биле извадени надгробни стели со релефи. На еден широк простор во

нивите видовме парчиња од римски керамиди и тули.

ИЛОВИЦА, Босилово, Варница

Неколку питоси се најдени за време на орањето на горната месност, која се наоѓа во непосредна близина на селото од десниот брег на реката Иловичка. Уште можат да се видат на неколку места покрај реката фрагменти од римска грнчарија и парчиња од римски керамиди.

ИЛОВИЦА, Босилово, Црквиште

Локалитетот се наоѓа северо-западно оддалечен на околу 4 км од селото. Според податоците добиени од Илија Стаменов, на ова место се вршени ископувања порано од некои лица дојдени од Белград. Биле пронајдени неколку надгробни стели со релефи и натписи, кои биле однесени во Белград. Не се знае кои биле овие лица ниту што е станало со ископаниот материјал. За овој случај соопштуваат и М. и Д. Гарашанин[5]).

НОВО СЕЛО, Ново село, Градиште

Овој локалитет се наоѓа во планината на околу 4 км северно на патот што води за село Барбарево. Тој зафаќа едно пространство од околу 10 хектари. Таму, на една равнина, се гледаат остатоците од темели на стари згради и фрагменти од римска керамика и керамиди. На северниот дел лево од патот се наоѓа и една некропола.

ПЕТРАЛИНЦИ, Босилово, Гробишта

До влезот на селските гробишта, кои се наоѓаат близу до селото видовме една надгробна стела од мермер. На неа во груб релеф е претставен Тракиот коњаник. Според зборовите на Мито Ичев, горната стела била најдена случајно, кога селаните копале дупки за оградување на гробиштата.

ПЕТРАЛИНЦИ, Босилово, Ранчина

Овој локалитет се наоѓа на 1 км западно од селото и лево од патот Петралинци — Ѓечерли. Таму, во нивата на Мито Ичев, е откопан еден гроб од римско време. Тој е граден со тули и малтер и има димензии: должина 2 м; ширина 0,80 м и длабочина 1 м, а ориентацијата е во источен правец. Близу до гробот делум се откриени контурите на една стара црква. И во нивите блиски до гробот и до црквата најдовме многу фрагменти од римска и рановизантиска керамика. Според кажувањето на М. Ичев и Д. Ковачев, овде многу пати се наоѓани и бронзени монети.

СУШИЦА, Ново Село, Козарник

Излегувајќи од селото по патот за с. Иловица, од десна страна и на околу 500 м далеку се наоѓа месноста со името „Козарник". Таму низ нивите на површина од 5 хектари, се наоѓаат многу фрагменти од керамика од поново време, меѓу кои се среќаваат доста фрагменти од римска керамика. Според зборовите на Стојко Табанов, таму се најдени и неколку монети и питоси. При обиколувањето на местото во источниот дел во една длабока дупка видовме еден скршен питос.

ХАМЗАЛИ, Босилово

За време копање темели за станбени згради на работниците на стопанството „Хамзали", биле откопани 2 големи питоси, кои ги користат денес за чување на жито. Овој локалитет се наоѓа на една ниска могила, на која е изградена населбата на стопанството.

**2) По долината на Вардар (Неготинско)**

БЕСВИЦА, Демир Капија, Кљунот и Бресто

Локалитетот се наоѓа на околу 5 км јужно од селото. Таму се најдени за време на орање 3 големи питоси. Исто и местото „Бресто", што се наоѓа на околу 3 км јужно се откопани и се најдени 3 питоси. Некои од овие питоси ги видовме во куќите на селото.

БУДУР ЧИФЛИК, Демир Капија, Илимов Рид

Локалитетот се наоѓа на околу 2 км источно од селото на една широка падина, која е ориентирана кон запад и во поголемиот дел е зашумена. Овде,

[5]) ЗБОРНИК на Штипскиот нар. музеј стр. 88.

на еден простор 300 X 300 м видовме фрагменти од римска керамика, а на некои места остатоци од темели на стари згради. Според податоците, добиени од дедо Велко Митревски, од горниот локалитет се откопани неколку питоси и помали керамични садови, како и бронзени монети.

БУДУР ЧИФЛИК, Демир Капија, Падината

На овој локалитет, кој се наоѓа во непосредна близина до Илимов рид, оддалечен од селото само 2 км при ригање на лозјата се откопани неколку водоводни цевки од стар водовод. Изгледа дека овој водовод е во врска со населбата, чии траги се констатирани кај Илимов Рид. Податоците ги добив од В. Митревски и од Лазо Донов. При посетата на ова место видовме парчиња од римски керамиди и тули.

ВЕШЈЕ, Неготино, Јагнила

Неколку монети (едната од Faustina mater) се најдени во нивите на оваа месност, која се наоѓа на околу 2 км западно од селото, од Стојанка Кулева. При посетата на овој терен најдовме мал број парчиња од римски керамиди.

ВЕШЈЕ, Неготино, Кочање

Локалитетот се наоѓа на околу 3 км северно од селото. Таму се откопани 2 питоси. Едниот од овие питоси, кој наполно е зачуван го видовме во куќата на Блаже Дамчев. Тој има димензии: висина 1,47 м и ширина 1,10 м. На него има печат со натпис, но тој е многу излижан, така да не може да се прочита.

ГОРНИ ДИСАН, Неготино, Градот

На околу 2 км јужно од селото на еден висок рид се зачувани остатоци од ѕидишта на една укрепена населба, по сета веројатност од римско време. Според кажувањето на Јане Наков, на ова место се најдени пред 10-тина години монети, глинени садови, питоси и една сребрена чаша. При посетата на овој локалитет видовме темели од одбранбени ѕидишта, што оградуваат еден простор 50 X 50 м, како и парчиња од римски керамиди.

ДОЛНИ ДИСАН, Неготино, Капината,

На овој локалитет се најдени околу 15 питоси, од кои неколку наполно зачувани видовме во куќите на селото. При обиколувањето на местото видовме низ нивите фрагменти од римска керамика како и римски покривни керамиди.

ДОЛНИ ДИСАН, Неготино, Качеви Грамади

И на овој локалитет се најдени питоси и бронзени римски монети од III и IV век (M. Antonius и автономни на Constantinopolis) и се откопани и два римски гроба, од кои се извадени неколку надгробни споменици. Овие споменици пред II светска војна биле донесени во Скопје. При посетата на ова место видовме голем број парчиња од римски керамиди и тули.

ДОЛНИ ДИСАН, Неготино, Орле

Локалитетот лежи на 5 км југозападно од селото. Таму, за време орање, се најдени неколку монети, од кои едната е кована во Стоби во 3 век н. ера, со легенда на реверсот Municipium Stobensium (Каракала).

ДОЛНИ ДИСАН, Неготино, Падарницата

Според податоците добиени од Атанас Огњанов, на ова место, кое лежи на 2 км западно од селото е откопан еден гроб, во кој се најдени 2 надгробни споменици со рељефи и натписи. Овде е најден и еден фрагмент од мермерна шишарка кого го видовме во дворот на осмолетката на селото.

ДОЛНИ ДИСАН, Неготино, Džоджова Чешма

И на овој локалитет се откопани, во 1935 година, надгробни споменици со рељефи. Некои од нив се наоѓаат во лапидарјумот на скопскиот Археолошки музеј[7]).

---

[6]) Во околината на село Долни Дисан се зачувани многу археолошки остатоци (локалитети и разновиден археол. материјал) кои убедливо зборуваат дека на ова место за време на римската империја постоела една значајна населба.

[7]) Вулиќ публикувал многу надгробни споменици, што се најдени во атарот на село Д. Дисан и што потекнуваат од римско време.

НЕГОТИНО, Неготино, Чанка Чешма

Во источниот дел на град Неготино, во чешмата што го носи горното име, видовме еден голем фрагмент од мермерен фриз. Според кажувањето на Ване Антов, овој фриз бил изваден од една нива што се наоѓа само на 50 м од чешмата. Во нивата се среќаваат мал број парчиња од римски керамиди.

ТРЕМНИК, Неготино, Романков Гроб

На овој локалитет, кој се наоѓа околу 200 метри јужно од селото, е откопан еден гроб, од кој се извадени 2 надгробни споменици. Во непосредна близина до гробот видовме остатоци од темели на стара зграда и парчиња од римски керамиди.

ТРЕМНИК, Неготино, Чаири

На околу 800 м северно од селото се издига висок рид со доминантна положба над околината и на патот што води покрај Вардар од Стоби во јужен правец. Неговиот врв претставува прилично равно плато, кое служи денеска за пасиште. Само од запад ридот се сврзува со други ридишта додека од другите страни е многу стрмен. Во источниот крај на ридот се зачувани темелите на некогаш одбранбени ѕидишта. Речиси на сите страни околу ѕидиштата има многу камења од урната тврдина.

### 3) По долината на Вардар (Т. Велешко)

БАШИНО СЕЛО, Т. Велес, Кале

На лево од автомобилниот пат Т. Велес — Скопје на околу 3 км источно од селото се издига доминантно високиот рид што се вика Кале. Тој има многу згодна стратегиска положба. Од неговата северна страна, во близината на врвот, се зачувани остатоци од ѕидишта на една тврдина, во чија внатрешност со пречник 120 метри има урнатини од стари згради и фрагменти од римска и рановизантиска керамика и од покривни керамиди и тули.

БАШИНО СЕЛО, Т. Велес, Теке

Во нивата на Славе Симеонов, која се наоѓа на горната месност на околу 4 км источно од селото и околу 1 км од с. Отовица, при орање е најдена една нумизматичка остава од 25 бронзени рмиски и рановизантиски монети. Повеќето од овие монети се многу оштетени. Од зачуваните примероци едни се ковани во IV — V век, а други за време на Anastasius — Justinianus I.

## II. СРЕДНОВОКОВНИ И ПОНОВИ НАОГАЛИШТА

### 1) Струмички базен

ЃЕЧЕРЛИ, Босилово, Мала Тумба

На овој локалитет, како што наведувам погоре (антички наоѓалишта) се зачувани темелите на една црква. Околу неа се среќаваат фрагменти од средновековна керамика.

ДРВОШ, Босилово, Градиште

Овој локалитет лежи на околу 3 км северно од селото и се наоѓа високо во планината. Таму се најдени остатоци од средновековни керамички садови како и темели на една црква.

ИЛОВИЦА, Босилово, Крива Топола

На овој локалитет, што лежи на околу 3 км северозападно од селото видовме фрагменти од византиска и турска керамика. Според кажувањето на Илија Стаменов во нивите на ова место често се наоѓале и чанкасти монети.

ПЕТРАЛИНЦИ, Босилово, Ранчина

И на ова место, кое е познато како античко наоѓалиште (види погоре) се откриени делгм контурите на една црква и се најдени и рановизантиски монети (Justinianus I) како и фрагменти од средновековна керамика.

### 2) По долината на Вардар (Неготинско)

БАШИНО СЕЛО, Т. Велес, Кале

Фрагменти од рановизантиска керамика и парчиња од градежен материјал се среќаваат во внатрешноста на тврдината (види погоре во антички наоѓалишта), која се наоѓа на врвот на еден рид помеѓу Башино Село и с. Отовица.

БАШИНО СЕЛО, Т. Велес, Теке

При орање во нивата на Славе Симеонов, која се наоѓа на ова место, се најдени освен римски и рановизантиски монети ковани за време на Anastasius — Justinianus I (види погоре во антички наоѓалишта).

БУДУР ЧИФЛИК, Демир Капија, Желковец

На ова место, што лежи на околу 2 км јужно од селото има стари гробишта и урнатини од една црква, по сета веројатност од турско време.

ВЕШЈЕ, Неготино, Ракето

И на ова место, кое се наоѓа на околу 2 км јужно од селото видовме урнатини од една црква и во непосредна близина до неа гробишта. Според кажувањето на Адем Адемов и најстарите луѓе од селото не знаат ништо за оваа црква.

ТРЕМНИК, Неготино, Црквиште

Локалитетот се наоѓа во самото село, на горниот крај, каде уште се зачувани урнатини од една црква. При обиколувањето на ова место видовме неколку ари, столбови и делови од нив, пиластри, капители и бази. Поголемиот дел од овој материјал му припаѓаат на некој римски храм и бил искористен како материјал при изградбата на оваа урната црква. Некои капители имаат ранохристијанска декорација (крст). Источно од урнатините, во дворот на џамијата, се наоѓа една мермерна ара со грчки натпис. Според зборовите на Цветко Ристов, близу до рушевените бил откопан еден тунел, граден со тули и малтер, сега затрупан. Со помошта на еден селанец од рушевените на црквата извадивме една ара, на која е вклесан еден букранион.

## III. НАОГАЛИШТА ОД НЕОДРЕДЕНО ВРЕМЕ

### 1) Струмички базен

ДРВОШ, Босилово, I Градиште

Локалитетот се наоѓа на околу 2 км северно од селото, на една голема височина. Таму се чувани темели од згради, градени со камен и кал. Податоците ги добив од Васил Велков.

ДРВОШ, Босилово, II Градиште

На околу 3 км североисточно од селото, високо и доминантно се издига висок рид. На него, според зборовите на В. Велков, се зачувани остатоци од една тврдина, чии ѕидови се правени со камен и малтер. На неколку места се зачувани и делови од ѕидовите, што достигнуваат до 2 метри височина.

ИЛОВИЦА, Босилово, Белина

На ова место (околу 3 км северно од селото) видовме остатоци од темели на згради, но поради немање други материјални податоци, не може да се каже од кое време се.

ИЛОВИЦА, Босилово, Крива Топола

Според податоците, добиени од Илија Стаменов, на ова место на едно големо пространство има голем број керамиди и тули.

СВИДОВИЦА, Струмица, Клисе

Локалитетот се наоѓа на околу 3 км јужно од селото, каде се откопани пред 4 години 2 гроба, кои по надворешните белези, не можат да се одредат од кое време потекнуваат.

СУШИЦА, Ново Село, Градиште

На ова место, според кажувањето на Спасе Стоилов, се среќаваат остатоци од темели на згради. Ова место се наоѓа источно од селото.

СУШИЦА, Ново Село, Грнчар

Од овој локалитет, кој се наоѓа североисточно на околу 4 км од селото е откопан еден питос и други помали керамични садови.

СУШИЦА, Ново Село, Тумба

Локалитетот се наоѓа на околу 3 км северно од селото. На ова место, според кажувањето на Спасе Стоилов, низ нивите се среќаваат остатоци од темели на згради, градени со камен и малтер. Исто биле откопани и 3 гроба, во кои немало никакви наоди.

**2) По долината на Вардар (Неготинско)**

БЕСВИЦА, Демир Капија, Ано

Според кажувањето на Мустафа Сулејманов, на горната месност (околу 2 км источно од селото) на едно мало пространство има многу парчиња од керамиди и тули и остатоци од темели на зграда.

БУДУР ЧИФЛИК, Демир Капија, Смреките

На ова место, во непосредна близина на селото од левата страна на реката Бошавица, се откопани темелите на една стара зграда, градени со камен и глина.

ДОЛНИ ДИСАН, Неготино, Манастириште

Според зборовите на Атанас Огњанов, на ова место (околу 5 км западно од селото) се наоѓаат остатоци од некоја стара зграда, како и парчиња од керамиди и тули.

ДОЛНИ ДИСАН, Неготино, Вошли Дол

На оваа месност, која се наоѓа на околу 5 км југозападно од селото се откопани стари гробови и во нив се најдени монети, од кои едната сребрена.

НЕГОТИНО, Неготино, Чучуров Рид

И на овој локалитет се откопани 5 гроба, кои биле оградени со големи плочи. Во нив имало наполно распаднати скелети. Податоците ги добив од Никола Таланков.

ТИМЈАНИК, Неготино, Провалиште

На овој локалитет, што лежи на околу 3 км јужно од селото, е откопан еден голем питос и се најдени неколку бронзени монети. Горните податоци ги добив од Илија Ефремов.

ТРЕМНИК, Неготино, Атанасица

Според кажувањето на Ристо Цветков на ова место, кое лежи на околу 500 метри јужно од селото се наоѓаат многу парчиња од градежен материјал на едно големо пространство. На истото место се најдени и неколку монети, но не се знае од која епоха потекнуваат, бидејќи тие се изгубени.

## ПОЕДИНЕЧНИ И КОЛЕКТИВНИ НАОДИ НА МОНЕТИ ВО 1957 ГОДИНА

*Ап. Керамитчиев — Археолошки музеј — Скопје*

СКОПЈЕ. — Во нумизматичката збирка на скопскиот Археолошки музеј влезе една бронзена монета, варварска имитација од непознат локалитет. На AV е претставена глава на сатир а на RV има лак, стрела и натпис ΠΑΝΤΙ [ΚΑΠΑΙΤΩΝ] од III век пред н. е. B. Head Istoria Numorum, Oxford, p. 281. Монетата е добро зачувана.

КРУПИШТЕ (Штипско). — Работници од ПТТ, копајќи дупки за телефонски столбови во близината на с. Крупиште — Штипско, нашле на 2 метра длабоко во земјата една сребрена тетрадрахма, кована во Атина за време на архонтот Полемон Алкет (164 г. пред н. е.). На AV таа има легенда гравирана глава на божицата Атена со шлем на главата и украсен назад со грива, а на RV е претставена фигурата на сова, застаната на истркалена амфора со две дршки и со натпис ΑΘΕ-ΠΟΛΕΜΩΝ-ΑΛΚΕΓΗ-ΣΤΙΝΩΝ (B. Head, p. 383). Монетата е добро зачувана.

ДЕЛЧЕВО. — За нумизматичката збирка на скопскиот Археолошки музеј беа подарени од тројца службеници на Тутунскиот монопол на гр. Делчево две бронзени монети, најдени во близината на Тутунскиот монопол. Едниот примерок, добро зачуван, е кован во I век кога царувал император Вителии (Мушмовъ, Античнитѣ монети на Балканския полуостровъ, София стр. 349).

КУМАНОВО. — Купени се од жителот на гр. Куманово Б. Веселинов четири бронзени монети, за кои не се знае од каде произлегуваат нити приликите при кои се најдени. Изгледа дека потекнуваат од разни локалитети околу реката Пчиња. Еден примерок од тие монети е со името на Фаустина I (141), други два примерока се кована во колонијата Виминациум (с. Костолац, Србија) од кои едниот припаѓа на Гордијан III (238-244), а другиот Филип — татко (244-249) и еден примерок е од времето на Диоклецијан (284-305). Сите се добро зачувани.

ТАВОР (Скопско). — Никола Симеонов од с. Тавор копајќи дупки за да посади овошни дрвја во својата нива, што се наоѓа во близината на селото, нашол една бронзена монета со името на император Комод. (H. Cohen, Discription historique des monnaies frappées sous l'empire romain, III, p. 313.) со добро запазена површина. Монетата е откупена за збирката на Скопскиот Археолошки музеј.

СТРУМИЦА. — Во близината на гр. Струмица, покрај градските гробишта, била извадена, за време на поројни дождови, една бронзена монета со името на императорот Пробус (277-282). Таа монета со добро зачувана површина можев да ја видам кај Стојан Тиквешански.

СКОПЈЕ. — Александар Манасиев од Скопје ми покажа една бронзена монета кована за време на императорот Диоклецијан. Не е познато каде е најдена.

ДРЕНОВО (Кавадарско). — Петре Стојанов, жител на с. Дреново — Кавадарско, за време на орање, нашол една бронзена монета од доцноримско време со името на Константин I (306 — 337).

РАШТАНИ (Т. Велешко). — Близу до с. Раштани — Т. Велешко, кај месноста „Мраморени", биле најдени од Киро Настев, во еден антички гроб, четири бронзени монети од III — IV век. Три од нив се ковани за време на императорот Макцимијан — Hercule (286 — 305) и една од Константин I. Овие монети се откупени за збирката на скопскиот Археолошки музеј.

ЗОВИЌ (Битолско). — Во земјиштето на с. Зовиќ, при копање на ново лозје, биле најдени од Рампе Неделковски, на 0.80 м. длабоко во земјата, две бронзени монети од доцноримско време. Едниот примерок е кован за времецарувањето на Констас II (353-361), а другиот е автономна монета на Рим од истото време. И двете се зачувани добро.

ГЛУХОВО (Т. Велешко). — Близу до с. Глухово, кај месноста „Камин Мост", била најдена од Стефо Томашевски една бронзена монета со добро зачвуана легенда од императорот Констанс II.

ОРЕШ (Т. Велешко). — Петре Арсовски жител на гр. Т. Велес, нашол под една карпа во близината на с. Ореш една бакарна монета со името на Јустинијан I (527-565).

БАШИНО СЕЛО (Т. Велешко). — Славе Лазов Симеонов, од с. Башино Село, при орање кај месноста „Теке" нашол еден наод со 25 бронзени монети. Од овие само 13 примероци можевме да идентифизираме. Другите се многу повредни. Идентифицираните монети, кои се откупени за збирката на Археолошкиот музеј — Скопје, припаѓаат на императори од III — IV век. Меѓу нив има една автономна на гр. Константинополис.

Адреса: Археолошки музеј — Скопје
пошт. фах 151
Adresa: Musée archéologique — Skopje
Jugoslavija, cas post. № 151

Печатница „Нова Македонија" — Скопје
Порачка бр. 1418 тираж 700 примерка